
Article 2
Législation à laquelle l'Accord s'applique

1. Le présent Accord s'applique à la législation suivante :

1) pour la République de Macédoine :

la *Loi sur les pensions et l'assurance invalidité* et les règlements qui en découlent;

2) pour le Canada :

(1) la *Loi sur la sécurité de la vieillesse* et les règlements qui en découlent,
(2) le *Régime de pensions du Canada* et les règlements qui en découlent.

2. Sous réserve des dispositions du paragraphe 3, le présent Accord s'applique également aux lois et aux règlements qui modifient, complètent, unifient ou remplacent la législation visée au paragraphe 1.

3. Le présent Accord s'applique de plus aux lois et aux règlements qui étendent la législation d'une Partie à de nouvelles catégories de bénéficiaires ou à de nouvelles prestations sauf objection d'une Partie communiquée à l'autre Partie pas plus de trois mois après l'entrée en vigueur desdites lois et desdits règlements.

Article 3
Personnes à qui l'Accord s'applique

Le présent Accord s'applique à toute personne qui est ou qui a été assujettie à la législation de l'une ou des deux Parties, ainsi qu'à d'autres personnes dont les droits proviennent de cette personne.

Article 4
Égalité de traitement

Toute personne visée à l'article 3 est soumise aux obligations de la législation de l'autre Partie et est admise aux bénéfices de ladite législation aux mêmes conditions que les citoyens de cette dernière Partie.

Article 5
Versement des prestations à l'étranger

1. Sauf dispositions contraires du présent Accord, les prestations payables aux termes de la législation d'une Partie à toute personne visée à l'article 3, y compris les prestations acquise aux termes du présent Accord, ne soubisse aucune réduction, ni modification, ni suspension ou suppression du seul fait que ladite personne se trouve sur le territoire de l'autre Partie, et ladite prestation est versée quand ladite personne se trouve sur le territoire de l'autre Partie.

2. Toute prestation payable aux termes du présent Accord à une personne qui est ou qui a été assujettie à la législation des Parties, ou aux personnes dont les droits proviennent de cette personne, est versée quand ladite personne, ou les personnes, se trouvent sur le territoire d'un État tiers.

TITRE II
DISPOSITIONS RELATIVES À LA LÉGISLATION APPLICABLE

Article 6
Règles générales

Sous réserve des articles 7 à 10 :

1) Tout travailleur salarié travaillant sur le territoire d'une Partie n'est assujetti, relativement à ce travail, qu'à la législation de ladite Partie;

2) Tout travailleur autonome qui réside sur le territoire d'une Partie et qui travaille à son propre compte sur le territoire de l'autre Partie ou sur le territoire des deux Parties n'est assujetti, relativement à ce travail, qu'à la législation de la première Partie.

Article 7
Détachements

Tout travailleur salarié qui est assujetti à la législation d'une Partie et qui travaille sur le territoire de l'autre Partie au service du même employeur ou d'un employeur apparenté est assujetti, relativement à ce travail, uniquement à la législation de la première Partie comme si ce travail s'effectuait sur son territoire. Lorsqu'il s'agit d'un détachement, cet assujettissement ne peut être maintenu pendant plus de 60 mois sans l'approbation préalable des autorités compétentes desdites Parties.

Article 8
Équipages de navires

Toute personne qui, à défaut du présent Accord, serait assujettie à la législation des Parties relativement à un emploi comme membre de l'équipage d'un navire est assujettie, relativement à cet emploi, uniquement à la législation du Canada si elle réside sur le territoire du Canada, et uniquement à la législation de la République de Macédoine dans tout autre cas.

Article 9
Emploi au service du gouvernement et emploi semblable

1. Nonobstant toute disposition du présent Accord, les dispositions relatives à la sécurité sociale de la *Convention de Vienne sur les relations diplomatiques* du 18 avril 1961 et de la *Convention de Vienne sur les relations consulaires* du 24 avril 1963 continuent à s'appliquer.

2. Une personne à l'emploi du gouvernement d'une Partie qui est affectée à un poste sur le territoire de l'autre Partie est, à l'égard de cet emploi, assujettie uniquement à la législation de la première Partie.

3. Sous réserve des dispositions des paragraphes 1 et 2, une personne qui réside sur le territoire d'une Partie et qui occupe un emploi au sein du gouvernement de l'autre Partie est assujettie uniquement à la législation de la première Partie pour ce qui est de cet emploi.

Article 10
Exceptions

Les autorités compétentes des Parties peuvent, d'un commun accord, modifier l'application des dispositions des articles 6 à 9 à l'égard de toute personne ou de toute catégorie de personnes.

Article 11
Définition de certaines périodes de résidence à l'égard de la législation du Canada

1. Aux fins du calcul du montant des prestations aux termes de la *Loi sur la sécurité de la vieillesse* :

   1) si une personne est assujettie au *Régime de pensions du Canada* ou au régime général de pensions d'une province du Canada pendant une période quelconque de présence ou de résidence en République de Macédoine, ladite période est considérée comme une période de résidence au Canada relativement à ladite personne; elle est également considérée comme une période de résidence au Canada relativement à l'époux ou au conjoint de fait et aux personnes à sa charge qui demeurent avec elle et qui ne sont pas assujettis à la législation de la République de Macédoine en raison d'emploi ou de travail autonome;

   2) si une personne est assujettie à la législation de la République de Macédoine pendant une période quelconque de présence ou de résidence au Canada, ladite période n'est pas considérée comme une période de résidence au Canada relativement à ladite personne;

elle n'est pas non plus considérée comme une période de résidence au Canada relativement à ladite personne ainsi qu'à son époux ou au conjoint de fait et aux personnes à sa charge qui demeurent avec elle et qui ne sont pas assujettis au *Régime de pensions du Canada* ou au régime général de pensions d'une province du Canada en raison d'emploi ou de travail autonome.

2. Aux fins de l'application du paragraphe 1 :

1) une personne est considérée assujettie au *Régime de pensions du Canada* ou au régime général de pensions d'une province du Canada pendant une période quelconque de présence ou de résidence en République de Macédoine uniquement si ladite personne verse des cotisations au régime en question pendant ladite période en raison d'emploi ou de travail autonome;

2) une personne est considérée assujettie à la législation de la République de Macédoine pendant une période de présence ou de résidence au Canada uniquement si ladite personne verse des cotisations obligatoires aux termes de ladite législation pendant ladite période en raison d'emploi ou de travail autonome.

TITRE III
DISPOSITIONS CONCERNANT LES PRESTATIONS
SECTION 1
TOTALISATION

Article 12
Périodes aux termes de la législation du Canada et de la République de Macédoine

1. Si une personne n'a pas droit au versement d'une prestation vu l'insuffisance de périodes admissibles aux termes de la législation d'une Partie, le droit de ladite personne au versement de ladite prestation est déterminé par la totalisation desdites périodes et de celles spécifiées aux paragraphes 2 à 4, pour autant que lesdites périodes ne se superposent pas.

2. 1) Aux fins de déterminer le droit à une prestation aux termes de la *Loi sur la sécurité de la vieillesse* du Canada, une période admissible aux termes de la République de Macédoine est considérée comme une période de résidence sur le territoire du Canada;

2) Aux fins de déterminer le droit à une prestation aux termes du *Régime de pensions du Canada*, une année civile comptant au moins 3 mois qui sont des périodes admissibles aux termes de la législation de la République de Macédoine est considérée comme une année admissible aux termes du *Régime de pensions du Canada*.

3. Aux fins de déterminer le droit à une pension de vieillesse aux termes de la législation de la République de Macédoine :

1) une année civile qui est une période admissible aux termes du *Régime de pensions du Canada* est considérée comme 12 mois admissibles aux termes de la législation de la République de Macédoine;

2) un mois qui est une période admissible aux termes de la *Loi sur la sécurité de vieillesse* du Canada et qui ne fait pas partie d'une période admissible aux termes du *Régime de pensions du Canada* est considéré comme un mois admissible aux termes de la législation de la République de Macédoine.

4. Aux fins de déterminer le droit à une prestation d'invalidité ou à une prestation de survivant aux termes de la législation de la République de Macédoine, une année civile qui est une période admissible aux termes du *Régime de pensions du Canada* est considérée comme 12 mois admissibles aux termes de la législation de la République de Macédoine.

Article 13
Périodes aux termes de la législation d'un État tiers

1. Si une personne n'a pas droit à une prestation en fonction des périodes admissibles aux termes de la législation des Parties, totalisées conformément à l'article 12, le droit de ladite personne à ladite prestation est déterminé par la totalisation desdites périodes et des périodes admissibles aux termes de la législation d'un État tiers avec lequel les Parties sont liées par des instruments de sécurité sociale prévoyant la totalisation de périodes.

2. Si seule la République de Macédoine est liée par un accord avec un État tiers, le droit des citoyens de la République de Macédoine à une prestation aux termes de la législation de la République de Macédoine est déterminé par la totalisation des périodes admissibles aux termes de la législation de cet État tiers, sauf disposition contraire dudit accord.

Article 14
Période minimale à totaliser

Nonobstant toute autre disposition du présent Accord, si la durée totale des périodes admissibles accumulées par une personne aux termes de la législation d'une Partie est inférieure à une année et si, compte tenu de ces seules périodes, le droit à une prestation n'est pas acquis aux termes de la législation de ladite Partie, l'institution compétente de ladite Partie n'est pas tenue, aux termes du présent Accord, d'accorder des prestations à ladite personne au titre desdites périodes.

SECTION 2
PRESTATIONS VERSÉES AUX TERMES DE LA LÉGISLATION DU CANADA

Article 15
Prestations aux termes de la *Loi sur la sécurité de la vieillesse*

1. Si une personne a droit à une pension ou à une allocation en vertu de la *Loi sur la sécurité de la vieillesse* uniquement suite à l'application des dispositions relatives à la totalisation énoncées à la section 1, l'institution compétente du Canada détermine le montant de la pension ou de l'allocation payable à ladite personne conformément aux dispositions de ladite Loi qui régissent le versement de la pension partielle ou de l'allocation, uniquement en fonction des périodes de résidence au Canada admissibles aux termes de ladite Loi.

2. Le paragraphe 1 s'applique également à une personne qui est hors du Canada et qui a droit à une pension intégrale au Canada, mais qui n'a pas résidé au Canada pendant la période de résidence minimale exigée par la *Loi sur la sécurité de la vieillesse* pour le versement d'une pension hors du Canada.

3. Nonobstant toute autre disposition du présent Accord :

   1) une pension de la Sécurité de la vieillesse est versée à une personne qui est hors du Canada uniquement si les périodes de résidence de ladite personne, totalisées conformément à la section 1, sont au moins égales à la période minimale de résidence au Canada exigée par la *Loi sur la sécurité de la vieillesse* pour le versement d'une pension hors du Canada;

   2) une allocation et un supplément de revenu garanti sont versés à une personne qui est hors du Canada uniquement dans la mesure permise par la *Loi sur la sécurité de la vieillesse*.

Article 16
Prestations aux termes du *Régime de pensions du Canada*

Si une personne a droit à une prestation uniquement suite à l'application des dispositions relatives à la totalisation énoncées à la section 1, l'institution compétente du Canada détermine le montant de la prestation payable à ladite personne comme suit:

   1) la composante liée aux gains de la prestation est calculée conformément aux dispositions du *Régime de pensions du Canada*, uniquement en fonction des gains ouvrant droit à pension crédités aux termes dudit Régime;

2) la composante à taux uniforme de la prestation est déterminée en multipliant:

(1) le montant de la composante à taux uniforme de la prestation déterminé conformément aux dispositions du *Régime de pensions du Canada*

par

(2) la fraction qui exprime le rapport entre les périodes de cotisation au *Régime de pensions du Canada* et la période minimale d'admissibilité à ladite prestation aux termes dudit Régime, mais ladite fraction n'excède en aucun cas cas la valeur de un.

SECTION 3
PRESTATIONS AUX TERMES DE LA LÉGISLATION DE LA RÉPUBLIQUE DE MACÉDOINE

Article 17
Montant de la prestation payable

1. Si une personne est admissible à une pension en vertu de la législation de la République de Macédoine, le montant de la pension est calculé exclusivement en fonction des dispositions de la législation de la République de Macédoine.

2. Si une personne est admissible à une pension seulement en raison de l'application des dispositions sur la totalisation énoncées à la section 1, l'institution compétente de la République de Macédoine:

   1) calcule le montant théorique de la prestation qui serait versée si les périodes admissibles totalisées aux termes de la législation de la République de Macédoine et aux termes de la législation du Canada ont été accumulées uniquement en vertu de la législation de la République de Macédoine; et

   2) en se fondant sur le montant théorique calculé conformément à l'alinéa 1), détermine le montant réel de la prestation payable en appliquant le rapport entre la durée des périodes admissibles accumulées aux termes de la législation de la République de Macédoine et les périodes admissibles totales accumulées aux termes de la législation de la République de Macédoine et aux termes de la législation du Canada.

3. Les dispositions de la loi macédonienne sur les pensions et l'assurance-invalidité qui régissent la pension minimale garantie continuent à s'appliquer aux personnes qui résident à l'extérieur du territoire de la République de Macédoine.

TITRE IV
DISPOSITIONS ADMINISTRATIVES ET DIVERSES

Article 18
Arrangement administratif

1. Les autorités compétentes des Parties concluent un arrangement administratif qui fixe les modalités requises à l'application du présent Accord.

2. Les organismes de liaison des Parties sont désignés dans ledit arrangement.

Article 19
Échange de renseignements et assistance mutuelle

1. Les autorités et institutions compétentes chargées de l'application du présent Accord :

   1) se communiquent, dans la mesure où la législation qu'elles appliquent le permet, tout renseignement requis aux fins de l'application de cette législation;

   2) s'offrent leurs bons services et se fournissent mutuellement assistance aux fins de la détermination du droit à toute prestation ou du montant de toute prestation aux termes du présent Accord ou aux termes de la législation à laquelle le présent Accord s'applique, tout comme si ladite question touchait l'application de leur propre législation;

   3) se transmettent mutuellement, dès que possible, tout renseignement concernant les mesures adoptées par celles-ci aux fins de l'application du présent Accord ou les modifications apportées à leur législation respective dans la mesure où lesdites modifications influent sur l'application du présent Accord.

2. L'assistance visée à l'alinéa 1.2) est fournie gratuitement, sous réserve de toute disposition comprise dans l'arrangement administratif conclu selon les dispositions de l'article 18 concernant le remboursement de certaines catégories de frais.

3. Sauf si sa divulgation est requise aux termes des lois d'une Partie, tout renseignement relatif à une personne transmis conformément au présent Accord à ladite Partie par l'autre Partie est confidentiel et ne peut être utilisé qu'aux seules fins de l'application du présent Accord et de la législation à laquelle le présent Accord s'applique.

Article 20
Exemption ou réduction de taxes, de droits, de frais ou de charges

1. Toute exemption ou réduction de taxe, de droits judiciaires, de droits de chancellerie ou de frais administratifs prévue par la législation d'une Partie, relativement à la délivrance d'un certificat ou d'un document requis aux fins de l'application de ladite législation, est étendue aux certificats ou aux documents requis aux fins de l'application de la législation de l'autre Partie.

2. Tout document à caractère officiel requis aux fins de l'application du présent Accord est exempté de toute légalisation par les autorités diplomatiques ou consulaires et de toute autre formalité similaire.

Article 21
Langue de communication

Aux fins de l'application du présent Accord, les autorités et les institutions compétentes des Parties peuvent communiquer directement entre elles en macédonienne, en anglais ou en français.

Article 22
Présentation d'une demande, d'un avis et d'un appel

1. Les demandes, avis et appels touchant le droit à une prestation ou le montant d'une prestation aux termes de la législation d'une Partie qui, aux termes de ladite législation, auraient dû être présentés dans un délai prescrit à l'autorité compétente ou à l'institution compétente de ladite Partie, mais qui sont présentés dans le même délai à l'autorité ou à l'institution de l'autre Partie, sont réputés avoir été présentés à l'autorité ou à l'institution compétentes de la première Partie. La date de présentation des demandes, avis ou appels à l'autorité ou à l'institution de l'autre Partie est considérée être la date de présentation à l'autorité ou à l'institution compétentes de la première Partie.

2. Sous réserve de la deuxième phrase du présent paragraphe, une demande de prestation aux termes de la législation d'une Partie, présentée après l'entrée en vigueur du présent Accord, est réputée être une demande de prestation correspondante aux termes de la législation de l'autre Partie, à condition que le requérant, au moment de la demande :

   1) demande qu'elle soit considérée comme une demande aux termes de la législation de l'autre Partie, ou

2) fournisse des renseignements indiquant que les périodes admissibles ont été accomplies aux termes de la législation de l'autre Partie.

La phrase susmentionnée ne s'applique pas si le requérant a demandé que sa demande de prestations aux termes de la législation de l'autre Partie soit différée.

3. Dans tous les cas où les dispositions des paragraphes 1 ou 2 s'appliquent, l'autorité ou l'institution qui a reçu la demande, l'avis ou l'appel le transmet sans tarder à l'autorité ou à l'institution de l'autre Partie.

Article 23
Versement des prestations

1. L'institution compétente d'une Partie verse les prestations aux termes du présent Accord à un bénéficiaire résidant dans le territoire de l'autre Partie ou d'un État tiers dans une devise qui a libre cours.

2. Les institutions compétentes des Parties versent les prestations prévues aux termes du présent Accord directement aux bénéficiaires sans faire de retenue pour leurs frais administratifs.

Article 24
Résolution de différends

1. Les autorités compétentes des Parties s'engagent, dans la mesure du possible, à résoudre tout différend relatif à l'interprétation ou à l'application du présent Accord conformément à son esprit et à ses principes fondamentaux.

2. Les Parties se consultent sans délai à la demande d'une Partie concernant tout sujet qui n'a pas été résolu par les autorités compétentes conformément au paragraphe 1.

Article 25
Ententes avec une province du Canada

L'autorité concernée de la République de Macédoine et une province du Canada peuvent conclure des ententes portant sur toute matière de sécurité sociale relevant de la compétence provinciale au Canada pour autant que ces ententes ne soient pas contraires aux dispositions du présent Accord.

TITRE V
DISPOSITIONS TRANSITOIRES ET FINALES

Article 26
Dispositions transitoires

1. Toute période admissible accomplie avant la date d'entrée en vigueur du présent Accord est prise en considération aux fins de déterminer le droit à une prestation aux termes du présent Accord ainsi que de son montant.

2. Aucune disposition du présent Accord ne confère le droit de toucher une prestation pour une période antérieure à la date d'entrée en vigueur du présent Accord.

3. Sous réserve des dispositions du paragraphe 2, une prestation, autre qu'une prestation forfaitaire, est versée aux termes du présent Accord à l'égard d'événements antérieurs à la date d'entrée en vigueur du présent Accord.

Article 27
Durée et dénonciation

1. Le présent Accord demeure en vigueur sans limitation de durée. Il peut être dénoncé en tout temps par l'une des Parties par notification écrite à l'autre Partie avec un préavis de 12 mois.

2. En cas de dénonciation du présent Accord, conformément au paragraphe 1 du présent article, l'Accord continue à s'appliquer aux personnes qui :

   1) à la date de dénonciation recevaient des prestations; ou

   2) avant l'expiration de la période mentionnée dans ce paragraphe, ont présenté une demande et auraient été admissibles à des prestations en vertu du présent Accord.

Article 28
Entrée en vigueur

Le présent Accord entre en vigueur le premier jour du quatrième mois suivant le mois au cours duquel chaque Partie a reçu de l'autre Partie une notification écrite par voie diplomatique indiquant qu'elle s'est conformée à toutes les exigences relatives à l'entrée en vigueur du présent Accord.

EN FOI DE QUOI, les soussignés, dûment autorisés à cet effet par leur Gouvernement respectif, ont signé le présent Accord.

FAIT en deux exemplaires à Ottawa, ce 26e jour de août 2009 dans les langues macédonienne, anglaise et française, chaque texte faisant également foi.

POUR LA RÉPUBLIQUE DE MACÉDOINE

POUR LE CANADA

Член 3

Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија се определува како надлежен орган што ќе се грижи за извршување на овој договор.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

L I G J

PËR RATIFIKIMIN E MARRËVESHJES NDËRMJET REPUBLIKËS SË MAQEDONISË DHE KANADASË PËR SIGURIM SOCIAL

Neni 1

Ratifikohet Marrëveshja ndërmjet Republikës së Maqedonisë dhe Kanadasë për sigurim social, e nënshkruar në Otavë, më 26 gusht 2009.

Neni 2

Marrëveshja në origjinal, në gjuhën maqedonase, angleze dhe frënge, është si vijon:

Neni 3

Fondi për Sigurim Pensional dhe Invalidor i Maqedonisë, përcaktohet si organ kompetent që do të kujdeset për zbatimin e kësaj Marrëveshjeje.

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

3.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА ДОГОВОРОТ МЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И СЛОВАЧКАТА РЕПУБЛИКА ЗА ОДБЕГНУВАЊЕ НА ДВОЈНОТО ОДАНОЧУВАЊЕ И ЗА ЗАШТИТА ОД ФИСКАЛНА ЕВАЗИЈА ПО ОДНОС НА ДАНОЦИТЕ НА ДОХОД И НА КАПИТАЛ

Се прогласува Законот за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Словачката Република за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на даноците на доход и на капитал,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 4 февруари 2010 година.

Бр. 07-592/1
4 февруари 2010 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Ѓорге Иванов, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н

ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА ДОГОВОРОТ МЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И СЛОВАЧКАТА РЕПУБЛИКА ЗА ОДБЕГНУВАЊЕ НА ДВОЈНОТО ОДАНОЧУВАЊЕ И ЗА ЗАШТИТА ОД ФИСКАЛНА ЕВАЗИЈА ПО ОДНОС НА ДАНОЦИТЕ НА ДОХОД И НА КАПИТАЛ

Член 1

Се ратификува Договорот меѓу Република Македонија и Словачката Република за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на даноците на доход и на капитал склучен во Братислава на 5 октомври 2009 година.

Член 2

Договорот во оригинал на македонски, словачки и англиски јазик, гласи:

ДОГОВОР

МЕЃУ
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
И
СЛОВАЧКАТА РЕПУБЛИКА

ЗА ОДБЕГНУВАЊЕ НА ДВОЈНОТО ОДАНОЧУВАЊЕ И ЗА ЗАШТИТА ОД ФИСКАЛНА ЕВАЗИЈА ПО ОДНОС НА ДАНОЦИТЕ НА ДОХОД И НА КАПИТАЛ

Република Македонија и Словачката Република, со желба да склучат договор за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на даноците на доход и на капитал

се договорија за следново:

Член 1
ЛИЦА НА КОИ СЕ ПРИМЕНУВА ДОГОВОРОТ

Овој договор ќе се применува на лицата кои се резиденти на едната или на двете држави договорнички.

Член 2
ДАНОЦИ НА КОИ СЕ ПРИМЕНУВА ДОГОВОРОТ

(1) Овој договор ќе се применува на даноците на доход и на капитал кои ги воведува државата договорничка или нејзините политички поединици или локални власти, независно од начинот на кои тие се наплатуваат.

(2) Под даноци на доход и на капитал се сметаат сите даноци кои се воведуваат на вкупниот доход, вкупниот капитал, или на делови на доходот или на капиталот, вклучувајќи ги и даноците на добивка од отуѓување на подвижен или недвижен имот, даноците на вкупните износи на платите или надоместоците кои ги исплатуваат претпријатијата, како и даноците на прираст на капиталот.

(3) Постојните даноци на кои ќе се применува овој договор се:

а) во Македонија:

(i) персонален данок на доход;
(ii) данок на добивка;
(iii) данок на имот;

(во натамошниот текст "македонски данок");

б) во Словачка:

(i) данок на доход на физички лица;
(ii) данок на доход на правни лица;
(iii) данок на недвижен имот;

(во натамошниот текст "словачки данок").

(4) Овој договор ќе се применува исто така и на секој ист или суштински сличен данок кој ќе се воведе по склучувањето на овој договор покрај или наместо постојните даноци. Надлежните органи на државите договорнички ќе ги соопштуваат една на друга позначајните промените кои ги имаат извршено во нивните даночни закони.

Член 3
ОПШТИ ДЕФИНИЦИИ

(1) За потребите на овој договор, освен ако во контекст на ова не се бара поинаку:

а) изразот "Македонија", ја означува територијата на Република Македонија, на која според македонското законодавство и во согласност со меѓународното право, се спроведуваат суверените права на Република Македонија;

б) изразот "Словачка", ја означува Словачката Република и употребен во географска смисла, ја означува нејзината територија, во рамките на која Словачката Република ги спроведува нејзините суверени права и јурисдикција, во согласност со правилата на меѓународното право;

в) изразите "држава договорничка" и "друга држава договорничка" означуваат Македонија или Словачка, зависно од смислата;

г) изразот "лице" означува физичко лице, правно лице и друштво на лица;

д) изразот "друштво" означува секое правно лице или целина која се третира како правно лице за даночни цели;

ѓ) изразот "претпријатие" се користи за вршење на секаква дејност;

е) изразот "претпријатие на државата договорничка" и "претпријатие на другата држава договорничка" означува претпријатие со кое управува резидент на државата договорничка и претпријатие со кое управува резидент од другата држава договорничка;

ж) изразот "дејност" вклучува извршување на професионални услуги и други активности од независен карактер;

з) изразот "меѓународен сообраќај" означува секој превоз со брод, воздухоплов, чамец, железничко или друмско возило кој го врши претпријатие чие седиште на стварна управа се наоѓа во државата договорничка, освен ако тој превоз се одвива исклучиво помеѓу места кои се наоѓаат во другата држава договорничка;

ѕ) изразот "државјанин" означува:

(i) секое лице кое поседува државјанство на државата договорничка;
(ii) секое правно лице, партнерство или асоцијација кое таквиот свој статус го остварува според важечките закони на државата договорничка;

и) изразот "надлежен орган" означува:

(i) во Македонија, Министерството за финансии, односно негов овластен претставник;
(ii) во Словачка, Министерството за финансии, односно негов овластен претставник.

(2) Кога државата договорничка го применува овој договор, во било кое време, секој израз кој што не е дефиниран со договорот ќе има значење, освен ако контекстот не бара поинаку, според законот на таа држава кој се однесува на даноците на кои овој договор се применува. Секое значење според даночните закони на таа држава кои се во сила, има предност во однос на значењето кое на тој израз му го даваат другите закони на таа држава.

Член 4
РЕЗИДЕНТ

(1) Изразот "резидент на државата договорничка", за потребите на овој договор, означува секое лице, кое според законите на таа држава,

подлежи на оданочување во таа држава по основ на живеалиште, престојувалиште, место на основање, седиште на управување или друг критериум од слична природа, и исто така ја вклучува таа држава и било која политичка подединица или локални власти. Но, овој израз не вклучува лица кои подлежат на оданочување само за доходот од извори во таа држава или капиталот кој се наоѓа во таа држава.

(2) Кога според одредбите на ставот 1, физичко лице е резидент на двете држави договорнички, неговиот статус се определува на следниот начин:

а) ќе се смета дека е резидент само на државата во која има постојано место на живеење; ако има постојано место на живеење во двете држави, ќе се смета дека е резидент само на државата со која неговите лични и економски врски се потесни (средиште на животни интереси);

б) доколку не може да се определи државата во која има средиште на животни интереси, или ако ни во една држава договорничка нема постојано место на живеење, ќе се смета дека е резидент само на државата во која има вообичаено место на живеење;

в) ако има вообичаено место на живеење во двете држави договорнички или нема ниту во една од нив, ќе се смета дека е резидент само на државата чиј е државјанин;

г) ако е државјанин на двете држави или на ниту една од нив, надлежните органи на државите договорнички ќе го решат прашањето по пат на заеднички договор.

(3) Кога, во согласност со одредбите на ставот 1, лицето, освен физичкото, е резидент на двете држави договорнички, се смета дека е резидент само на државата во која се наоѓа седиштето на неговата стварна управа.

Член 5
ПОСТОЈАНА ДЕЛОВНА ЕДИНИЦА

(1) Изразот "постојана деловна единица" за потребите на овој договор, означува постојано место на активност преку кое претпријатието го врши потполно или делумно своето работење.

(2) Изразот "постојана деловна единица"означува особено:

а) седиште на управата;

б) филијала;

в) деловница;

г) фабрика;

д) работилница, и

ѓ) рудник, извор на нафта или гас, каменолом или друго место на искористување на природните богатства.

(3) Изразот "постојана деловна единица" исто така означува:

а) Градежните локалитети или градењето или инсталационите проекти, само доколку тие траат подолго од дванаесет месеци;

б) извршувањето на услуги, вклучително консултантските и менаџерските услуги, од страна на претпријатие преку вработените или друг персонал ангажиран од претпријатието за таа намена, но само доколку активностите од таа природа (за ист или поврзан проект) се извршуваат во државата за период или периоди кои вкупно надминуваат 183 дена во рамките на било кој дванаесетмесечен период.

(4) По исклучок на претходните одредби на овој член, под изразот "постојана деловна единица" не се подразбира:

а) користењето на објектите исклучиво со цел за складирање, изложување или испорака на добра или стоки кои му припаѓаат на претпријатието;

б) одржување на залихи на добра или стоки кои му припаѓаат на претпријатието исклучиво со цел за складирање, изложување или испорака;

в) одржување на залихи на добра и стоки кои му припаѓаат на претпријатието исклучиво со цел да бидат преработени од друго претпријатие;

г) одржување на утврденото деловно место на работење исклучиво со цел за купување на добра или стоки или за прибирање на информации за претпријатието;

д) одржување на утврденото деловно место исклучиво со цел за вршење на било кои други активности кои имаат подготвителен или помошен карактер за претпријатието;

ѓ) одржување на утврденото деловно место исклучиво со цел за вршење на активностите наведени во точките од а) до д), доколку целокупната активност на утврденото деловно место што ќе настане од оваа комбинација е од подготвителен или помошен карактер.

(5) По исклучок на одредбите од став 1 и 2 од овој член, кога лице - освен застапник со независен статус на кого се применува одредбата од ставот 6, делува во име на претпријатие и има и вообичаено користи во државата договорничка, овластување да склучува договори во име на претпријатието, ќе се смета дека тоа претпријатие има постојана деловна единица во таа држава во поглед на сите активности кои тоа лице ги презема за претпријатието, освен ако активностите на тоа лице се ограничени на активностите наведени во ставот 4 од овој член, кои доколку би се вршеле преку утврденото деловно место, не би го правеле тоа утврдено деловно место како постојана деловна единица согласно одредбите на тој став.

(6) Не се смета дека претпријатието има постојана деловна единица во другата држава договорничка само поради тоа што во таа држава ги врши своите активности преку посредник, генерално ополномоштен застапник или друг претставник со самостоен статус, ако овие лица делуваат во рамките на своите редовни деловни активности.

(7) Фактот што едно друштво кое е резидент на државата договорничка контролира или е под контрола на друштво кое е резидент на другата држава договорничка, или кое го врши работењето во таа друга држава (било преку постојана деловна единица или на друг начин), само по себе не значи дека едно друштво може да постане постојана деловна единица на другото друштво.

Член 6
ДОХОД ОД НЕДВИЖЕН ИМОТ

(1) Доходот кој резидент на државата договорничка го остварува од недвижен имот (вклучувајќи го и доходот од земјоделство и шумарство) кој се наоѓа во другата држава договорничка ќе се оданочи во таа друга држава.

(2) Изразот "недвижен имот" го има истото значење како во законите на државата договорничка во која се наоѓа предметниот имот. Овој израз во секој случај ги опфаќа и придружните добра кои му припаѓаат на недвижниот имот, сточниот фонд и опремата која се користи во земјоделството и шумарството, правата на кои се применуваат општите одредби за сопственоста на земјиштето, плодоуживање на недвижностите и правата на променливите или постојаните плаќања како надоместок за работата, или за правото да се извршува работата, на минералните наоѓалишта, изворите и другите природни богатства. Бродовите, чамците, воздухопловите, железничките и друмските возила нема да се сметаат за недвижен имот.

(3) Одредбите од ставот 1 ќе се применуваат на доходот кој ќе се оствари од непосредно користење, изнајмување или друг начин на користење на недвижниот имот.

(4) Одредбите од ставовите 1 и 3 ќе се применуваат и на доходот од недвижниот имот на претпријатијата.

Член 7
ДОБИВКА ОД ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ

(1) Добивката на претпријатието на државата договорничка ќе се оданочува само во таа држава, освен во случај кога претпријатието врши дејност во другата држава договорничка преку постојана деловна единица која се наоѓа таму. Ако претпријатието врши дејност според горенаведениот начин, добивките на претпријатието можат да се оданочуваат во другата држава, но само за оној износ кој и се припишува на таа постојана деловна единица.

(2) Во зависност од одредбите од ставот 3, кога претпријатието на државата договорничка врши дејност во другата држава договорничка преку постојана деловна единица која таму се наоѓа, во секоја држава договорничка на таа постојана деловна единица и се припишува добивката која би можела да се оствари доколку би била одвоено и посебно претпријатие кое врши иста или слична дејност под исти или слични услови и како да делувала потполно самостојно од претпријатието чија е постојана деловна единица.

(3) При утврдување на добивката на постојаната деловна единица, како одбитоци се признаваат трошоците кои се извршени за потребите на постојаната деловна единица, вклучувајќи ги и трошоците на управување и општите административни трошоци, било во државата во која се наоѓа постојаната деловна единица или на друго место.

(4) Доколку е вообичаено во државата договорничка добивката која се припишува на постојаната деловна единица да се одредува врз основа на распределбата на вкупната добивка на претпријатието на неговите посебни делови, одредбата од ставот 2 не ја спречува таа држава договорничка со таквата вообичаена распределба да ја одреди добивката која се оданочува. Усвоениот метод на распределба треба да биде таков што резултатот ќе биде во согласност со начелата кои се содржани во овој член.

(5) Добивката нема да и се припише на постојаната деловна единица ако таа само купува добра или производи за претпријатието.

(6) За потребите на претходните ставови, добивката која се припишува на постојаната деловна единица се определува со ист метод

од година во година, освен ако постои оправдана и доволна причина да се постапи поинаку.

(7) Кога добивката ги опфаќа поодделните приходи кои се регулираат со посебни членови од овој договор, одредбите од овој член не влијаат на одредбите на тие членови.

Член 8
МЕЃУНАРОДЕН СООБРАЌАЈ

(1) Добивката на претпријатието на државата договорничка остварена од работење во меѓународен сообраќај со бродови, воздухоплови, чамци, железнички или друмски возила, ќе се оданочи само во државата договорничка во која се наоѓа седиштето на стварната управа на претпријатието.

(2) Ако седиштето на стварната управа на претпријатието кое се занимава со поморски сообраќај се наоѓа на брод или чамец, тогаш се смета дека тоа се наоѓа во државата договорничка во која се наоѓа матичното пристаниште на бродот или чамецот, или, ако не постои такво матично пристаниште, тогаш се смета дека се наоѓа во државата договорничка во која корисникот на бродот е резидент.

(3) Одредбите од ставот 1 се применуваат и на добивката остварена од учество во пул, заедничко вложување или меѓународна деловна единица.

Член 9
ПОВРЗАНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

(1) Кога

а) претпријатие на државата договорничка учествува непосредно или посредно во управувањето, контролата или капиталот на претпријатието на другата држава договорничка, или

б) исти лица учествуваат непосредно или посредно во управувањето, контролата или капиталот на претпријатието на државата договорничка и на претпријатието на другата држава договорничка,

и ако и во двата случаи, помеѓу тие две претпријатија во нивните трговски или финансиски односи се создадени или наметнати услови различни од условите кои би биле создадени помеѓу самостојни претпријатија, добивката која би настанала за едно од претпријатијата, кога не би постоеле тие услови, или поради тие услови не настанала,

може да биде вклучена во добивката на тоа претпријатие и соодветно оданочена.

(2) Кога државата договорничка ја вклучува во добивката на претпријатието од таа држава, и ја оданочува соодветно, добивката за која претпријатието од другата држава договорничка било оданочено во таа држава, а вклучената добивка од првоспоменатата држава ќе се смета дека е добивката која би била остварена од претпријатието од првоспоменатата држава ако условите создадени помеѓу двете претпријатија се како помеѓу самостојни претпријатија, тогаш таа друга држава ќе направи соодветно прилагодување на износот на данокот утврден на таа добивка. При одредувањето на ваквото прилагодување, ќе се води сметка и за другите одредби од овој договор и доколку е потребно надлежните органи на државите договорнички ќе се консултираат една со друга.

Член 10
ДИВИДЕНДИ

(1) Дивидендите кои ги исплатува друштво кое е резидент на државата договорничка на резидентот на другата држава договорничка се оданочуваат во таа друга држава.

(2) Меѓутоа, таквите дивиденди можат да се оданочат и во државата договорничка чиј резидент е друштвото кое ги исплатува дивидендите во согласност со законите на таа држава, но ако стварниот корисник на тие дивиденди е резидент на другата држава договорничка, обложениот данок не може да надмине повеќе од 5 проценти од бруто износот на дивидендите.

Овој став не влијае на оданочувањето на добивката на друштвото од која дивидендите се исплатуваат.

(3) Изразот "дивиденди", употребен во овој член го означува доходот од акции или други права на учество во добивката кои не се побарувања на долгови, како и друг доход кој по однос на оданочувањето има ист третман како и доходот од акциите според законите на државата чиј резидент е друштвото кое врши исплата.

(4) Одредбите од ставовите 1 и 2 нема да се применуваат ако стварниот корисник на дивидендите, резидент на државата договорничка, врши дејност во другата држава договорничка чиј резидент е друштвото кое ги исплатува дивидендите преку постојана деловна единица која се наоѓа во таа држава, а правото по однос на кое дивидендите се платени е стварно поврзано со таквата постојана деловна единица. Во тој случај соодветно ќе се применуваат одредбите на член 7.

(5) Кога друштвото кое е резидент на државата договорничка остварува добивка или доход од другата држава договорничка, другата држава не може да воведе данок на дивидендите кои ги исплатува друштвото, освен ако тие дивиденди се исплатени на резидентот на другата држава или ако правото врз основа на кое се исплаќаат дивидендите е стварно поврзано со постојана деловна единица која се наоѓа во таа друга држава, ниту нераспределената добивка на друштвото да ја оданочува со данок на нераспределените добивки на друштвото, дури и ако дивидендите се исплатени или нераспределената добивка потполно или делумно се состои од добивката или доходот кои настанале во таа друга држава.

Член 11
КАМАТА

(1) Каматата која настанува во државата договорничка а стварниот корисник е резидент од другата држава договорничка се оданочува во таа друга држава.

(2) Меѓутоа, оваа камата може исто така да биде оданочена и во државата договорничка во која настанува, во согласност со законите на таа држава, но ако стварниот корисник на каматата е резидент на другата држава договорничка, така обложениот данок не може да надмине 10 проценти од вкупниот износ на каматата.

(3) Изразот "камата" употребен во овој член означува доход од побарувања на секаков вид долг, независно од тоа дали се обезбедени со хипотека и дали на основа на нив се стекнува право на учество во добивката на должникот, и посебно на хартии од вредност на владата и доход од обврзници или други видови на обврзници, вклучувајќи ги и премиите и наградите на тие хартии од вредност или обврзници. Казнените камати платени за задоцнети плаќања не се сметаат за камати за потребите на овој член. Изразот "камата" не означува било кој дел од доходот кој се смета за дивиденда според одредбите од став 3 на член 10.

(4) Одредбите на ставовите 1 и 2 нема да се применуваат ако стварниот корисник на каматата кој е резидент на државата договорничка, го врши своето работење во другата држава договорничка во која настанала каматата, преку постојана деловна единица која се наоѓа во таа држава, а побарувањето на долгот на кое се плаќа камата е стварно поврзано со таа постојана деловна единица. Во тој случај се применуваат одредбите на член 7.

(5) Ќе се смета дека каматата настанала во државата договорничка кога исплатувачот е резидент на таа држава. Меѓутоа, кога лицето кое плаќа камата, без оглед на тоа дали е резидент на државата договорничка или не, има во таа држава договорничка постојана деловна единица во врска со која се јавува побарувањето на кое се плаќа камата, а таквата

камата се исплаќа на товар на постојаната деловна единица, ќе се смета дека таквата камата настанува во државата договорничка во која постојаната деловна единица се наоѓа.

(6) Кога износот на каматата поради посебните односи помеѓу исплатувачот на каматата и стварниот корисник или помеѓу нив и трето лице, имајќи го во вид побарувањето на долгот за кој таа се плаќа, го надминува износот кој би бил договорен помеѓу исплатувачот и стварниот корисник, при непостоење на такви односи, одредбите од овој член ќе се применуваат само на последно споменатиот износ. Во таков случај, вишокот на платениот износ ќе се оданочи согласно со законите на секоја држава договорничка, при што ќе се земат во предвид и другите одредби од овој договор.

Член 12
ПРИХОДИ ОД АВТОРСКИ ПРАВА

(1) Приходите од авторски права кои настануваат во државата договорничка а стварниот корисник е резидент на другата држава договорничка се оданочуваат во таа друга држава.

(2) Меѓутоа, овие приходи од авторски права можат да се оданочат и во државата договорничка во која се остариле во согласност со законите на таа држава, но ако стварниот корисник на авторските права е резидент на другата држава договорничка, така обложениот данок не може да надмине 10 проценти од бруто износот на приходите од авторски права.

(3) Изразот "приходи од авторски права" употребен во овој член, означува плаќање на било кој вид примање за користење, или право на користење, било кое право на авторско право за книжевно, уметничко или научно дело, вклучувајќи ги кинематографските филмови и филмовите или лентите за телевизија и радио или друг вид на визуелна и звучна репродукција, патент, заштитен знак, дизајн или модел, план, тајна формула или постапка, софтвер, или за користење на, или право на користење на индустриска, комерцијална или научна опрема, или за информација во врска со индустриски, комерцијални или научни искуства.

(4) Одредбите од ставовите 1 и 2 нема да се применуваат ако стварниот корисник на приходите од авторски права кој е резидент на државата договорничка, го врши работењето во другата држава договорничка во која приходите од авторски права се остварени, преку постојана деловна единица која се наоѓа таму, а правото или имотот врз основа на кои се плаќаат приходите од авторски права се стварно поврзани со таа постојана деловна единица. Во тој случај ќе се применуваат одредбите на член 7.

(5) Се смета дека приходите од авторски права се остварени во државата договорничка кога исплатувачот е резидент на таа држава.

Меѓутоа, кога лицето кое ги плаќа приходите од авторски права, без оглед дали е резидент на државата договорничка или не, има во државата договорничка постојана деловна единица во врска со која се појавува обврска за плаќање на приходи од авторски права, а тие авторски права паѓаат на товар на таа постојана деловна единица, се смета дека тие приходи од авторски права се создадени во државата договорничка во која постојаната деловна единица се наоѓа.

(6) Кога, поради посебниот однос помеѓу исплатувачот и стварниот корисник, или помеѓу нив двајцата и трето лице, платениот износ по основа на приходи од авторски права, земајќи го предвид користењето, правото или информацијата за кои тој се плаќа, го надминува износот кој би бил договорен помеѓу исплатувачот и стварниот корисник доколку таков однос не би постоел, одредбите од овој член ќе се применуваат само на последно споменатиот износ. Во тој случај вишокот на платениот износ ќе се оданочува согласно законите на секоја држава договорничка, земајќи ги предвид и другите одредби од овој договор.

Член 13
КАПИТАЛНИ ДОБИВКИ

(1) Добивката која ќе ја оствари резидент на држава договорничка од отуѓување на недвижен имот наведен во членот 6 , а кој се наоѓа во другата држава договорничка се оданочува во таа друга држава.

(2) Добивките остварени од резидент на државата договорничка од отуѓување на акции или други корпоративни права на компанијата чија вредност се состои директно или индиректно главно од недвижниот имот кој се наоѓа во другата држава договорничка, може да се оданочат во таа друга држава.

(3) Добивката од отуѓување на подвижен имот кој сочинува дел од имотот за работење на постојаната деловна единица која претпријатието од државата договорничка ја има во другата држава договорничка, вклучувајќи ја и добивката од отуѓување на таа постојана деловна единица (сама или заедно со целото претпријатие), може да се оданочуваат во таа друга држава.

(4) Добивката остварена од продажба на бродови, воздухоплови, железнички и друмски возила кои се користат во меѓународниот сообраќај, чамци вклучени во внатрешниот воден транспорт или од подвижен имот кој е во врска со работењето на тие бродови, воздухоплови, чамци, железнички и друмски возила, ќе се оданочуваат само во државата договорничка во која се наоѓа седиштето на стварната управа на претпријатието.

(5) Приходите од отуѓување на друг имот освен наведениот во ставовите од 1, 2, 3 и 4 ќе се оданочуваат само во државата договорничка во која лицето кое отуѓува имот е резидент.

Член 14
ЛИЧНИ ПРИМАЊА ОД РАБОТЕН ОДНОС

1. Во овој Договор, освен ако во содржината е утврдено поинаку:

(1) **„давање"** значи секое парично давање, пензија или додаток што се плаќа според законодавството на договорната страна и ги вклучува сите исплатливи дополнителни износи, зголемување или додатоци на износот, но, за Австралија, не вклучува ниедно давање, исплата или право на исплата според законските прописи за гарантирани пензиски влогови ("superannuation guarantee");

(2) **„Надлежен орган"**, значи :

во однос на Република Македонија, Министерство за труд и социјална политика; и

во однос на Австралија, Секретарот на Секторот на Австралиската Влада одговорен за законодавството наведено во ставот 1 од член 2 точка 1.1 од Договорот, со исклучок на Дел II како и другите делови од Договорот кои се однесуваат на тој Дел, каде што се мисли на Началник за одаочување или овластен претставник на Началникот;

(3) „**Надлежна институција**" значи:

во однос на Република Македонија, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија; и

во однос на Австралија, институцијата или агенцијата која има задача да го спроведува соодветното законодавство;

(4) „**периоди на осигурување**" значи, во однос на Република Македонија, периодите за кои се платени придонеси и периодите кои се признаваат како такви;

(5) „**законодавство**" значи:

во однос на Република Македонија, законодавството наведено во ставот 1 од член 2 точка 1.2 од овој Договор; и

во однос на Австралија законите утврдени во ставот 1 од член 2 точка 1.1, освен во Делот II од Договорот, како и другите делови од Договорот што се однесуваат на тој Дел, каде што се мисли на законите утврдени во ставот 1 од член 2 точка 1.2 ;

(6) „**период на живеење во Австралија во текот на работниот век**" значи периодот што се дефинира како таков според законодавството на Австралија, но не го вклучува периодот што се зема предвид во согласност со членот 11 како период во кој лицето било жител на Австралија.

2. Освен ако не е предвидено поинаку, сите изрази кои не се дефинирани во овој Договор ќе го имаат значењето утврдено според законодавството кое се применува.

Член 2
Законодавство

1. Во согласност со став 2 и став 3 на овој член, овој Договор се применува на следните закони, како што се изменети на датумот на потпишување на овој Договор, како и на законите кои подоцна ќе ги изменат, утврдат, дополнат или заменат истите:

   1.1 во врска со Австралија:

      1.1.1 на законите и правните прописи кои го сочинуваат Законот за социјално осигурување, до оној степен до кој законот предвидува и се однесува на старосната пензија;

      1.1.2 Законот за гарантирани пензиски влогови (кој при потпишувањето на овој Договор е содржан во *Законот за гарантирани пензиски влогови (Спроведување), од 1992 година, Законот за наплата на невложени гарантирани пензиски влогови од 1992 година и Прописите за гарантирани пензиски влогови (Спроведување);*

   1.2 во врска со Република Македонија, *Законот за пензиското и инвалидското осигурување што опфаќа:*

      1.2.1 старосна пензија,

      1.2.2 инвалидска пензија,

      1.2.3 семејна пензија (за вдовица, вдовец, деца и други членови на семејството кои го остваруваат правото) и други давања од пензиското и инвалидското осигурување на Република Македонија.

2. Освен ако не е поинаку предвидено со овој Договор, законодавството наведено во овој член нема да ги вклучува договорите за социјално осигурување склучени од која било договорна страна со трета држава.

3. Овој Договор ќе се однесува на понатамошното законодавство кое го проширува постоечкото законодавство на која било од договорните страни за нови категории корисници, само доколку надлежните се договорат за тоа во писмена форма.

Член 3
Лица на кои се применува овој Договор

Овој Договор ќе се применува на сите лица кои се или биле жители на Австралија, или на кои се применува или применувало законодавството на Република Македонија и онаму каде што е возможно, на други лица чии права произлегуваат од горенаведеното лице.

Член 4
Еднаков третман

Освен ако поинаку не е предвидено со овој Договор, сите лица на кои се однесува Договорот ќе се третираат еднакво од договорните страни во однос на правата и обврските за исполнувањето на условите и исплата на давањата кои произлегуваат директно од законодавството на договорните страни или според одредбите на овој Договор.

ДЕЛ II

ОДРЕДБИ ЗА ЗАКОНОДАВСТВОТО КОЕ СЕ ПРИМЕНУВА

Член 5
Цел на овој Дел

Целта на овој Дел е да обезбеди работодавачите и работниците кои подлежат на законодавството на Република Македонија или Австралија да немаат двојна обврска според законодавството на Република Македонија и Австралија по однос на истата работа што ја изведува работникот и паричниот надомест што го добива за таа работа.

Член 6
Примена на овој Дел

Овој Дел се применува само во случај ако работникот и/или работодавачот, надвор од овој Дел, се предмет на законодавството на двете договорни страни, во врска со работата што ја врши работникот и паричниот надомест што го добива за таа работа.

Член 7
Дипломатски и конзуларни односи

Овој договор нема да влијае врз одредбите од Виенската Конвенција за дипломатските односи од 18 април 1961 година или Виенската Конвенција за конзуларните односи од 24 април 1963 година.

Член 8
Избегнување на двојна опфатност

1. Освен ако не е поинаку предвидено со овој Дел, ако работникот работи на територијата на едната договорна страна, работникот и работодавачот во однос на работата и исплатата на паричниот надомест исплатен за истата ќе бидат предмет само на законодавството на таа договорна страна.

2. Ако работникот:

   2.1 е опфатен со законодавството на едната договорна страна („првата договорна страна"); и

   2.2 бил испратен, без разлика дали пред или по почетокот на важење на овој Договор, од Владата на првата договорна страна, да работи на територијата на друга договорна страна ("втората договорна страна"); и

   2.3 работи на територијата на втората договорна страна како вработен од Владата на првата договорна страна; и

   2.4 не е во постојан работен однос на територијата на втората договорна страна;

   работникот и неговиот работодавач ќе бидат предмет само на законодавството на првата договорна страна, во однос на работата и паричниот надомест што се плаќа за истата. За целите на овој став, „Влада", во однос на Австралија, се однесува на Влада на Држава или Територија или локална управа во Австралија.

3. Ако работникот:

   3.1 е опфатен со законодавството на едната договорна страна ("првата договорна страна"); и

3.2 бил испратен, без разлика дали пред или по почетокот на важење на овој Договор, од работодавач кој е предмет на законодавството на првата договорна страна, да работи на територијата на другата договорна страна ("втората договорна страна"); и

3.3 работи на територијата на втората договорна страна, вработен кај работодавач или поврзан субјект на тој работодавач; и

3.4 не поминал период од 4 години од времето кога работникот бил испратен да работи на територијата на втората договорна страна; и

3.5 не е во постојан работен однос на територијата на втората договорна страна;

работникот и неговиот работодавач ќе бидат предмет само на законодавството на првата договорна страна, во однос на работата и надоместот што се плаќа за истата.

4. За целите на точка 3.3 на овој член субјектот е субјект што е поврзан со работодавачот, ако субјектот и работодавачот се членови на иста група која целосно или мнозински е во сопственост.

5. Ако работникот работи кај работодавач на брод или авион во меѓународен транспорт, работникот и работодавачот, во однос на работата и надоместот за истата, ќе бидат предмет само на законодавството на договорната страна каде што работникот е жител.

Член 9
Договори за исклучок

1. Надлежните органи на двете договорни страни може за целите на овој Дел, да се договорат:

1.1 да се продолжи периодот од 4 години, утврден во точка 3.4 од членот 8 од овој Договор за кој било работник; или

1.2 дека работникот кој работи на територијата на одредена договорна страна или кој работи на брод или авион во меѓународен транспорт, според законодавството на одредена договорна страна да е предмет само на законодавството на таа договорна страна.

2. Сите договори што се склучуваат според став 1 на овој член може да се однесуваат на:

2.1 категорија на работници; и/или

2.2 одредена работа или одредени видови на работа (вклучително работа што не се вршела во времето кога бил склучен Договорот).

ДЕЛ III

ОДРЕДБИ ЗА АВСТРАЛИСКИ ДАВАЊА

Член 10
Живеалиште или престој во Република Македонија

Во случај кога лицето би исполнувало услови за добивање на австралиско давање според законодавството на Австралија или според овој Договор, освен тоа што не е жител на Австралија и не престојува во Австралија на датумот кога е поднесено барањето за давање, меѓутоа:

(1) лицето е жител на Република Македонија или жител на Австралија; и

(2) се наоѓа на територијата на Република Македонија или во Австралија,

тоа лице, се додека тој или таа бил/а жител на Австралија во одреден период, во однос на поднесувањето на барањето, ќе се смета за жител на Австралија и дека престојува во Австралија на датумот на поднесувањето.

Член 11
Комбинирање на периоди за исполнување на услови за добивање на австралиски давања

1. Ако лицето на кое се применува овој Договор поднело барање за давање од Австралија, според овој Договор, и акумулирало:

1.1 период како жител на Австралија, кој е помал од периодот што е потребен тоа лице да ги исполни условите за остварување право на давање, според законодавството на Австралија; и

1.2 период на живеење во Австралија во текот на работен век кој е еднаков или поголем од периодот наведен во став 4 на овој член за тоа лице; и

1.3 период на осигурување според законодавството на Република Македонија;

тогаш, при одлучување по барањето за тоа давање од Австралија, тој период на осигурување според законодавството на Република Македонија ќе се смета за период во кој тоа лице било жител на Австралија, само за целите на исполнување на минималниот период потребен за остварување право на тоа давање утврдено со законодавството на Австралија.

2. За примена на став 1 од овој член, во случај кога лицето:

2.1 е жител на Австралија во континуиран период кој е помал од минималниот континуиран период што е потребен според законодавството на Австралија тоа лице да оствари право на давање; и

2.2 акумулирало два или повеќе одделни периоди на осигурување што се еднакви или го надминуваат вкупниот минимален период наведен во точка 2.1 на овој член;

вкупните периоди на осигурување ќе се сметаат како еден континуиран период на осигурување.

3. За целите на овој член, онаму каде што периодот кога лицето што е жител на Австралија се поклопува со периодот на осигурување според законодавството на Република Македонија, периодот на поклопување ќе се земе предвид само еднаш од страна на Австралија како период како жител на Австралија.

4. Минималниот период на жителство во Австралија во текот на работниот век што ќе се земе предвид за целите од ставот 1 на овој член ќе биде следниот:

4.1 за австралиско давање кое се исплатува на лице што не е жител на Австралија, минималниот период што е потребен ќе биде 12 месеци, од кои најмалку шест месеци мора да бидат континуиран период; и

4.2 за австралиско давање кое се исплатува на лице што е жител на Австралија, нема минимален период.

5. За примена на овој член, период на осигурување според законодавството на Република Македонија ќе се смета како период на жителство на Австралија, само ако периодот на осигурување е потврден од надлежната институција на Република Македонија.

Член 12
Пресметување на австралиски давања

1. Според став 2, 3 и 4 на овој член, кога австралиското давање се исплатува според овој Договор или на друг начин за лице што е надвор од Австралија, износот на давањето се одредува според законодавството на Австралија, но врз основа на тоа што во таков случај стапката на дополнителниот износ за деца е нула.

2. Според став 3 и 4 на овој член, кога австралиското давање се исплатува на лице што се наоѓа надвор од Австралија само врз основа на овој Договор, а лицето престанало да биде жител на Австралија на датумот на влегување во сила на овој Договор, стапката на тоа давање се определува според следното:

2.1 се пресметува приходот на лицето, според законодавството на Австралија, вклучувајќи било какви давања што се исплатуваат според законодавството на Република Македонија, на кои лицето или партнерот на лицето имаат право да ги добиваат, ако тоа важи;

2.2 се применува максималната стапка на исплата на австралиското давање, утврдено со калкулаторот за пресметување на соодветни стапки на исплата според законодавството на Австралија, користејќи го износот пресметан според точка 2.1 на овој член како личен приход на лицето; и

2.3 се пропорционализира, ако тоа важи за лицето, износот на давањето пресметано според точка 2.2 на овој член со множење на тој износ со периодот на престој на тоа лице како жител во Австралија во текот на работниот век (до максимално 528 месеци) врз именител од 528 месеци (44 години).

3. Во случај кога стапката на австралиското давање се определува според став 2 на овој член и лицето повторно станало жител на Австралија, стапката на давањето ќе продолжи да се определува според став 2 на овој член и став 6 на овој член, каде што тоа важи, ако лицето подоцна ја напушти Австралија во рок од две години од датумот кога лицето повторно станало жител на Австралија.

4. Онаму каде што лицето привремено доаѓа во Австралија, ставот 1 и 2 на овој член ќе продолжат да се применуваат во период од 26 недели од датумот на неговото пристигнување во Австралија.

5. Според став 6 на овој член, каде што австралиските давања се исплатуваат на лице кое се наоѓа во Австралија, само врз основа на овој Договор, стапката на давањето се определува според следното:

   5.1 се пресметува приходот на лицето, според законодавството на Австралија, но не вклучувајќи ги во тоа пресметување било кои давања што се исплатуваат според законодавството на Република Македонија, на кои лицето или партнерот на лицето имаат право да го добиваат ако важи; и

   5.2 се одзема износот од давањето на кое лицето има право да го прима според законодавството на Република Македонија од максималната стапка на австралиското давање; и

   5.3 остатокот од давањето според точката 5.2 на овој член, се користи како основа при пресметувањето на соодветната стапка на исплата кое е утврдено со законодавството на Австралија, користејќи го износот пресметан според точката 5.1 како приход на лицето.

6. Ако лицето привремено ја напушти Австралија, ставот 5 на овој член ќе продолжи да се применува во период од 26 недели од датумот кога лицето ќе ја напушта Австралија.

7. Ако еден или двата партнери имаат право на давање или давања според законодавството на Република Македонија, за примена на овој член и според законите на Австралија, секој од нив ќе се смета дека добива половина од износот на тоа давање или од вкупниот износ на тие две давања, во зависност од случајот.

ДЕЛ IV

ОДРЕДБИ ЗА ДАВАЊА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 13
Пресметување на периоди за давања во Република Македонија

1. Ако лицето не ги исполнува условите за стекнување право на давање врз основа на периодите на осигурување според законодавството на Република Македонија, правото на пензија се определува врз основа на собирање на периодите на осигурување и периодите на престој во Австралија како жител во текот на работниот век, освен ако тие периоди не се поклопуваат.

2. Ако лицето ги исполнува условите за стекнување право на пензија без собирање на периодите навршени според законодавството на двете договорни страни, надлежната институција на Република Македонија ќе признае право на пензија според нејзиното законодавство.

3. Правото на пензија не се признава врз основа на периоди пократки од 12 месеци во Република Македонија, освен ако правото на тоа давање постои само врз основа на тие периоди.

4. Ако и покрај примената на став 1 на овој член, лицето не ги исполнува условите за право на давање, надлежната институција на Република Македонија ќе ги земе предвид и периодите на осигурување, или престој кои македонскиот државјанин ги навршил во трета држава со која Република Македонија склучила договор за социјално осигурување во кој се предвидени одредби за собирање на периоди на осигурување.

Член 14
Определување на давања за Република Македонија

1. Ако лицето ги исполнува условите за право на давање според законодавството на Република Македонија исклучиво со примена на член 13 став 2 од овој Договор, надлежната институција на Република Македонија го определува износот на давањето според законодавството на Република Македонија.

2. Ако според законодавството на Република Македонија правото на давање се остварува исклучиво со примена на член 13 став 1 од овој Договор, надлежната институција на Република Македонија ќе го определи давањето на следниот начин:

2.1 ќе го определи теоретскиот износ на давањето кое би припаѓало како да сите периоди (периоди на осигурување и периодите на престој во Австралија како жител во текот на работниот век) биле навршени според законодавството на Република Македонија;

2.2 врз основа на теоретскиот износ ќе го утврди вистинскиот износ на давањето пропорционално на вкупно собраните периоди на осигурување;

2.3 ако вкупно собраните периоди го надминуваат максималниот период според законодавството на Република Македонија, ќе се земе во предвид само тој максимален период.

ДЕЛ V

ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ ЗА ДАВАЊАТА

Член 15
Исплата на давања во странство

1. Давањата на една од договорните страни, кои се исплаќаат според овој Договор или според законодавството на било која од договорните страни, се исплаќаат на лица кои се жители или престојуваат на територијата на било која од договорните страни.

2. Надлежните институции на секоја од договорните страни ги исплаќаат давањата според овој Договор директно на лицата кои го имаат остварено правото и кои живеат на територијата на другата договорна страна во официјалната валута на таа држава, или во друга конвертибилна валута.

3. Во однос на Австралија, секој дополнителен износ, зголемување или додаток што се исплатува дополнително на давањето според овој Договор, се исплатува на лице надвор од Австралија, само за периодот наведен во *Законот за социјална осигурување од 1991 година*. Упатувањето на *Законот за социјална осигурување од 1991 година* ги вклучува било кој закони што подоцна го изменуваат, дополнуваат или го заменуваат тој закон.

4. Во однос на Република Македонија, одредбите на овој член не се однесуваат на правото на најнискиот износ на пензија.

Член 16
Лекарски прегледи

1. Надлежната институција на договорната страна го применува своето законодавство заради оценување на работната способност или способноста за самостоен живот или работа кога тоа е потребно заради решавање на правото на давање или продолжување на исплатата на давањето.

2. Заради пружање на помош при оценувањето на работната способност од став 1 на овој член надлежната институција на договорната страна каде што лицето е жител, на барање на надлежната институција на другата договорна страна, ќе ги достави на таа договорна страна, бесплатно, сите расположливи соодветни медицински извештаи и документација со која располага.

ДЕЛ VI

РАЗНИ И АДМИНИСТРАТИВНИ ОДРЕДБИ

Член 17
Поднесување на документи

1. Барањето, известувањето или жалбата во врска со давање, без разлика дали се исплатува врз основа на овој Договор или на друг начин, може да бидат поднесени на територијата на која било договорна страна, во согласност со Административната Спогодба склучена врз основа на член 21 од овој Договор.

2. Датумот на кој се поднесува барањето, известувањето или жалбата наведени во став 1 на овој член во надлежната институција на едната договорна страни ќе се смета за датум на поднесување на тој документ кај надлежната институција на другата договорна страна. Надлежната институција кај која се поднесува барањето, известувањето или жалбата, без одлагање ќе се достави до надлежната институција на другата договорна страна.

3. Барањето за давање од едната договорна страна ќе се смета како барање за соодветно давање од другата договорна страна, се додека барателот нагласи во барањето дека постои, или постоела врска со системот на социјално осигурување на другата договорна страна и под услов таа друга договорна страна да го прими барањето во рок од 12 месеци од поднесувањето на оригиналното барање.

4. Жалба согласно став 1 на овој член се смета жалба, поднесена до управен орган формиран според соодветното законодавство или за административни цели на соодветното законодавство.

Член 18
Исплата на давања

1. Ако едната договорна страна наложи правни или административни ограничувања за пренос на средства надвор од сопствената територија, таа договорна страна ќе спроведе мерки, колку што е можно побрзо, за гарантирање на правата на исплата и испраќање на давањата што се исплатуваат во согласност со законодавството на таа договорна страна или во согласност со овој Договор. Мерките ќе се спроведуваат ретроактивно за времето кога биле воведени ограничувањата.

2. Давањата што ги исплаќа едната договорна страна во согласност со овој Договор ќе се исплаќаат од таа договорна страна без одбивање на државни административни такси или трошоци.

3. Секое изземање, што ќе се дозволи на територијата на едната договорна страна од административна такса, нотарски или регистарски трошоци во врска со потврдите и документите што се потребни да се поднесат до надлежните органи и надлежните институции на истата територија, исто така, ќе се применува за потврдите и документите кои за примена на овој Договор, треба да се поднесат до другата договорна страна. Документите и потврдите што се потребни да се достават за целите на овој Договор ќе бидат ослободени од заверка од дипломатските и конзуларните органи.

Член 19
Враќање на преплата

1. Доколку:

1.1 износот на заостанатите давања се исплатени или наплатливи

од едната договорна страна (првата договорна страна);и

1.2 за целиот или за дел од тој период, другата договорна страна (втората договорна страна) исплаќала на тоа лице давање; и

1.3 износот на давањето кое го исплатила втората договорна страна би бил намален ако давањето што го исплатила првата договорна страна се исплаќало периодично за време на тој изминат период; тогаш

1.4 износот што немало да го исплатува втората договорна страна ќе биде долг на тоа лице кон другата договорна страна.

2. Ако надлежната институција на првата договорна страна се уште не ги платила износите од давањето како што е утврдено во точка 1.1 на овој член на тоа лице, тогаш првата договорна страна, на барање на втората договорна страна, ќе исплати долговен износ дефиниран во точка 1.4 на овој член на втората договорна страна и на лицето ќе го исплати остатокот.

3. Каде што има упатување на став 1 и 2 на овој член за давање, во однос на Австралија, тоа се однесува на пензија, паричен надомест или додаток што се исплатува според одредбите што се основа на Законот за социјално осигурување на Австралија, кој во одредени периоди се изменува и дополнува, а во однос на Република Македонија, на пензија, која се исплаќа според *Законот за пензиското и инвалидското осигурување.*

Член 20
Размена на информации и меѓусебна помош

1. Надлежните органи и надлежните институции одговорни за примена на овој Договор, до оној степен до кој овозможуваат нивните национални законодавства:

1.1 меѓусебно ќе комуницираат во врска со информации што се потребни за спроведување на овој Договор или во врска со Законот за социјално осигурување на Австралија или законодавството на Република Македонија;

1.2 ќе обезбедат меѓусебна помош, вклучувајќи и размена на потребни информации во однос на определување или исплата на било какви давања според овој Договор, како тоа да вклучува примена на нивното законодавство;

1.3 во најкраток можен рок меѓусебно ќе ги разменуваат сите информации во врска со мерките што ги преземаат за спроведување на овој Договор или во врска со промените во нивните законодавства, ако тие промени влијаат на спроведувањето на овој Договор; и

1.4 на меѓусебно барање, ќе обезбедат меѓусебна помош во врска со спроведувањето на договорите за социјално осигурување кои ќе ги склучи која било договорна страна со трета држава, до онаа мерка и во околности кои се наведени во Административната Спогодба во согласност со членот 21 од овој Договор.

2. Помошта наведена во став 1 на овој член се обезбедува бесплатно, освен ако не е поинаку предвидено со Административната Спогодба од членот 21 на овој Договор.

3. Ако поинаку не е уредено со националните закони на една од договорните страни, сите информации во врска со лицето што се пренесуваат во согласност со овој Договор од едната до другата договорна страна ќе бидат доверливи и ќе се користат единствено за целите на спроведување на овој Договор и законодавството на кое се однесува овој Договор.

4. Во никој случај одредбите од став 1 на овој член нема да се сметаат како наметната обврска на договорната страна за:

4.1 спроведување административни мерки кои не се во согласност со законите или административната пракса на која било договорна страна; или

4.2 обезбедување информации кои вообичаено не се пристапни според законите или вообичаената административна пракса на која било од договорните страни.

5. При примената на овој Договор, надлежниот орган и надлежната институција на едната договорна страна може да комуницира со другата договорна страна на кој било од службените јазици на договорните страни.

6. Надлежниот орган или надлежната институција не може да одбие барање, жалба или друг документ само поради фактот што истите се напишани на јазикот на другата договорна страна.

Член 21
Административна Спогодба

1. Надлежните органи на договорните страните ќе склучат Административна Спогодба за спроведување на овој Договор.

2. Органите за врска ќе бидат назначени во Административната Спогодба.

Член 22
Решавање на споровите

1. Надлежните органи на договорните страни ќе се обидат да ги разрешат сите потешкотии што ќе произлезат од толкувањето или примената на овој Договор според духот на истиот и неговите основни начела.

2. Договорните страни навремено ќе се консултираат, на барање на која било од страните, во врска со прашањата кои не биле разрешени од надлежните органи, во согласност со став 1 на овој член.

Член 23
Ревизија на Договорот

Во случај кога една од договорните страни ќе побара од другата одржување средба за ревизија на овој Договор, договорните страни ќе се состанат за таа цел во најкраток можен рок по доставување на тоа барање и ако договорните страни не се договорат поинаку, состанокот ќе се одржи на територијата на страната кон која е упатено тоа барање.

ДЕЛ VII

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 24
Преодни одредби

1. Со овој Договор не може да се воспостави право на давање за период пред датумот на влегување во сила на истиот.

2. При определување право на давање според овој Договор, исто така, се земаат предвид и периодите што лицето ги поминало како жител на Австралија, периодите на живеење во Австралија во текот на работниот век и периодите на осигурување според законодавството на Република Македонија навршени пред датумот на влегување во сила на овој Договор.

3. Одредбите од член 8 став 2 и 3 од овој Договор се применуваат од датумот на влегување во сила на овој Договор, дури и ако лицето било испратено од неговиот работодавач пред тој датум. За ова цел, периодот привремено преместување на работа се смета дека започнал од датумот на влегување во сила на овој Договор.

Член 25
Влегување во сила, измени и прекинување

1. Овој Договор влегува во сила на првиот ден од вториот месец кој следи по месецот во кој договорните страни по дипломатски пат ќе ги разменат известувањата за тоа дека се исполнети сите уставно-правни услови неопходни за влегување во сила на овој Договор.

2. Овој Договор се склучува на неопределено време и може да биде изменет со писмена согласност помеѓу двете договорни страни.

3. Секоја договорна страна може да го прекине овој Договор по пат на писмено известување доставено до другата договорна страна по дипломатски пат. Во случај на прекинување, овој Договор ќе продолжи да се применува до истекот на 12 месеци од денот на приемот на таквото известување од другата договорна страна.

4. Во случај на прекинување, овој Договор продолжува да важи во однос на сите лица кои:

4.1 со датумот на прекинувањето на Договорот, примаат давања; или

4.2 пред тој датум поднеле барање за остварување на права и би остариле право на давања според овој Договор; или

4.3 веднаш пред датумот на прекинување се предмет само на законодавството на една од договорните страни, во согласност со членовите 8 или 9 од Делот II од овој Договор, доколку работникот продолжи да ги исполнува условите од тој член.

ЗА ПОТВРДА НА ОВА долупотпишаните, службено овластени од страна на своите Влади, го потпишаа овој Договор.

ПОДГОТВЕН во Канбера на 26-ти октомври 2009 година, во два оригинални примероци, на македонски и на англиски јазик при што двата текста се еднакво веродостојни.

ЗА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЗА ВЛАДАТА НА АВСТРАЛИЈА

AGREEMENT BETWEEN

THE GOVERNMENT OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

AND

THE GOVERNMENT OF AUSTRALIA

ON SOCIAL SECURITY

AGREEMENT BETWEEN THE GOVERNMENT OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA AND THE GOVERNMENT OF AUSTRALIA ON SOCIAL SECURITY

The Government of the Republic of Macedonia and the Government of Australia, hereinafter "the Contracting Parties",

Wishing to strengthen the existing friendly relations between the two countries,

and

Being desirous of regulating the relationship between their two countries with respect to social security benefits and coverage,

Have agreed to conclude the following Agreement:

PART I

GENERAL PROVISIONS

Article 1

Definitions

1. In this Agreement, unless the context otherwise requires:

(1) "**benefit**" means a benefit, pension or allowance that is payable under the legislation of a Contracting Party and includes any additional amount, increase or supplement that is payable but, for Australia, does not include any benefit, payment or entitlement under the law concerning the superannuation guarantee;

(2) "**Competent Authority**" means:

in relation to the Republic of Macedonia, the Ministry of Labour and Social Policy; and

in relation to Australia, the Secretary of the Australian Government Department responsible for the legislation specified in Article 2.1.1.1, except in Part II of the Agreement, and other Parts of the Agreement as they affect that Part, where it means the Commissioner of Taxation or an authorised representative of the Commissioner;

(3) "**Competent Institution**" means:

in relation to the Republic of Macedonia, the Pension and Disability Insurance Fund; and

in relation to Australia, the institution or agency which has the task of implementing the applicable legislation;

(4) "**insurance periods**" means, in relation to the Republic of Macedonia, periods for which contributions are paid and periods related to such contributions;

(5) "**legislation**" means:

in relation to the Republic of Macedonia, the legislation specified in Article 2.1.2; and

in relation to Australia, the laws specified in Article 2.1.1.1, except in Part II of the Agreement, and other Parts of the Agreement as they affect that Part, where it means the laws specified in Article 2.1.1.2;

(6) "**period of Australian working life residence**" means a period defined as such in the legislation of Australia but does not include any period deemed pursuant to Article 11 to be a period in which that person was an Australian resident.

2. Unless the context otherwise requires, any term not defined in this Agreement shall have the meaning assigned to it in the applicable legislation.

Article 2
Legislation

1. Subject to paragraph 2 and 3 of this Article, this Agreement shall apply to the following laws, as amended at the date of signature of this Agreement, and to any laws that subsequently amend, consolidate, supplement or replace them:

1.1 in relation to Australia:

1.1.1 the Acts forming the social security law in so far as the law provides for, applies to or affects the age pension;

1.1.2 the law concerning the superannuation guarantee (which at the time of signature of this Agreement is contained in the *Superannuation Guarantee (Administration) Act 1992*, the *Superannuation Guarantee Charge Act 1992* and the *Superannuation Guarantee (Administration) Regulations)*;

1.2 in relation to the Republic of Macedonia, the *Law on Pension and Disability Insurance* regarding:

1.2.1 old age pension;

1.2.2 disability pension;

1.2.3 survivor pension (widows, widowers, children and other members of the family who have rights to benefits) and other pension and disability insurance benefits of the Republic of Macedonia.

2. Unless otherwise provided in this Agreement, the legislation referred to in this Article shall not include treaties on social security entered into by either Contracting Party with a third State.

3. This Agreement shall apply to future legislation which extends the existing legislation of either Contracting Party to new categories of beneficiaries only if the Competent Authorities so agree in writing.

Article 3
Personal Scope

This Agreement shall apply to any person who is or has been an Australian resident, or is or has been subject to the legislation of the Republic of Macedonia and, where applicable, to other persons in regard to the rights they derive from a person described above.

Article 4
Equality of Treatment

Unless otherwise provided in this Agreement, all persons to whom this Agreement applies shall be treated equally by a Contracting Party in regard to rights and obligations regarding eligibility for and payment of benefits which arise whether directly under the legislation of that Contracting Party or by virtue of this Agreement.

PART II

PROVISIONS CONCERNING THE APPLICABLE LEGISLATION

Article 5
Purpose of this Part

The purpose of this Part is to ensure that employers and employees who are subject to the legislation of the Republic of Macedonia or Australia do not have a double liability under the legislation of the Republic of Macedonia and Australia, in respect of the same work of an employee and the remuneration paid for the work.

Article 6
Application of this Part

This Part only applies if an employee and/or their employer would, apart from this Part, be subject to the legislation of both Contracting Parties in respect of work of the employee and remuneration paid for the work.

Article 7
Diplomatic and Consular Relations

This Agreement shall not affect the provisions of the Vienna Convention on Diplomatic Relations of 18 April 1961, or the Vienna Convention on Consular Relations of 24 April 1963.

Article 8
Avoidance of Double Coverage

1. Unless otherwise provided in this Part, if an employee works in the territory of one Contracting Party, the employee and their employer shall in respect of the work and the remuneration paid for the work be subject only to the legislation of that Contracting Party.

2. If an employee:

   2.1 is covered by the legislation of one Contracting Party ('the first Contracting Party'); and

   2.2 was sent, whether before, on or after the commencement of this

Agreement, by the Government of the first Contracting Party to work in the territory of the other Contracting Party ('the second Contracting Party'); and

2.3 is working in the territory of the second Contracting Party in the employment of the Government of the first Contracting Party; and

2.4 is not working permanently in the territory of the second Contracting Party;

the employee and their employer shall be subject only to the legislation of the first Contracting Party in respect of the work and the remuneration paid for the work. For the purposes of this paragraph, "Government" includes, in relation to Australia, a State or Territory Government or local authority of Australia.

3. If an employee:

3.1 is covered by the legislation of one Contracting Party ('the first Contracting Party'); and

3.2 was sent, whether before, on or after the commencement of this Agreement, by an employer who is subject to the legislation of the first Contracting Party to work in the territory of the other Contracting Party ('the second Contracting Party'); and

3.3 is working in the territory of the second Contracting Party in the employment of the employer or a related entity of that employer; and

3.4 a period of 4 years from the time the employee was sent to work in the territory of the second Contracting Party has not elapsed; and

3.5 the employee is not working permanently in the territory of the second Contracting Party;

the employee and their employer shall be subject only to the legislation of the first Contracting Party in respect of the work and the remuneration paid for the work.

4. For the purposes of subparagraph 3.3 of this Article an entity is a related entity of an employer if the entity and the employer are members of the same wholly or majority owned group.

5. If an employee is working in the employment of an employer on a ship or aircraft in international traffic, the employee and their employer shall in respect of the work and the remuneration paid for the work be subject only to the legislation of the Contracting Party of which the employee is a resident.

Article 9
Exception agreements

1. The Competent Authorities of the Contracting Parties may for the purposes of this Part agree:

   1.1 to extend the period of 4 years referred to in subparagraph 3.4 of Article 8 for any employee; or

   1.2 that an employee working in the territory of a particular Contracting Party or working on a ship or aircraft in international traffic under the legislation of a particular Contracting Party is subject only to the legislation of that Contracting Party.

2. Any agreement made under paragraph 1 of this Article may apply to:

   2.1 a class of employees; and/or

   2.2 particular work or particular types of work (including work that has not occurred at the time the agreement is made).

PART III

PROVISIONS RELATING TO AUSTRALIAN BENEFITS

Article 10
Residence or Presence in the Republic of Macedonia

Where a person would be qualified under the legislation of Australia or by virtue of this Agreement for an Australian benefit except for not being an Australian resident and in Australia on the date on which the claim for that benefit is lodged, but:

(1) is a resident of the Republic of Macedonia or an Australian resident; and

(2) is in the territory of the Republic of Macedonia or Australia,

that person, so long as he or she has been an Australian resident at some time, shall be deemed, for the purpose of lodging that claim, to be an Australian resident and in Australia on that date.

Article 11
Combining qualifying periods for Australian benefits

1. Where a person to whom this Agreement applies has claimed an Australian benefit under this Agreement and has accumulated:

   1.1 a period as an Australian resident that is less than the period required to qualify that person, on that ground, under the legislation of Australia for that benefit; and

   1.2 a period of Australian working life residence equal to or greater than the period specified in paragraph 4 of this Article for that person; and

   1.3 an insurance period under the legislation of the Republic of Macedonia;

   then, for the purposes of a claim for that Australian benefit, that insurance period under the legislation of the Republic of Macedonia shall be deemed to be a period in which that person was an Australian resident, only for the purposes of meeting any minimum qualifying periods for that benefit set out in the legislation of Australia.

2. For the purposes of paragraph 1 of this Article, where a person:

   2.1 has been an Australian resident for a continuous period which is less than the minimum continuous period required by the legislation of Australia for entitlement of that person to a benefit; and

   2.2 has accumulated two or more separate insurance periods that equal or exceed in total the minimum period referred to in subparagraph 2.1 of this Article;

   the total of the insurance periods shall be deemed to be one continuous insurance period.

3. For the purposes of this Article, where a period by a person as an Australian resident and an insurance period under the legislation of the Republic of Macedonia coincide, the period of coincidence shall be taken into account once only by Australia as a period as an Australian resident.

4. The minimum period of Australian working life residence to be taken into account for the purposes of paragraph 1 of this Article shall be:

   4.1 for the purposes of an Australian benefit that is payable to a person who is not an Australian resident, the minimum period required shall be 12 months, of which at least six months must be continuous; and

   4.2 for the purposes of an Australian benefit that is payable to an Australian resident, no minimum period.

5. For the purpose of this Article, an insurance period under the legislation of the Republic of Macedonia shall be deemed as a period as an Australian resident only if that insurance period is certified by the Competent Institution of the Republic of Macedonia.

Article 12
Calculation of Australian Benefits

1. Subject to paragraphs 2, 3 and 4 of this Article, where an Australian benefit is payable whether by virtue of this Agreement or otherwise to a person outside Australia, the amount of the benefit shall be determined according to the legislation of Australia but on the basis that the additional child amount rate is nil.

2. Subject to paragraphs 3 and 4 of this Article, where an Australian benefit is payable to a person outside Australia only by virtue of this Agreement, and the person had ceased to be an Australian resident on the date of entry into force of this Agreement, the rate of that benefit shall be determined by:

   2.1 calculating that person's income according to the legislation of Australia, including any benefit payable under the legislation of the Republic of Macedonia which that person or the partner of that person is entitled to receive, if applicable;

   2.2 applying to the maximum rate of Australian benefit the relevant rate calculator set out in the legislation of Australia, using as the person's income the amount calculated under subparagraph 2.1 of this Article; and

2.3 proportionalising, if applicable, the amount of benefit calculated under subparagraph 2.2 of this Article by multiplying that amount by the person's period of Australian working life residence (up to a maximum of 528 months) over a denominator of 528 months (44 years).

3. Where the rate of an Australian benefit is determined according to paragraph 2 of this Article and the person again becomes an Australian resident, the rate of benefit shall continue to be determined according to paragraph 2 of this Article, subject to paragraph 6 of this Article where applicable, if the person subsequently leaves Australia within two years of the date the person again became an Australian resident.

4. Where a person comes temporarily to Australia, paragraphs 1 and 2 of this Article shall continue to apply for 26 weeks from the date of their arrival in Australia.

5. Subject to paragraph 6 of this Article, where an Australian benefit is payable only by virtue of this Agreement to a person who is in Australia, the rate of that benefit shall be determined by:

5.1 calculating that person's income according to the legislation of Australia but disregarding in that calculation any benefit under the legislation of the Republic of Macedonia which that person or the partner of that person is entitled to receive if applicable; and

5.2 deducting the amount of the benefit under the legislation of the Republic of Macedonia which that person is entitled to receive from the maximum rate of that Australian benefit; and

5.3 applying to the remaining benefit obtained under subparagraph 5.2 of this Article the relevant rate calculation set out in the legislation of Australia, using as the person's income the amount calculated under subparagraph 5.1.

6. Where a person departs temporarily from Australia, paragraph 5 of this Article shall continue to apply for 26 weeks from the date of their departure from Australia.

7. Where a member of a couple is, or both that person and his or her partner are, entitled to a benefit or benefits under the legislation of the Republic of Macedonia each of them shall be deemed, for the purposes of this Article and of the legislation of Australia, to be in receipt of one half of either the amount of that benefit or the total of both of those benefits, as the case may be.

PART IV

PROVISIONS RELATING TO BENEFITS OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

Article 13
Calculation of periods for benefits of the Republic of Macedonia

1. If a person does not meet the benefit requirements due to the insurance periods provided according to the legislation of the Republic of Macedonia, the entitlement to pensions shall be determined by adding insurance periods and periods of Australian working life residence, unless such periods overlap.

2. If a person meets the pension requirements without adding periods according to the legislation of both Contracting Parties, the Competent Institution of the Republic of Macedonia shall recognise the entitlement to a pension according to their legislation.

3. Entitlements to pension shall not be recognised on the basis of periods shorter than 12 months in the Republic of Macedonia, unless entitlement to such benefits exists solely on the basis of the given periods.

4. If after applying paragraph 1 of this Article, a person is not entitled to a benefit, the Competent Institution of the Republic of Macedonia shall also take into account periods of insurance or residence completed by its citizens in a third country that has concluded an agreement on social security with the Republic of Macedonia, which includes provision to combine insurance periods.

Article 14
Determination of Benefits for the Republic of Macedonia

1. For a person who meets the requirements for benefits under the legislation of the Republic of Macedonia solely under the provisions of paragraph 2 of Article 13, the Competent Institution of the Republic of Macedonia in charge shall define the benefit amount under the legislation of the Republic of Macedonia.

2. If according to the legislation of the Republic of Macedonia the entitlement to benefits arises solely under the provisions of paragraph 1 of Article 13, the Competent Institution of the Republic of Macedonia shall provide such benefits as follows:

2.1 a theoretical amount of the benefit shall be established, to which the person would be entitled as if the total accumulated periods (insurance periods and periods of Australian working life residence) were fulfilled under the legislation of the Republic of Macedonia;

2.2 on the basis of this theoretical amount, the actual amount shall be established according to the periods of insurance as a proportion of the total accumulated periods;

2.3 if the total accumulated periods exceed the maximum period provided under the legislation of the Republic of Macedonia, only that maximum period shall be taken into account.

PART V

COMMON PROVISIONS FOR BENEFITS

Article 15
Payment of Benefits Abroad

1. Benefits of one Contracting Party, when payable by virtue of this Agreement, or under the legislation of either Contracting Party, shall be payable to persons who are residents of, or in, the territory of either Contracting Party.

2. The Competent Institutions of each Contracting Party shall pay benefits by virtue of this Agreement directly to entitled persons residing in the territory of the other Contracting Party in the official currency of that country, or in another convertible currency.

3. In relation to Australia, any additional amount, increase or supplement that is payable in addition to a benefit under this Agreement, shall be payable to a person outside Australia only for the period specified in the *Social Security Act 1991*. The reference to the *Social Security Act 1991* includes any laws that subsequently amend, supplement or replace that Act.

4. In relation to the Republic of Macedonia, the provisions of this Article shall not apply to the guaranteed minimum pension.

Article 16
Medical Examinations

1. The Competent Institution of a Contracting Party will apply its own legislation to determine capacity for work, or capacity for independent life and work, when this is required to determine a right to benefit or for extending the payment of the benefit.

(viii) кога подносителот сака да искористи некоја заштита којашто произлегува од изложувањето на производите и/или услугите на изложба, изјава за таа цел, заедно со доказ како поткрепа на таа изјава, како што предвидува законот на договорната страна;

(ix) најмалку еден изглед на знакот, како што е пропишано со Правилникот;

(x) кога е можно, назначување, како што е пропишано со Правилникот, во кое ќе се посочи видот на трговската марка, како и сите други услови што се применуваат на тој вид трговски марки;

(xi) кога е можно, назначување, како што е пропишано со Правилникот, во кое се посочува дека подносителот сака трговската марка да биде регистрирана и објавена со користење на стандардните знаци од страна на заводот;

(xii) кога е можно, назначување, како што е пропишано со Правилникот, во кое се посочува дека подносителот сака да побара боја како дистинктивен елемент на трговската марка;

(xiii) транслитерација на трговската марка или на одредени делови од трговската марка;

(xiv) превод на трговската марка или одредени делови на трговската марка;

(xv) имињата на производите и/или услугите за кои се бара регистрација, групирани според класите на Ничанската класификација, со тоа што пред секоја група стои бројот на класата од таа класификација на која групата производи или услуги ќе припаѓа, претставени според распоредот на класите на споменатата класификација;

(xvi) изјава за намерата за користење на трговската марка, како што е предвидено со законот на договорната страна.

(б) Подносителот може, наместо или покрај изјава за намерата за користење на трговската марка од потставот (а)(xvi), да поднесе изјава за вистинското користење на трговската марка и доказ за тоа, како што е предвидено со законот на договорната страна.

(в) Секоја договорна страна може да побара плаќање такси на заводот во врска со пријавата.

(2) [*Една пријава за производите и/или услугите во неколку класи*] Една иста пријава може да се однесува на неколку производи и/или услуги, без оглед на тоа дали припаѓаат на една класа или на неколку класи од Ничанската класификација.

(3) [Вистинско *користење*] Кога е поднесена изјава за намерата за користење според ставот (1)(а)(xvi), секоја договорна страна може да бара од подносителот на пријавата, во рокот предвиден со законот на таа договорна страна, во согласност со минималниот временски рок пропишан со Правилникот, да достави до заводот доказ за вистинското користење на трговската марка, како што е предвидено со тој закон.

(4) [*Забрана на други услови*] Ниту една договорна страна, во врска со пријавата не може да бара да се исполнат други услови освен оние предвидени во ставовите (1) и (3) и во членот 8. Особено, во врска со пријавата во текот на постапката, не може да се бара следново:

(i) да се достави каква било потврда или извод од трговскиот регистар;

(ii) назначување дека подносителот врши индустриска или трговска дејност, како и да достави доказ за тоа;

(iii) назначување дека подносителот врши дејност која соодветствува со производите и/или услугите наведени во пријавата како и да достави доказ за тоа;

(iv) да достави доказ дека трговската марка е регистрирана во регистарот на трговски марки на друга договорна страна или на држава членка на Парискатa конвенција, која не е договорна страна, освен кога подносителот поднесува пријава за членот 6*quinquies* од Парискатa конвенција.

(5) [*Докази*] Секоја договорна страна во текот на испитувањето на пријавата може да бара да се достават докази до заводот, кога заводот има основано сомневање за вистинитоста на некој навод или елемент содржан во пријавата.

Член 4
Застапување; Адреса за услуга

(1) [*Застапници овластени за застапување*]

(а) Секоја договорна страна, може да бара застапникот кој е назначен за целите на која било постапка пред заводот,:

(i) да има право, во согласност со законот што се применува, да презема дејствија пред заводот во врска со пријавите и регистрациите и, кога е применливо, да му биде допуштено да застапува пред заводот;

(ii) да ја наведе, како своја адреса, адресата на територијата пропишана од договорната страна.

(б) Дејствието, во врска со која било постапка пред заводот, преземена од и во врска со застапникот, кој ги исполнува условите предвидени од Договорната страна според потставот (а), нема да има

влијание на кое било дејствие преземено од или во врска со подносителот, носителот или друго заинтересирано лице кое го назначило тој застапник.

(2) [*Задолжително застапување; Адреса за услугата*]

(а) Договорната страна може да бара, за целите на која било постапка пред заводот, кога подносителот, носителот или друго заинтересирано лице нема ниту престојувалиште, ниту стварно и ефективно индустриско или трговско седиште на нејзината територија, да биде застапувано од застапник.

(б) Секоја договорна страна може, освен ако не се однесува на застапување според потставот (а), да бара, за целите на која било постапка пред заводот, кога подносителот, носителот или кое било друго заинтересирано лице, нема ниту престојувалиште, ниту стварно и ефективно индустриско или трговско седиште на нејзина територија, да има адреса за услуга на таа територија.

(3) [*Полномошно*]

(а) Кога договорната страна дозволува или бара подносителот, носителот или кое било друго заинтересирано лице да биде застапувано пред заводот, таа може да бара да биде назначен застапник со посебен поднесок (во понатамошниот текст: „полномошно“) во кој ќе биде наведено името на подносителот, носителот или друго лице, во зависност од случајот.

(б) Полномошното може да се однесува на една или повеќе пријави и/или регистрации назначени во полномошното или, освен исклучоците наведени од давателот на полномошното, на сите постојни и идни пријави и/или регистрации на тоа лице.

(в) Полномошното може да ги ограничува овластувањата на застапникот на определени дејствија. Договорната страна може да бара полномошното, според кое застапникот има право на повлекување на пријавата или откажување на регистрацијата, да содржи јасно назначување за тоа.

(г) Кога поднесокот е поднесен до заводот од лице кое себеси во поднесокот се нарекува застапник, но заводот во времето на примање на поднесокот не го има потребното полномошно, договорната страна може да бара полномошното да се достави до заводот во рок определен од договорната страна, во согласност со минималниот временски рок пропишан со Правилникот. Секоја договорна страна може да предвиди дека, кога полномошното не било поднесено до заводот во рокот утврден од договорната страна, поднесокот на тоа лице нема да има дејство.

(4) [*Повикување на полномошно*] Договорната страна може да бара секој поднесок до заводот од страна на застапник за целите на постапката пред заводот да содржи повикување на полномошно врз основа на кое дејствува застапникот.

(5) [*Забрана на други услови*] Договорна страна не може да бара да бидат исполнети поинакви услови од оние опфатени со ставовите (3) и (4) и членот 8, во поглед на прашањата од овие ставови.

(6) [*Доказ*] Договорната страна може да бара да се достави доказ до заводот, кога Заводот има основано сомневање во вистинитоста на некој навод содржан во поднесокот од ставовите (3) и (4).

Член 5
Датум на поднесување

(1) [*Дозволени услови*]

(а) Во согласност со потставот (б) и ставот (2), договорната страна ќе го впише како датум на поднесување на пријавата датумот на кој заводот ги добил, на јазикот што се бара според членот 8 став (2), следниве наводи и елементи:

(i) јасен или разбирлив навод дека се бара регистрација на трговска марка;

(ii) наводи кои овозможуваат утврдување на идентитетот на подносителот;

(iii) наводи кои овозможуваат подносителот или неговиот застапник, ако има таков, да биде контактиран од страна на заводот;

(iv) доволно јасна репродукција на знакот за кој се бара регистрација;

(v) список на производи и/или услуги за кои се бара регистрација;

(vi) кога се применува членот 3 став (1)(а)(xvi) или (б), изјава од членот 3 став (1)(а)(xvi) или изјава и доказ од членот 3 став (1)(б), како што е предвидено со законот на договорната страна.

(б) Договорната страна може да го утврди како датум на поднесување на пријавата датумот на кој заводот добил само дел, но не и сите наводи и елементи од потставот (а), или ги добил на јазик кој не е јазикот предвиден со членот 8 став (2).

(2) [*Дозволени дополнителни услови*]

(а) Договорната страна може да предвиди дека нема да го утврди датумот на поднесување додека не се платат пропишаните такси.

(б) Договорната страна може да го применува условот од потставот

(а) само ако таквиот го применувала во времето кога станала страна на овој договор.

(3) [*Исправки и рокови*] Начините и роковите за исправки според ставовите (1) и (2) се утврдени со Правилникот.

(4) [*Забрана на други услови*] Договорната страна, во врска со датумот на поднесување, не може да бара да бидат исполнети поинакви услови освен оние предвидени во ставовите (1) и (2).

Член 6
Единствена регистрација на производи и/или услуги во неколку класи

Кога производите и/или услугите што припаѓаат на неколку класи од Ничанската класификација се содржани во една иста пријава, таквата пријава резултира со една иста регистрација.

Член 7
Поделба на пријава и регистација

(1) [*Поделба на пријава*]

(а) Секоја пријава во која се наведени повеќе производи и/или услуги (во понатамошниот текст „претходна пријава“) може:

(i) додека заводот не донесе решение за регистрација на трговската марка,

(ii) за време на постапката по приговор против решението за регистрација на трговската марка,

(iii) за време на постапката по жалба против решението за регистрација на трговската марка,

да биде поделена од страна на подносителот или на негово барање на две или повеќе пријави (во понатамошниот текст: „разделени пријави“) со поделба на производите и/или услугите содржани во претходната пријава помеѓу разделените пријави. Разделените пријави го задржуваат датумот на поднесување на претходната пријава и правото на првенство, ако има такво.

(б) Секоја договорна страна, во согласност со потставот (а) може да постави услови за поделба на пријавата, вклучително и плаќање на таксите.

(2) [*Поделба на регистрација*] Ставот (1) се применува, *mutatis mutandis* во поглед на поделбата на регистрацијата. Ваква поделба се дозволува:

(i) за време на која било постапка во која важноста на регистрацијата се оспорува пред заводот од трето лице,

(ii) за време на која било постапка по жалба против одлуката што ја донел заводот за време на претходната постапка,

при што, договорната страна да може да ја исклучи можноста за поделба на регистрациите, ако нејзиниот закон дозволува трети страни да поднесат приговор на регистрацијата на трговската марка пред марката да биде регистрирана.

Член 8
Поднесок

(1) [*Средства за пренос и форма на поднесокот*] Секоја договорна страна може да ги избере средствата на пренос на поднесокот и дали прифаќа поднесок на хартија, поднесок во електронска форма или некој друг облик на поднесокот.

(2) [*Јазик на поднесокот*]

(а) Договорната страна може да бара секој поднесок да биде на јазикот дозволен од страна на заводот. Кога заводот дозволува поднесокот да биде поднесен на повеќе од еден јазик, заводот може да бара од подносителот, носителот или друго заинтересирано лице поднесокот да биде поднесен и на друг јазик кој го признава заводот, под услов да не се бара наводите или елементите на поднесокот да бидат поднесени на повеќе од еден јазик.

(б) Договорната страна не може да бара изјава, нотаризација, проверка, легализација или друга потврда на кој било превод на поднесок, освен како што е предвидено со овој договор.

(в) Кога договорната страна не бара поднесокот да биде на јазикот дозволен од нејзиниот завод, заводот може да бара преводот на тој поднесок направен од страна на официјален преведувач или застапник, на јазик дозволен од заводот, да биде поднесен во разумен временски рок.

(3) [*Потпис на поднесокот на хартија*]

(а) Договорната страна може да бара поднесокот на хартија да биде потпишан од страна на подносителот, носителот или друго заинтересирано лице. Кога договорната страна бара поднесокот на хартија да биде потпишан тогаш договорната страна го прифаќа секој потпис кој ги исполнува условите пропишани во Правилникот.

(б) Ниту една договорна страна не може да бара изјава, нотаризација, проверка, легализација или друга потврда на кој било потпис, освен ако потписот се однесува на откажување од регистрацијата и кога законот на договорната страна го предвидува тоа.

(в) Без оглед на потставот (б), договорната страна може да бара да биде доставен доказ до заводот, кога заводот има основано сомневање во автентичноста на кој било потпис на поднесок на хартија.

(4) [Поднесок во електронска форма или со електронски средства на пренос] Кога договорната страна дозволува поднесување на поднесок во електронска форма или со електронски средства на пренос, може да бара секој ваков поднесок да биде во согласност со условите пропишани во Правилникот.

(5) [*Предавање на поднесокот*] Секоја договорна страна прифаќа предавање поднесок чија содржина одговара на соодветниот модел на меѓународен образец, ако е таков предвиден со Правилникот.

(6) [*Забрана на други услови*] Ниту една договорна страна не може да бара да се исполнат условите во поглед на ставовите од (1) до (5), освен оние од овој член.

(7) [*Средства за комуникација со застапник*] Овој член не ги регулира средствата за комуникација помеѓу подносителот, носителот или друго заинтерсирано лице и неговиот застапник.

Член 9
Класификација на производи и/или услуги

(1) [*Наведување на производи и/или услуги*] Во секоја регистрација и во секоја објава извршена од заводот, кои се однесуваат на пријавата или регистрацијата и во кои се наведуваат производите и/или услугите - производите и/или услугите се наведуваат според нивното име, групирани според класите на Ничанската класифијација, при што пред секоја група стои бројот на класата од Ничанската класифијација на која групата производи и услуги припаѓа и тоа според редоследот на класите во споменатата класификација.

(2) [*Производи и услуги во истата класа или во различни класи*]

(а) Производите и услугите во која било регистрација или објава на заводот не можат да се сметаат за слични меѓу себе врз основа на тоа што спаѓаат во иста класа на Ничанската класификација.

(б) Производите и услугите во која било регистрација или објава на Заводот не може да се сметаат за различни меѓу себе врз основа на тоа што спаѓаат во различни класи на Ничанската класификација.

Член 10
Промени во имињата или адресите

(1) [*Промени во името или адресата на носителот*]

(а) Кога нема промена на носителот, но има промена во неговото име и/или адреса, договорната страна ќе го прифати барањето за впишување на промената во регистарот на трговски марки на заводот од страна на носителот со поднесок во кој ќе биде наведен регистарскиот број на регистрацијата и промената што треба да се внесе.

(б) Договорната страна може да бара во барањето да се наведе

(i) името и адресата на носителот;

(ii) кога носителот има застапник, името и адресата на застапникот;

(iii) кога носителот има адреса за услуги, таа адреса.

(в) Договорната страна може да бара, во врска со барањето, да се платат такси на заводот.

(г) Едно барање ќе биде доволно дури и кога промената се однесува на повеќе од една регистрација, под услов регистарските броеви на сите регистрации на кои се однесуваат да бидат наведени во барањето.

(2) [*Промена во името или адресата на подносителот*] Ставот (1) се применува *mutatis mutandis* кога промената се однесува на пријава или пријави, или на пријава или пријави и регистрација или регистрации, под услов, кога бројот на пријавата на која било пријава сé уште да не е издаден или не му е познат на подносителот или на неговиот застапник, барањето на друг начин да ја идентификува пријавата како што е пропишано со Правилникот.

(3) [*Промена во името или адресата на застапникот или адресата за услуга*] Ставот (1) се применува, *mutatis mutandis* на која било промена во името или адресата на застапникот, ако има таква, и на која било промена поврзана со адресата за услуга, ако има таква.

(4) [*Забрана на други услови*] Договорната страна не може да бара условите, освен оние од ставовите од (1) до (3) и од членот 8, да бидат исполнети во поглед на барањето од овој член. Посебно не може да се бара поднесување на каков било сертификат во врска со промената.

(5) [*Доказ*] Договорната страна може да бара да биде поднесен доказ до заводот кога заводот има основано сомневање во вистинитоста на кој било навод од барањето.

Член 11
Промена на носителот

(1) [*Промена на носителот на регистрацијата*]

(а) Кога има промена на носителот, договорната страна ќе го прифати барањето за впишување на промената во регистарот на трговски марки кој го води заводот, од страна на носителот или лицето

кое станало нов носител (во понатамошниот текст „нов носител"), со поднесок во кој се наведува регистарскиот број на регистрацијата и промената што треба да се впише.

(б) Кога промената на носителот произлегува од договор, договорната страна може да бара во барањето да биде наведен тој факт, и по избор на страната што бара, да се приложи едно од следниве:

(i) копија од договорот, за која може да се бара да биде заверена од нотар или друго надлежно тело дека одговара на оригиналниот договор;

(ii) извадок од договорот кој ја покажува промената на носителот, за кој може да се бара да биде заверен од нотар или друго надлежно тело дека е вистински извадок од договорот;

(iii) непотврден сертификат за преносот изготвен во облик и со содржина како што е пропишано со Правилникот и потпишан од носителот и новиот носител;

(iv) непотврден документ за пренос изготвен во облик и со содржина како што е пропишано со Правилникот и потпишано од носителот и новиот носител.

(в) Кога промената на носителот произлегува од спојување, договорната страна може да бара во барањето да биде наведен тој факт и да биде приложена копија од документ кој е издаден од надлежно тело и докази за спојувањето, како што е копија од трговскиот регистар и од страна на телото кое го издало документот или од страна на нотар или друго надлежно тело да биде потврдено дека копијата одговара на оригиналниот документ.

(г) Кога има промена на лицето на еден или на повеќе, но не и на сите соносители, и таквата промена на носителот резултира со договор или спојување, договорната страна може да бара кој било соносител за кого има промена да ја даде својата јасна согласност за промената во документ потпишан од него.

(д) Кога промената на носителот не резултура со договор или спојување туку од друга основа, на пример, од примена на закон или судска одлука, договорната страна може да бара во барањето да биде наведен тој факт и да биде придружен со копија од документ, кој ја евидентира промената, и таа копија да биде потврдено дека одговара на оригиналниот документ од страна на телото кое го издало документот или од нотар или друго надлежно тело.

(ѓ) Секоја договорна страна може да бара во барањето да биде наведено

(i) името и адресата на носителот;

(ii) името и адресата на новиот носител;

(iii) името на државата чиј државјанин е новиот носител, ако е државјанин на која било држава, името на државата во која новиот носител има живеалиште, ако има таква, и името на државата во која новиот носител има стварно и ефективно индустриско или трговско седиште, ако има такво;

(iv) кога новиот носител е правно лице, правната природа на тоа лице и државата и, кога е можно, територијалната единица во таа држава, според чиј закон е организирано тоа правно лице;

(v) кога носителот има застапник, името и адресата на застапникот;

(vi) кога носителот има адреса за услуга, таа адреса;

(vii) кога новиот носител има застапник, името и адресата на застапникот;

(viii) кога од новиот носител се бара да има адреса за услуга според членот 4 став (2)(б), таа адреса.

(е) Договорната страна може да бара, за барањето да му се плаќаат такси на заводот.

(ж) Едно барање ќе биде доволно кога и промената се однесува на повеќе од една регистрација, под услов носителот и новиот носител да се исти за секоја регистрација и регистарските броеви на сите регистрации да се наведени во барањето.

(з) Кога промената на носителот не се однесува на сите производи и/или услуги наведени во регистрацијата на носителот и законот што се применува дозволува впишување на ваквата промена, заводот прави одделна регистрација која се однесува на производите и/или услугите за кои е извршена промената.

(2) [*Промена на подносителот на пријавата*] Ставот (1) се применува *mutatis mutandis* кога промената се однесува на една или повеќе пријави или на една или повеќе пријави и една или повеќе регистрации, под услов, кога бројот на која било пријава сé уште не е издаден или не му е познат на подносителот или неговиот застапник, во барањето на друг начин да се идентификува пријавата како што е пропишано со Правилникот.

(3) [*Забрана на други услови*] Договорната страна не може да бара да се исполнат поинакви услови во врска со барањето, освен оние од ставот (1) и (2) на овој член и од членот 8. Особено не може да го бара следново:

(i) во согласност со ставот (1)(в), поднесување на каква било потврда или извадок од трговскиот регистар;

(ii) навод за вршење индустриска или трговска дејност на новиот носител, како и поднесување доказ за тоа;

(iii) навод за вршење дејност од страна на новиот носител, во согласност со производите и/или услугите опфатени со промената на носителот како и поднесување доказ за тоа;

(iv) навод дека носителот му го предава целосно или делумно својот бизнис или соодветното бизнис реноме на новиот носител како и обезбедување доказ за тоа.

(4) [*Доказ*] Договорната страна може да бара да се поднесе доказ или дополнителен доказ до заводот кога се применува ставот (1)(в) или (д), ако заводот основано се сомнева во вистинитоста на кој било навод што се содржи во барањето или во кој било документ во врска со овој член.

Член 12
Исправка на грешка

(1) [*Исправка на грешка во поглед на регистрацијата*]

(а) Договорната страна ќе прифати барање за исправка на грешка која била направена во пријавата или во друго барање доставено до заводот и која е содржана во нејзиниот регистар на трговски марки и/или во каква било објава од страна на заводот - барањето е содржано во поднесок на носителот во кое е наведен бројот на регистрацијата, грешката што треба да се исправи и исправката што треба да се внесе.

(б) Договорната страна може да бара во барањето да биде наведено:

(i) името и адресата на носителот;

(ii) кога носителот има застапник, името и адресата на тој застапник;

(iii) кога носителот има адреса за услуга, таа адреса.

(в) Договорната страна може да бара, во врска со барањето, да му бидат платени такси на заводот.

(г) Едно барање е доволно дури и кога исправката се однесува на повеќе од една регистрација на истото лице, под услов таа грешка и бараната исправка да се исти за секоја регистрација и регистарските броеви на сите регистрации да се наведени во барањето.

(2) [*Исправка на грешка во поглед на пријавата*] Ставот (1) се применува *mutatis mutandis* кога грешката се однесува на една или повеќе пријави или на една или повеќе пријави и една или повеќе регистрации, под услов, кога бројот на која било пријава сé уште не е издаден или не му е познат на подносителот или неговиот застапник, во барањето на друг начин да се идентификува пријавата како што е пропишано со Правилникот.

(3) [*Забрана на други услови*] Договорната страна не може да бара да бидат исполнети други услови освен оние од ставовите (1) и (2) и од членот 8, во врска со барањето од овој член.

(4) [*Доказ*] Договорната страна може да бара да биде доставен доказ до заводот кога заводот основано се сомнева дека наводната грешка навистина е грешка.

(5) [*Грешки на Заводот*] Заводот на договорната страна ги поправа сопствените грешки по службена должност или на барање, без паричен надоместок.

(6) [*Непоправливи грешки*] Договорната страна нема да биде обврзана да ги применува ставовите (1), (2) и (5) за која било грешка која не може да се исправи според нејзиниот закон.

Член 13
Важење и обновување на регистрацијата

(1) [*Наводи или елементи кои се содржат или се приложени со барањето за обновување; такси*]

(а) Договорната страна може да бара обновувањето на регистрацијата да биде предмет на поднесување барање и таквото барање да содржи некои или сите од следниве наводи:

(i) навод дека се бара обновување;

(ii) име и адреса на носителот;

(iii) регистарски број на регистрацијата на која се однесува;

(iv) по избор на договорната страна, датумот на поднесување на пријавата која резултирала со соодветна регистрација или датумот на регистрација на соодветната регистрација;

(v) кога носителот има застапник, името и адресата на застапникот;

(vi) кога носителот има адреса за услуга, таа адреса;

(vii) кога договорната страна дозволува обновувањето на регистрацијата да биде само за некои од производите и/или услугите впишани во регистарот на трговски марки и се бара вакво обновување, имињата на впишаните производи и/или услуги за кои се бара обновување или имињата на впишаните производи и/или услуги за кои не се бара обновување, групирани според Ничанската класификација, при што, пред секоја група претходи бројот на класата од таа класифицијација на која групата производи или услуги припаѓа и тоа според редоследот на класите на споменатата класификација;

(viii) кога договорната страна дозволува да се поднесе барање за обновување од лице кое не е носител или неговиот застапник и барањето е поднесено од тоа лице, името и адресата на лицето.

(б) Договорната страна може да бара, во врска со барањето за обновување, на заводот да му бидат платени такси. Откако ќе се платат такси во поглед на првичниот период на регистрацијата или кој било друг период на обновување, не може да се бара дополнително плаќање за одржување на регистрацијата во однос на тој период. Трошоците поврзани со поднесувањето изјава и/или доказ за употреба нема да се сметаат, за целите на овој потстав, за плаќања потребни за одржување на регистрацијата и овој потстав нема да има влијание на нив.

(в) Договорната страна може да бара до заводот да се поднесе барање за обновување и да се плати соодветна такса според потставот (б), во рокот определен со законот на договорната страна, во согласност со минималните рокови пропишани во Правилникот.

(2) [*Забрана на други услови*] Ниту една договорна страна не може да бара да бидат исполнети други услови во поглед на барањето за обновување, освен оние од ставот (1) и од членот 8. Особено, не може да се бара следново:

(i) каква било репродукција или друга идентификација на трговската марка;

(ii) поднесување доказ во однос на тоа дека трговската марка е регистрирана или дека нејзината регистрација е обновена во некој друг регистар на трговски марки;

(iii) поднесување изјава и/или доказ за користење на трговската марка.

(3) [*Доказ*] Договорната страна може да бара поднесување доказ до заводот во текот на испитувањето на барањето за обновување, кога заводот основано се сомнева во вистинитоста на кој било навод или елемент што се содржи во барањето за обновување.

(4) [*Забрана на суштинско испитување*] Ниту еден завод на договорна страна не може заради обновување да ја испитува регистрацијата суштински.

(5) [*Важење*] Важењето на првичниот период на регистрација и важењето на секој наредeн период на обновување, е 10 години.

Член 14
Олеснителни мерки во случај на незапазување на роковите

(1) [*Олеснителна мерка пред истекот на рокот*] Договорната страна може да превиди продолжување на рокот за преземање дејствија во постапката пред заводот во врска со пријавата или регистрацијата, ако за тоа е поднесено барање до заводот, пред истекот на рокот.

(2) [*Олеснителни мерки по истекот на рокот*] Кога подносителот, носителот или друго заинтересирано лице не го запазило рокот („соодветниот рок“) за преземање дејствија во постапката пред заводот на договорната страна во врска со пријавата или регистрацијата, договорната страна ќе предвиди една или повеќе од следниве олеснителни мерки, во согласност со условите пропишани во Правилникот, ако барање за тоа е поднесено до заводот:

(i) продолжување на соодветниот рок за период пропишан во Правилникот;

(ii) континуиран тек на постапката во однос на пријавата или регистрацијата;

(iii) повторно воспоставување на правата на подносителот, носителот или друго заинтересирано лице во однос на пријавата или регистрацијата, ако заводот утврди дека незапазувањето на рокот се случило и покрај должното внимание што го барале околностите или дека пропустот бил ненамерен, по избор на договорната страна.

(3) [*Исклучоци*] Од ниту една договорна страна не може да се бара да предвиди олеснителни мерки од ставот (1) во врска со исклучоците пропишани со Правилникот.

(4) [*Такси*] Договорната страна може да бара плаќање такси во врска со олеснителните мерки според ставовите (1) и (2).

(5) [*Забрана на други услови*] Договорната страна не може да бара исполнување на други услови, освен оние од овој член и членот 8, во поглед на какви било олеснителни мерки од ставот (2).

Член 15
Обврска за придржување до Парискатa конвенција

Договорната страна мора да се придржува кон одредбите на Парискатa конвенција кои се однесуваат на трговските марки.

Член 16
Услужни марки

Договорната страна ќе ги регистрира услужните марки и на таквите марки ќе ги применува одредбите од Парискатa конвенција кои се однесуваат на трговските марки.

Член 17
Барање за впишување лиценца

(1) [*Услови во врска со барањето за впишување*] Кога законот на договорната страна предвидува впишување лиценца во нејзиниот завод, таа договорна страна може да бара барањето за впишување:

(i) да биде поднесено во согласност со условите предвидени во Правилникот, и

(ii) да биде придружено со дополнителни документи пропишани со Правилникот.

(2) [*Такси*] Секоја договорна страна може да бара, во врска со впишувањето на лиценцата, да бидат платени таксите на заводот.

(3) [*Едно барање поврзано со неколку регистрации*] Едно барање ќе биде доволно дури и кога лиценцата се однесува на повеќе од една регистрација, под услов во барањето да бидат наведени регистарските броеви на сите регистрации, носителот и лиценцопримачот да се исти за сите регистрации, и во барањето да биде наведен обемот на лиценцата, во согласност со Правилникот, во врска со сите регистрации.

(4) [*Забрана на други услови*]

(а) Договорната страна не може да бара да бидат исполнети други услови, освен оние од ставовите (1) и (3) и од членот 8, во врска со впишувањето на лиценцата во заводот. Особено не може да бара:

(i) поднесување потврда за регистрација на трговската марка која е предмет на лиценцата;

(ii) поднесување договор за лиценца или превод на истиот;

(iii) навод за финансиските услови на договорот за лиценца.

(б) Потставот (а) е без штетни последици за која било обврска која постои во согласност со законот на договорната страна, во врска со откривање информации за цели кои не се запишување на лиценцата во регистарот на трговски марки.

(5) [*Доказ*] Договорната страна може да бара да биде поднесен доказ до заводот, кога заводот основано се сомнева во вистинитоста на кој било навод што се содржи во барањето или друг документ наведен во Правилникот.

(6) [*Барања поврзани со пријавите*] Ставовите од (1) до (5) се применуваат *mutatis mutandis* на барања за впишување лиценца за пријава, кога законот на договорната страна предвидува такво впишување.

Член 18
Барање за измена или поништување на впишувањето лиценца

(1) [*Услови во врска со барањето*] Кога законот на договорната страна предвидува впишување лиценца во нејзиниот завод, таа договорна страна може да бара, барањето за измена или поништување на впишувањето лиценца:

(i) да биде поднесено во согласност со условите предвидени во Правилникот, и

(ii) да биде придружено со дополнителни документи предвидени во Правилникот.

(2) [*Други услови*] Членот 17 став од (2) до (6) ќе се применува *mutatis mutandis* на барањата за измена или поништување на впишувањето лиценца.

Член 19

Последици од невпишувањето лиценца

(1) [*Важност на регистрацијата и заштитата на трговската марка*] Невпишувањето лиценца во заводот или во друга овластена институција на договорната страна нема да има негативни последици за важноста на регистрацијата на трговската марка која е предмет на лиценцата или за заштитата на таа марка.

(2) [*Одредени права на лиценцопримачот*] Договорната страна не може да бара впишувањето на лиценцата да биде услов за кое било право што во согласност со законот на договорната страна може да го има лиценцопримачот за да се приклучи кон постапката за повреда на правата која ја започнал носителот или да добие преку таквата постапка надомест на штета поради повреда на правото на трговската марка која е предмет на таа лиценца.

(3) [*Користење на трговска марка кога не е впишана лиценцата*] Договорната страна не може да бара впишувањето на лиценцата да претставува услов користењето на трговската марка од страна на лиценцопримачот да се смета дека претставува користење од страна на носителот во постапките за признавање, одржување и спроведување на трговските марки.

Член 20

Назначување на лиценца

Кога законот на договорната страна бара назначување дека трговската марка се користи врз основа на лиценца, целосното или делумното неисполнување на тој услов нема да има влијание на важноста на регистрацијата на трговската марка која е предмет на лиценцата или на заштитата на таа трговска марка и нема да има влијание примената на членот 19 (3).

Член 21

Забелешки во случај на планирано одбивање

Пријавата во согласност со членот 3 или барањето од членовите 7, од 10 до 14, 17 и 18 не може да се одбие во целост или делумно од страна на заводот без да му се даде можност на подносителот или на барателот, во зависност од случајот, да даде забелешка на планираното одбивање во разумен временски рок. Во врска со членот 14, од заводот не може да се бара да даде можност за забелешка кога лицето што бара олеснителни мерки веќе имало можност да поднесе забелешка за фактите на кои се заснова одлуката.

Член 22

Правилник

(1) [*Содржина*]

(а) Правилникот во прилог на овој договор содржи правила во врска со:

(i) прашањата за кои овој договор јасно предвидува дека „се пропишани во Правилникот";

(ii) деталите кои се корисни во спроведувањето на одредбите на овој договор; и

(iii) административните барања, прашања или постапки.

(б) Правилникот, исто така, содржи модели на меѓународните обрасци.

(2) [*Измена на Правилникот*] Предмет на ставот (3), секоја измена на Правилникот бара одобрување со три четвртини од гласовите.

(3) [*Услов на едногласност*]

(а) Со Правилникот може да се специфицираат одредбите на Правилникот кои може да се изменат само со едногласност.

(б) Секоја измена на Правилникот која резултира со дополнување на одредбите или бришење на одредбите утврдени во Правилникот, во согласност со потставот (а), бараат едногласност.

(в) Во утврдувањето дали е постигната едногласноста, само гласовите кои се дадени ќе бидат земени во предвид. Апстиненциите нема да се сметаат за гласови.

(4) [*Неусогласеност помеѓу Договорот и Правилникот*] Во случај на неусогласеност помеѓу одредбите на овој договор и оние на Правилникот, се применуваат одредбите од Договорот.

Член 23
Собрание

(1) [*Состав*]

(а) Договорните страни имаат Собрание.

(б) Секоја договорна страна е претставена во Собранието со еден делегат, кому може да му помагаат заменици-делегати, советници и експерти. Секој делегат може да претставува само една договорна страна.

(2) [*Задачи*] Собранието

(i) се занимава со прашањата кои се однесуваат на развојот на овој договор;

(ii) го менува Правилникот, вклучително и моделите на Меѓународните обрасци;

(iii) ги определува условите за датумот на пријавата за секој амандман од точката (ii); и

(iv) извршува други вакви функции, за спроведување на одредбите на овој договор.

(3) [*Кворум*]

(а) Една половина од членовите на Собранието, кои се држави, го сочинуваат кворумот.

(б) Без оглед на потставот (а), ако на некоја седница бројот на членките на државите кои се претставени на Собранието е помал од една половина, но е еднаков или поголем од една третина од државите членки на Собранието, Собранието може да носи одлуки, но, со исклучок на одлуките кои се однесуваат на неговата сопствена процедура, сите вакви одлуки влегуваат во сила само ако се исполнети условите што се утврдени во понатамошниот текст. Меѓународното биро

ги доставува споменатите одлуки до државите членки на Собранието кои не се присутни и ги повикува во писмена форма да го дадат својот глас или да се воздржат од гласање во рок од три месеци од датумот на доставување. Ако, по истекот на овој период, бројот на членовите кои на ваков начин го дале својот глас или се изјасниле како воздржани, го достигне бројот на членовите кој недостасувал за да се постигне кворум за самата седница, ваквите одлуки влегуваат во сила под услов истовремено да се постигне потребното мнозинство.

(4) *Донесување одлуки во Собранието*]

(а) Собранието по правило донесува одлуки со консензус.

(б) Кога одлуката не може да се донесе со консензус, прашањето за кое станува збор се решава со гласање. Во тој случај,

(i) секоја договорна страна која е држава има еден глас и гласа само во свое име; и

(ii) секоја договорна страна које е меѓувладина организација може да учествува во гласањето на местото на нејзините држави-членки со број на гласови еднакво на бројот на нејзините држави-членки, кои се страни на овој договор. Ниту една таква меѓувладина организација не може да учествува во гласањето ако некоја од нејзините држави-членки го користи своето право на глас и обратно. Покрај ова, ниту една ваква меѓувладина организација не може да учествува во гласањето ако една од нејзините држави-членки, страна на овој договор, е држава-членка на друга ваква меѓувладина организација и таа друга меѓувладина организација учествува во тоа гласање.

(5) [*Мнозинства*]

(а) Според членот 22 ставови (2) и (3), одлуките на Собранието се донесуваат со двотретинско мнозинство.

(б) При утврдувањето дали е постигнато потребното мнозинство, само гласовите што се дадени се земаат во предвид. Воздржаните не се сметаат за гласови.

(6) [*Седници*] Собранието се состанува на повик на генералниот директор и, во отсуство на вонредни околности, во текот на истиот период и на истото место како и Генералното собрание на Организацијата.

(7) [*Правила на постапката*] Собранието воспоставува свои сопствени правила на постапката, вклучително и правила за свикување вонредни седници.

Член 24
Меѓународно биро

(1) [*Административни задачи*]

(а) Меѓународното биро ги врши административните задачи во врска со овој договор.

(б) Особено, Меѓународното биро ги подготвува состаноците и обезбедува секретаријат на Собранието, како и такви комитети на експерти и работни групи какви што ќе одреди Собранието.

(2) [*Состаноци кои не се седници на собранието*] Генералниот директор ги свикува комитетот и работната групи формирана од Собранието.

(3) [*Улогата на Меѓународното биро во Собранието и другите состаноци*]

(а) Генералниот директор и лицата именувани од генералниот директор ќе учествуваат без право на глас на сите состаноци на Собранието, комитетите и работните групи формирани од Собранието.

(б) Генералниот директор или член на персоналот назначен од генералниот директор е по службена должност секретар на Собранието и на комитетите и работните групи од потставот (а).

(4) [*Конференции*]

(а) Меѓународното биро, во согласност со насоките на Собранието, ги подготвува ревизиските конференции.

(б) Меѓународното биро може да се консултира во врска со споменатите подготовки со државите-членки на Организацијата, меѓувладини организации и меѓународни и национални невладини организации.

(в) Генералниот директор и лицата именувани од генералниот директор учествуваат без право на глас во дискусиите на ревизиските конференции.

(5) [*Други задачи*] Меѓународното биро врши и други задачи што му се доделени во врска со овој договор.

Член 25
Измена или дополнување

Овој договор може да се измени или дополни на дипломатска конференција. Одлуката за свикување дипломатска конференција ја донесува Собранието.

Член 26
Станување страна на Договорот

(1) [*Исполнување на условите*] Следниве субјекти може да го потпишат и во согласност со ставовите (2) и (3) и членот 28 ставови (1) и (3) да станат страни на овој договор:

(i) Секоја држава-членка на Организацијата во која може да се регистрираат трговски марки во нејзиниот завод;

(ii) Секоја меѓувладина организација која има завод во кој може да се регистрираат трговски марки со важност на територијата на која се применува конститутивниот договор на меѓувладината организација, во сите нејзини држави-членки или во оние држави-членки кои се назначени за ваква цел во соодветната пријава, под услов сите држави-членки на меѓувладината организација да се членки на Организацијата;

(iii) Секоја држава-членка на Организацијата во која може да се регистрираат трговски марки само преку заводот на друга назначена држава која е членка на Организацијата;

(iv) Секоја држава-членка на Организацијата во која може да се регистрираат трговски марки само преку заводот кој го води меѓувладината организација на која таа држава е членка;

(v) Секоја држава-членка на Организацијата во која може да се регистрираат трговски марки само преку заводот кој е заеднички за група држави-членки на Организацијата.

(2) [*Ратификација или пристапување*] Секој субјект од ставот (1) може да депонира

(i) инструмент за ратификацијата, ако го потпишал овој договор, и

(ii) инструмент за пристапувањето, ако не го потпишал овој договор.

(3) [*Датум на стапување на сила на депонирањето*] Датум на стапување на сила на депонирањето на инструментот на ратификацијата или пристапувањето е:

(i) датумот на кој инструментот на таа држава е депониран, во случај на држава од ставот (1)(i),

(ii) датумот на кој инструментот на меѓувладината организација е депониран, во случај на меѓувладина организација,

(iii) датумот на кој следниот услов е исполнет: инструментот на таа држава е депониран и инструментот на друга, одредена држава е депониран, во случај на држава од ставот (1)(iii),

(iv) датумот кој се применува од горенаведената точка (ii), во случај на држава од ставот (1)(iv), и

(v) датумот на кој инструментите на сите држави-членки на групата се депонирани, во случај на држава-членка на група држави од ставот (1)(v).

Член 27

Примена на ТЛТ од 1994 и овој договор

(1) [*Односи помеѓу договорните страни на овој договор и ТЛТ 1994*] Овој договор ќе се применува на взаемните односи на договорните страни на овој договор и на ТЛТ 1994.

(2) [*Односи помеѓу договорните страни на овој договор и договорните страни на ТЛТ 1994 кои не се страна на овој договор*] Секоја договорна страна на овој договор и на ТЛТ 1994 ќе продолжи да го применува ТЛТ 1994 во своите односи со договорните страни на ТЛТ 1994 кои не се дел од овој договор.

Член 28

Влегување во сила;

Датум на влегување во сила на ратификациите и пристапувањата

(1) [*Инструменти кои се земаат предвид*] За целите на овој член се земаат во предвид само инструментите за ратификацијата или пристапувањето кои се депонирани од страна на субјектите од членот 26 став (1) и кои имаат датум на влегување во сила според членот 26 став (3).

(2) [*Влегување на сила на Договорот*] Овој договор влегува во сила три месеци откако десет држави или меѓувладини организации од членот 26 став (1)(ii) ги депонирале своите инструменти за ратификација или пристапување.

(3) [*Влегување во сила на ратификациите или пристапувањата по влегување во сила на Договорот*] Секој субјект кој не е опфатен со ставот (2) станува обврзан со овој договор три месеци по датумот на кој го депонирал својот инструмент на ратификација или пристапување.

Член 29
Резерви

(1) [*Специјални видови трговски марки*] Секоја држава или меѓувладина организација може да прогласи преку резерви дека, наспроти членот 2(1) и (2)(а), секоја од одредбите на членовите 3(1), 5, 7, 8(5), 11 и 13 нема да се применува на асоцијативните марки, дефанзивнитемарки, или на дериватните марки. Вакви резерви ќе се специфицираат во оние претходно споменатите одредби на кои резервите се однесуваат.

(2) [*Регистрација во повеќе класи*] Секоја држава или меѓувладина организација чија легислатива на датумот на усвојување на овој договор предвидува регистрација во повеќе класи на производите и регистрација во повеќе класи за услугите, може, кога влегува на сила овој договор, да прогласи дека одредбите од членот 6 нема да важат.

(3) [*Суштинско испитување во случај на обновување*] Секоја држава или меѓувладина организација може да изјави резерва дека наспроти членот 13(4), заводот може, при првото обновување на регистрацијата што ги покрива услугите, да ја испита суштински ваквата регистрација, под услов ваквото испитување да биде ограничено на елиминирање на повеќекратните регистрации врз основа на пријавите поднесени за време на периодот од шест месеци по датумот на стапување на сила на законот на државата или организацијата која ја вовела, пред влегувањето во сила на овој договор, можноста за регистрирање услужни трговски марки.

(4) [*Одредени права на лиценцопримачот*] Секоја држава или меѓувладина организација може да изјави резерва дека наспроти членот 19(2), бара впишување на лиценцата како услов за секое право кое лиценцопримачот може да го има според законот на таа држава или меѓувладина организација за приклучување кон постапката за повреда на правото поведена од носителот или во таква постапка да добие надомест на штета како резултат на повредата на правото на трговската марка која е предмет на лиценцата.

(5) [*Начини*] Секоја резерва од ставовите (1), (2), (3) или (4) се поднесува во изјава која се приложува со документот за ратификација или документот за пристапување на овој договор на државата или меѓувладината организација која ја изјавува резервата.

(6) [*Повлекување*] Која било резерва од овој договор, од ставовите (1), (2), (3) и (4), може да се повлече во кое било време.

(7) [*Забрана на други резерви*] Не е дозволена ниту една друга резерва на овој договор, освен резервите дозволени со ставовите (1), (2), (3) и (4).

Член 30
Откажување на Договорот

(1) [*Известување*] Секоја договорна страна може да се откаже од Договорот со известување упатено до генералниот директор.
(2) [*Датум на влегување во сила*] Откажувањето влегува во сила една година од датумот на кој генералниот директор го добил известувањето. Тоа нема да влијае на примената на овој договор на која било пријава во процесот на обработка или на која било трговска марка која за договорната страна е регистрирана во времето на истекување на споменатиот едногодишен период, при што договорната страна што откажува може, по истекот на споменатиот едногодишен период, да ја прекине примената на овој договор на која било регистрација од датумот на кој таа регистрација треба да се обнови.

Член 31
Јазици на Договорот; Потпис

(1) [*Оригинални текстови; официјални текстови*]
(а) Овој договор се потпишува во еден оригинал на англиски, арапски, кинески, француски, руски и шпански јазик, при што сите текстови се подеднакво автентични.
(б) Официјалниот текст на јазик кој не е опфатен со потставот (а), а е официјален јазик на договорната страна, го одредува генералниот директор по консултација со спомената договорна страна и секоја друга заинтересирана договорна страна.
(2) [*Рок за потпишување*] Овој договор ќе остане отворен за потпишување во седиштето на Организацијата една година по неговото усвојување.

Член 32
Депозитор

Генералниот директор е депозитор на овој договор.

Правилник според Сингапурскиот договор за право на трговска марка

Правило 1
Скратени изрази

(1) [*Скратени изрази дефинирани во Правилникот*] За целите на овој правилник, освен ако не е предвидено поинаку:
(i) „Договор" значи Сингапурски договор за правото на трговски марки;
(ii) „Член" се однесува на одреден член од Договорот;
(a) Fulfillment of advisory functions aimed at strengthening the ability to apply preventive, preparedness and response measures;

(b) Undertaking, at the request of a Party, of inspections of its hazardous activities and the provision of assistance in organizing its national inspections according to the requirements of this Convention.

4. Assistance in the case of an emergency

Provision, at the request of a Party, of assistance by, inter alia, sending experts to the site of an industrial accident to provide consultative and other kinds of assistance in response to the industrial accident.

ANNEX XIII

ARBITRATION

1. The claimant Party or Parties shall notify the secretariat that the Parties have agreed to submit the dispute to arbitration pursuant to Article 21, paragraph 2 of this Convention. The notification shall state the subject-matter of arbitration and include, in particular, the Articles of this Convention, the interpretation or application of which is at issue. The secretariat shall forward the information received to all Parties to this Convention.

2. The arbitral tribunal shall consist of three members. Both the claimant Party or Parties and the other Party or Parties to the dispute shall appoint an arbitrator, and the two arbitrators so appointed shall designate by common agreement the third arbitrator, who shall be the president of the arbitral tribunal. The latter shall not be a national of one of the parties to the dispute, nor have his or her usual place of residence in the territory of one of these parties, nor be employed by any of them, nor have dealt with the case in any other capacity.

3. If the president of the arbitral tribunal has not been designated within two months of the appointment of the second arbitrator, the Executive Secretary of the Economic Commission for Europe shall, at the request of either party to the dispute, designate the president within a further two-month period.

4. If one of the parties to the dispute does not appoint an arbitrator within two months of the receipt of the request, the other party may so inform the Executive Secretary of the Economic Commission for Europe, who shall designate the president of the arbitral tribunal within a further two-month period. Upon designation, the president of the arbitral tribunal shall request the party which has not appointed an arbitrator to do so within two months. If it fails to do so within that period, the president shall inform the Executive Secretary of the Economic Commission for Europe, who shall make this appointment within a further two-month period.

5. The arbitral tribunal shall render its decision in accordance with international law and in accordance with the provisions of this Convention.

6. Any arbitral tribunal constituted under the provisions set out herein shall draw up its own rules of procedure.

7. The decisions of the arbitral tribunal, both on procedure and on substance, shall be taken by majority vote of its members.

8. The tribunal may take all appropriate measures to establish the facts.

9. The parties to the dispute shall facilitate the work of the arbitral tribunal and, in particular shall, using all means at their disposal:

(a) Provide the tribunal with all relevant documents, facilities and information;

(b) Enable the tribunal, where necessary, to call witnesses or experts and receive their evidence.

10. The parties to the dispute and the arbitrators shall protect the confidentiality of any information they receive in confidence during the proceedings of the arbitral tribunal.

11. The arbitral tribunal may, at the request of one of the parties, recommend interim measures of protection.

12. If one of the parties to the dispute does not appear before the arbitral tribunal or fails to defend its case, the other party may request the tribunal to continue the proceedings and to render its final decision. Absence of a party or failure of a party to defend its case shall not constitute a bar to the proceedings.

13. The arbitral tribunal may hear and determine counter-claims arising directly out of the subject-matter of the dispute.

14. Unless the arbitral tribunal determines otherwise because of the particular circumstances of the case, the expenses of the tribunal, including the remuneration of its members, shall be borne equally by the parties to the dispute. The tribunal shall keep a record of all its expenses and shall furnish a final statement thereof to the parties to the dispute.

15. Any Party to this Convention which has an interest of a legal nature in the subject-matter of the dispute and which may be affected by a decision in the case, may intervene in the proceedings with the consent of the tribunal.

16. The arbitral tribunal shall render its award within five months of the date on which it is established unless it finds it necessary to extend the time-limit for a period which should not exceed five months.

17. The award of the arbitral tribunal shall be accompanied by a statement of reasons. It shall be final and binding upon all parties to the dispute. The award will be transmitted by the arbitral tribunal to the parties to the dispute and to the secretariat. The secretariat will forward the information received to all Parties to this Convention.

18. Any dispute which may arise between the parties concerning the interpretation or execution of the award may be submitted by either party to the arbitral tribunal which made the award or, if the latter cannot be seized thereof, to another tribunal constituted for this purpose in the same manner as the first.

КОНВЕНЦИЈА ЗА ПРЕКУГРАНИЧНИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ИНДУСТРИСКИ НЕСРЕЌИ

ПРЕАМБУЛА

Страните на оваа Конвенција,

свесни за исклучителната важност, во интерес на сегашните и идните генерации, на заштитата на луѓето и на животната средина од ефектите од индустриските несреќи,

препознавајќи ги значењето и ургентноста на спречувањето на сериозните негативни ефекти од индустриските несреќи врз луѓето и врз животната средина и на унапредувањето на сите мерки со кои што се стимулира рационалната, економската и ефикасната примена на мерки за спречување, подготвеност и реакција со цел да се обезбеди еколошки здрав и одржлив економски развој,

имајќи го предвид фактот дека ефектите од индустриските несреќи можат да се почувствуваат и преку границите и дека за истите е потребна соработка помеѓу државите;

афирмирајќи ја потребата за промовирање на активна меѓународна соработка меѓу државите засегнати пред, во текот и после несреќата, унапредување на соодветните политики и зајакнување и координација на дејствувањето на сите релевантни нивоа за промовирање на спречувањето на прекуграничните ефекти од индустриски несреќи, подготвеноста за нив и одговорот на истите,

потврдувајќи ја важноста и полезноста на билатералните и мултилатералните договори за спречување на ефектите од индустриски несреќи, подготвеноста за нив и одговорот на истите,

свесни за улогата што во оваа смисла ја има Економската комисија на Обединетите нации за Европа (ЕКЕ) и повикувајќи се, меѓу останатото, на Кодексот на ЕКЕ за однесување во случаи на ненамерно загадување на прекугранични внатрешни води и на Конвенцијата за оценка на влијанието врз животната средина во прекугранично контекст,

имајќи ги предвид релевантните одредби на Финалниот акт на Конференцијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ), Заклучниот документ од Виенскиот состанок на претставниците на земјите-учеснички во ОБСЕ и резултатот од Софискиот состанок за заштита на животната средина на ОБСЕ, како и релевантните активности и механизми во

Програмата на Обединетите нации за животна средина (УНЕП), особено програмата АПЕЛЛ, во Меѓународната организација за труд (МОТ), особено Кодексот на практика за спречување големи индустриски несреќи, како и во други релевантни меѓународни организации,

земајќи ги предвид релевантните одредби на Декларацијата на Конференцијата на Обединетите нации за човекова животна средина, а особено начелото 21, според коешто државите, во согласност со Повелбата на Обединетите нации и принципите на меѓународното право, имаат суверено право да ги искористуваат сопствените ресурси според сопствените политики за заштита на животната средина и одговорност да обезбедат активностите што се во нивна надлежност или под нивна контрола, да не предизвикаат штети на животната средина на други земји или области што наоѓаат надвор од границите на националната територија,

земајќи го предвид начелото „загадувачот плаќа" како општо начело на меѓународно право во областа на животната средина,

подвлекувајќи ги начелата на меѓународното право и обичаи, поконкретно начелата за добрососедство, реципроцитет, недискриминација и добри намери,

се договорија како што следува:

Член 1

Дефиниции

За потребите на оваа Конвенција,

(а) „Индустриска несреќа" е настан до којшто доаѓа како последица од неконтролиран развој во тек на активност што вклучува опасни супстанции:

(i) при инсталирање, на пример во текот на производството, употребата, складирањето, ракувањето или депонирањето; или

(ii) во текот на транспортот, во мерка во која што се опфатени со став 2 (г) на член 2;

(б) „Опасна активност" е активност во којашто се присутни или може да се присутни една или повеќе опасни супстанции во количества еднакви на или поголеми од граничните количества утврдени во Анекс I кон овој документ, што може да предизвика прекугранични ефекти;

(в) „Ефекти“ се директни или индиректни, непосредни или одложени негативни последици предизвикани од индустриска несреќа, врз, меѓу останатото:

(i) луѓето, флората и фауната;

(ii) почвата, водата, воздухот и пределот;

(iii) содејство помеѓу факторите од (i) и (ii);

(iv) материјалните средства и културното наследство, вклучувајќи ги и историските споменици;

(г) „Прекугранични ефекти“ се сериозни ефекти на територијата на една Страна како резултат од индустриска несреќа што се случила на територијата на друга Страна;

(д) „Оператор" е физичко или правно лице, вклучувајќи ги и јавните власти, надлежно за дејност, на пример за надзор, планирање или реализација на дејност;

(ѓ) „Страна", освен ако текстот не упатува поинаку, е Договорна страна на оваа Конвенција;

(е) „Страна на потекло" е Страна или Страни на чијашто територија се случила или може да се случи индустриска несреќа;

(ж) "Засегната Страна" е Страна или Страни засегнати или што може да бидат засегнати со прекуграничните последици од индустриска несреќа;

(з) „Заинтересирани Страни" се Страна на потекло и засеганата Страна;

(ѕ) „Јавност" е едно или повеќе физички или правни лица.

Член 2

Област на примена

1. Оваа Конвенција се применува за спречување на индустриските несреќи што може да предизвикаат прекугранични ефекти, подготвеност за нив и реакција на истите, вклучувајќи ги ефектите од несреќите

предизвикани од природни катастрофи, како и за меѓународна соработка во врска со взаемната помош, истражувања и развој, размената на информации и размената на технологија во областа на спречувањето на индустриски несреќи, подготвеност за нив и реакција на истите.

2. Оваа Конвенција не се применува за:

(а) Нуклеарни несреќи или радиолошки вонредни состојби;

(б) Несреќи кај воени инсталации;

(в) Дефекти на брани, со исклучок на ефекти од индустриските несреќи предизвикани од овие дефекти;

(г) Несреќи при копнен транспорт, со исклучок на:

(i) Итна реакција на овие несреќи;

(ii) Транспорт на локацијата на опасната активност;

(д) Ненамерно ослободување генетски модифицирани организми;

(ѓ) Несреќи предизвикани од активности во морската средина, вклучувајќи истражување или експлоатирање на морското дно;

(е) Истекување на нафта или на други штетни супстанции во морето.

Член 3

Општи одредби

1. Земајќи ги предвид напорите што се веќе реализирани на национално и меѓународно ниво, Страните ќе преземаат соодветни мерки и ќе соработуваат во рамките на оваа Конвенција за заштита на луѓето и животната средина од индустриски несреќи, преку што е можно поголемо спречување на истите, намалување на нивната зачестеност и сериозност и со ублажување на нивните ефекти. За таа цел, ќе се применуваат мерки за спречување, подготвеност и реакција, вклучувајќи мерки за обнова.

2. По пат на размена на информации, консултации и други мерки на соработка и без неосновано одлагање, Страните ќе изготвуваат и реализираат политики и стратегии за намалување на ризиците од индустриски несреќи и за подобрување на мерките за спречување, подготвеност и реакција, вклучувајќи ги мерките за обнова, земајќи ги предвид напорите што се веќе реализирани на национално и меѓународно ниво со цел да се избегне непотребното дуплирање..

3. Страните се должни да обезбедат операторот да биде обврзан да ги преземе сите мерки неопходни за безбедно вршење на опасната дејност и за спречување на индустриските несреќи.

4. За потребите на имплементација на оваа Конвенција, Страните се должни да ги преземат соодветните законодавни, регулаторни, административни и финансиски мерки за спречување на индустриските несреќи, подготвеноста за нив и реакцијата на истите.

5. Одредбите на оваа Конвенција не ги засегаат обврските на Страните според меѓународното право во врска со индустриските несреќи и опасните дејности.

Член 4

Идентификација, консултација и советување

1. За целите на преземање превентивни мерки и организирање мерки за подготвеност, Страната на потекло е должна да ги преземе соодветните мерки да ги идентфикува опасните дејности т.е активностите на својата територија и да се погрижи засегнатите Страни да бидат известени за сите вакви предложени или постојни активности.

2. Страните, на иницијатива на која било Страна, се должни да започнат дискусии во врска со идентификацијата на оние опасни активности коишто реално може да предизвикаат прекугранични ефекти. Ако засегнатите страни не постигнат согласност за тоа дали дадена активност е ваква опасна активност, која било таква Страна може, освен ако заинтересираните Страни не се договорат за друг метод на решавање на прашањето, тоа прашање да го достави до испитна комисија во согласност со одредбите на Анекс II кон оваа Конвенција за мислење.

3. Во однос на предложените или постојните опасни активности, Страните ги применуваат постапките утврдени во Анекс III кон оваа Конвенција.

4. Кога опасна активност подлежи на оценката за влијанието врз животната средина во согласност со Конвенцијата за оценка на влианието врз животната средина во прекугранично контекст, и кога таа оценка вклучува и оценка на прекуграничните ефекти од индустриските несреќи од таа опасна активност што се спроведува во согласност со условите на оваа Конвенција, конечната одлука што ќе се донесе за потребите на Конвенцијата за оценка на влијанието врз животнта средина во прекугранично контекст мора да ги исполнува релевантните услови на оваа Конвенција.

Член 5

Доброволно проширување

Заинтересираните Страни, на иницијатива на која било од нив, треба да започнат дискусии за тоа дали да третираат дадена активност што не е опфатена со Анекс I како опасна активност. Со заедничка согласност, тие може да користат советодавен механизам по сопствен избор, или испитна комисија во согласност со Анекс II за да ги советува. Кога заинтересираните Страни ќе се согласат, оваа Конвенција, или нејзин дел ќе се применува за предметната активноста како истата да е опасна активност.

Член 6

Спречување

1. Страните се должни да преземат соодветни мерки за спречување на индустриските несреќи, вклучувајќи мерки за поттикнување на активности од страна на операторите за намалување на ризикот од индустриски несреќи. Овие мерки може да ги вклучат, но не мора да се ограничат на мерките од Анекс IV кон оваа Конвенција.

2. Во однос на која било опасна активност, Страната на потекло е должна да бара операторот да го докаже безбедното извршување на опасната активност со тоа што ќе обезбеди информации како што се основни податоци за процесот, вклучувајќи ги, но не ограничувајќи се на анализата и оценката детално утврдени во Анекс V кон оваа Конвенција.

Член 7

Одлучување во врска со лоцирањето

Во рамките на својот правен систем, Страната на потекло, со цел да го сведе на минимум ризикот за населението и на животната средина на сите засегнати Страни, е должна да изготви политики за лоцирањето на новите опасни активности и за позначајните измени на постојни опасни активности. Во рамките на сопствените правни системи, засегнатите Страни се долќни да изготват политики за позначајниот развој во областите што би можеле да бидат засегнати од прекугранични ефекти што би произлегле од индустриска несреќа, така што ризиците ќе се сведат на минимум. При подготовката и воведувањето на вакви политики, Страните треба да ги имаат предвид аспектите дефинирани во Анекс V, став 2, потставови (1) до (8), и Анекс VI кон оваа Конвенција.

Член 8

Подготвеност за вонредни состојби

1. Страните се должни да преземаат соодветни мерки за воспоставување и одржување на соодветна подготвеност за вонредни состојби за реагирање на индустриски несреќи. Страните се должни да се погрижат да се преземаат мерки на подготвеност за да се ублажат прекуграничните ефекти од ваквите несреќи, при што должностите во практика ќе ги извршуваат операторите. Мерките може да ги вклучуваат, но не мора да се ограничат само на мерките од Анекс VII кон оваа Конвенција. Посебно, заинтересираните страни се должни меѓусебно да се информираат за своите планови за вонредни состојби.

2. Страната на потекло е должна за опасните активности да обезбеди подготовката и спроведување на планови за вонредни состојби за локацијата, коишто вклучуваат соодветните мерки за реакција и други мерки за спречување и сведување на минимум на прекуграничните ефекти. Страната на потекло е должна да ги достави до заинтересираните Страни елементите што ги поседува за изготвување на плановите за вонредни состојби.

3. Секоја Страна е должна, за опасните активности, да обезбеди подготовката и спроведување на планови за вонредни состојби за областа надвор од локацијата, со коишто ќе бидат опфатени мерките што ќе преземаат на нејзина територија за спречување и сведување на минимум на прекуграничните ефекти. При изготвување на овие планови, се земаат предвид заклучоците од анализата и оценката, особено аспектите утврдени во Анекс V, став 2, подставови од (1) до (5). Заинтересираните страни ќе настојуваат овие планови да ги изготват така што истите ќе бидат меѓусебно компатибилни. Кога е соодветно, ќе се изготвуваат заеднички планови за вонредни состојби за областите надвор од локацијата, за да се олесни усвојувањето на соодветни мерки за реакција.

4. Плановите за вонредни состојби треба редовно да се ревидираат или кога тоа го бараат околностите за да се земат предвид искуствата стекнати при справувањето со реални вонредни состојби.

Член 9

Информирање и учество на јавноста

1. Страните се должни да обезбедат соодветни информации за јавноста во областите што може да бидат засегнати од индустриска несреќа што би произлегла од опасна активност. Овие информации се пренесуваат преку канали за коишто Страните ќе сметаат дека се соодветни, ги содржат

елементите содржани во Анекс VIII кон оваа Конвенција, и ги имаат предвид аспектите наведени во Анекс V, став 2, подставови од (1) до (4) и (9).

2. Во согласност со одредбите на оваа Конвенција и секогаш кога тоа ќе биде можно и соодветно, Страната на потекло на јавноста во областите што е можно да бидат засегнати, е должна да и даде можност да учествува во релевантните постапки, со цел да ги изнесе своите ставови и загриженост во однос на мерките за спречување и подготвеност, и да обезбеди можноста што се дава на јавноста на засегнатата Страна да биде еднаква на можноста што се дава на јавноста на Страната на потекло.

3. Во согласност со своите правни системи и доколку е потребно врз реципрочна основа, Страните се должни да обезбедат пристап и учество за физичките и правните лица што се или може да се засегнати со прекугранични ефекти од индустриска несреќа на територијата на една Страна во релевантните административни и судски постапки, вклучувајќи ги можностите за покренување на правно дејствие и вложување жалба против решение што ги засега нивните права, еднакви на можностите што им се на располагање на лицата во рамките на нивната територија.

Член 10

Системи за известување за индустриските несреќи

1. Со цел да добиваат и пренесуваат известувања за индустриски несреќи што ќе содржат информации потребни за справување со прекугранични ефекти, Страните се должни да обезбедат воспоставување и работа на компатибилни и ефикасни системи за известување за индустриски несреќи на соодветни нивоа.

2. Во случај на индустриска несреќа или непосредна закана од истата, што предизвикува или може да предизвика прекугранични ефекти, Страната на потекло е должна да обезбеди засегнатите Страни без одлагање да бидат известени на соодветни нивоа, преку системите за известување за индустриски несреќи. Ова известување ги содржи елементите од Анекс IX кон оваа Конвенција.

3. Заинтересираните Страни се должни да обезбедат, во случај на индустриска несреќа или непосредна закана од истата, плановите за вонредни состојби изготвени во согласност со Член 8, да се активираат што е можно побрзо и до степен што е соодветен на околностите.

Член 11

Реакција

1. Во случај на индустриска несреќа или непосредна закана од истата, Страните се должни да обезбедат да бидат преземени соодветни мерки на реакција, што е можно побрзо и со примена на најефикасните практики со цел да ги елиминираат и да ги сведат ефектите на минимум.

2. Во случај на индустриска несреќа или непосредна закана од истата, што предизвикува или може да предизвика прекугранични ефекти, заинтересираните Страни се должни да обезбедат, кога е тоа соодветно, ефектите да бидат оценети заеднички, за потребите на преземање на соодветни мерки на реакција. Заинтересираните Страни се должни да настојуваат да ги координираат своите мерки на реакција.

Член 12

Взаемна помош

1. Доколку Страна има потреба одпомош во случај на индустриска несреќа, таа може да побара помош од други Страни, при што ќе го наведе обемот и видот на помошта што се бара. Страната до којашто е упатено барањето за помош е должна веднаш да одлучи и да ја информира Страната што побарала помош дали таа е во можност да ја обезбеди бараната помош и да ги наведе обемот и условите на помошта што може да се обезбеди.

2. Заинтересираните страни се должни да соработуваат за да го овозможат брзото обезбедување на помошта за којашто е постигната согласност во согласност со став 1 на овој член, вклучувајќи ги и активностите за сведување на минимум на последиците и ефектите од индустриската несреќа, и да обезбедат општа помош. Онаму каде што Страните немаат билатерални или мултилатерални договори со коишто се опфатени нивните односи за обезбедување взаемна помош, помошта се обезбедува во согласност со Анекс Х кон оваа Конвенција, освен доколку Страните не се договорат поинаку.

Член 13

Обврски и одговорност

Страните се должни да ги подржуваат соодветните меѓународни напори за изготвување правила, критериуми и постапки поврзани со обврските и финансиската одговорност.

Член 14

Истражување и развој

Според околностите, Страните иницираат и соработуваат во реализирање на истражувања и развој на методи и технологии за спречување на индустриските несреќи, подготвеност за нив,и реакција на истите,.За овие цели, Страните ќе ја поттикнуваат и активно ќе ја унапредуваат научната и технолошката соработка, вкулучувајќи ги и истражувањата за помалку опасните процеси чијашто цел е да се ограничат опасностите на несреќата и да се спречат и ограничат последиците од индустриските несреќи.

Член 15

Размена на информации

Страните, на мултилатерално или билатерално ниво, ќе ги разменуваат информациите со кои реално располагаат, вклучувајќи ги и елемнтите содржани во Анекс XI кон оваа Конвенција.

Член 16

Размена на технологија

1. Во согласност со своите закони, прописи и практики, Страните се должни да ја олеснуваат размената на технологија за спречување на ефектите од индустриските несреќи, подготвеност за нив и реакција на истите, особено преку унапредување на:

(а) Размената на достапната технологија врз различни финансиски основи;

(б) Непосредните индустриски контакти и соработка;

(в) Размената на информации и искуства;

(г) Обезбедувањето на техничка помош.

2. При унапредувањето на активностите од став 1, подставови од (а) до (г) на овој член, Страните се должни да создаваат поволни услови со тоа што ќе ги олеснуваат контактите и соработката помеѓу соодветните организации и поединци во приватниот и во јавниот сектор, коишто се во можност да обезбедат технологија, проектантски и инженерски услуги, опрема или финансиски средства.

Член 17

Надлежни органи и центри на контакт

1. За целите на оваа Конвенција, секоја Страна е должна да назначи или да воспостави еден или повеќе надлежни органи.

2. Без ограничување на останатите договори на билатерално или мултилатерално ниво, секоја Страна ќе назначи или воспостави еден центар за контакт, за целите на известувањата за индустриски несреќи од член 10, и еден центар за контакт за целите на взаемна помош од член 12. Препорачливо е овие центри за котакт да бидат во еден центар.

3. Секоја Страна, во рок од три месеци по влегувањето во сила на оваа Конвенција за таа Страна, е должна да ги информира останатите Страни, преку секретаријатот од член 20, кое тело или тела таа ги назначила за свој/свои центар/центри за контакт и за свој/свои надлежен/надлежни орган/и.

4. Во рок од еден месец по донесувањето на соодветната одлука, секоја Страна преку секретаријатот ќе ги информира останатите Страни за сите измени во однос на назначувањето (назначувањата) што ги извршила во согласност со став 3 на овој член.

5. Секоја Страна е должна да ги одржува функционални својот центар за контакти и своите системи за известување за индустриски несреќи од член 10 во секој момент.

6. Секоја Страна е должна да ги одржува функционални својот центар за контакти и своите органи задолжени за доставување и примање барања за помош и за прифаќање понуди за помош од член 12.

Член 18

Конференција на Страните

1. Претставниците на Страните ја сочинуваат Конференцијата на Страните на оваа Конвенција и ќе одржуваат редовни состаноци. Првиот состанок на Конференцијата на Страните ќе се свика најдоцна една година по датумот на влегување во сила на оваа Конвенција. По тој датум, Конференцијата на Страните ќе одржува состанок најмалку еднаш годишно, или на писмено барање од било која Страна, под услов, во рок од шест месеци откако секретаријатот ќе им го достави барањето, истото да биде поддржано од најмалку една третина од Страните.

2. Конференција на Страните:

(а) ќе ја разгледува имплементацијата на оваа Конвенција;

(б) ќе извршува советодавни функции чијашто цел е да се зголеми способноста на Страни да ги спречуваат прекуграничните ефекти од индустриските несреќи, да се подготват за нив и да реагираат на истите и да овозможат обезбедување на техничка помош и совети на барање од Страни што ќе се соочат со индустриски несреќи;

(в) по потреба, ќе формира работни групи и други соодветни механизми за да се разгледуваат прашања поврзани со имплементацијата и развојот на оваа Конвенција и за таа цел ќе изготвува соодветни студии и друга документација и ќе упатува препораки за разгледување од страна на Конференцијата на Страните;

(г) ќе извршува други функции што може да се потребни и соодветни во согласност со одредбите на оваа Конвенција;

(д) На својот прв состанок, ќе го разгледа и со консензус ќе го усвои деловникот за своите состаноци;

3. При извршувањето на своите функции, кога тоа ќе го смета за соодветно, Конференцијата на Страните ќе соработува и со останатите релевантни меѓународни организации.

4. На својот прв состанок, Конференцијата на Страните ќе ја утврди програмата за работа, особено во однос на прашањата содржани во Анекс XII кон оваа Конвенција. Конференцијата на Страните, исто така, ќе одлучи во врска со методот на работа, вклучувајќи примената на национални центри и соработката со релевантните меѓународни организации и воспоставувањето на систем со цел да се олесни имплементацијата на оваа Конвенција, особено во однос на взаемната помош во случај на индустриска несреќа и да се надградуваат постојните активности во рамките на релевантните меѓународни организации. Како дел од работната програма, Конференцијата на Страните ќе ја следи работата на постојните национални, регионални и меѓународни институции или центри и други тела и програми, чијашто цел е да се координираат информациите и напорите за спречување на индустриските несреќи, подготвеноста за нив и реакцијата на истите, со цел да се утврди кои дополнителни меѓународни институции или центри би можеле да бидат потребни за реализација на задачите наведени во Анекс XII.

5. На својот прв состанок, Конференцијата на Страните ќе започне со разгледување на постапки за создавање поповолни услови за размена на технологија за спречување на ефектите од индустриски несреќи, подготвеноста за нив и реакцијата на истите.

6. За целите на оваа Конвенција, Конференцијата на Страните ќе усвои општи насоки и критериуми за олеснување на идентификацијата на опасните активности.

Член 19

Право на глас

1. Освен во случаите утврдени во став 2 на овој член, секоја Страна кон оваа Конвенција има еден глас.

2. Во однос на работите од нивна надлежност, организациите за регионална економска интеграција од член 27, ќе го користат своето право на глас со број на гласови што ќе биде еднаков на бројот на нивните земји – членки што се Страни на оваа Конвенција. Овие организации нема да го користат своето право на глас кога нивните земји - членки го користат своето, и обратно.

Член 20

Секретаријат

Извршниот секретар на Економската комисија за Европа ќе ги извршува следниве секретаријатски функции:

(а) ќе ги свикува и подготвува состаноците на Страните;

(б) до Страните ќе доставува извештаи и други информации примени во согласност со одредбите на оваа Конвенција;

(в) ќе извршува други функции што може да ги определат Страните.

Член 21

Решавање спорови

1. Доколку помеѓу две или повеќе Страни дојде до спор во врска со толкувањето или примената на оваа Конвенција, тие ќе побараат решение за истиот преку преговори или преку друг метод на решавање спорови што е прифатлив за сите страни во спорот.

2. При потпишување, ратификација, прифаќање, одобрување или пристапување кон оваа Конвенција, или во кој било момент потоа, Страна

може до Депозитарот да достави писмена изјава дека, за спорот што не бил решен во согласност со став 1 на овој член, таа ги прифаќа едното или двете од следните средства за решавање на спорови како задолжително во однос на која било Страна што ја прифатила истата обврска:

(а) Доставување на спорот до Меѓународниот суд на правдата;

(б) Арбитража во согласност со постапката утврдена во Анекс XIII кон оваа Конвенција.

3. Ако страните во спорот ги прифатиле двете средства за решавање на спорови од став 2 на овој член, спорот може да се достави само до Меѓународниот суд на правдата, освен ако страните во спорот не се согласат поинаку.

Член 22

Ограничување за доставување на информации

1. Одредбите на оваа Конвенција нема да влијаат врз правата или обврските на Страните во согласност со нивните национални законодавства прописи административни одредби или прифатени правни практики и важечките меѓународни прописи за заштита на информациите поврзани со личните податоци, индустриска или комерцијалната доверливост, вклучувајќи ги интелектуалната сопственост или национална безбедност.

2. Доколку Страна сепак реши овие заштитени информации да ги достави до друга Страна, Страната што ги добива ваквите информации е должна да ја почитува нивната доверливост и условите под кои што се доставени и да ги користи тие информации само за целите за кои се доставени.

Член 23

Спроведување

Страните се должни да достaвуваат периодични извештаи за спроведувањето на оваа Конвенција.

Член 24

Билатерални и мултилатерални договори

1. За да ги исполнат своите обврски од оваа Конвенција, Страните можат да продолжат со постојните или да склучат нови билатерални или мултилатерални или други договори.

2. Одредбите на оваа Конвенција нема да да влијаат врз правата на Страните по потреба и по пат на билатерални или мултилатерални договори, да преземаат построги мерки од мерките што се бараат со оваа Конвенција.

Член 25

Статус на Анексите

Анексите кон оваа Конвенција претставуваат составен дел на истата.

Член 26

Измени на Конвенцијата

1. Секоја Страна може да предложи измени на оваа Конвенција.

2. Текстот на предложен амандман на оваа Конвенција се доставува во писмена форма до Извршниот секретар на Економската комисија за Европа, којшто истиот го проследува до сите Страни. Конференцијата на Страните ги разгледува предложените амандмани на својот наредец годишен состанок, под услов овие предлози да се доставени до Страни од страна на Извршниот секретар на Економската комисија за Европа најмалку 90 дена пред почетокот на состанокот.

3. За амандманите на оваа Конвенција – освен оние од Анекс I, за коишто постапката е опишана во став 4 на овој член:

(а) Амандманите се усвојуваат со консензус на Страните присутни на состанокот и се доставуваат од страна на Депозитарот до сите Страни за ратификација, прифаќање или одобрување;

(б) Инструментите на ратификација, прифаќање или одобрување на измените се депонираат кај Депозитарот. Измените усвоени во согласност со овој член влегуваат во сила за Страните што ги прифатиле на

деведесттиот ден од денот на приемот од страна на Депозитарот на шеесе́ттиот инструмент на ратификација, прифаќање или одобрување;

(в) Потоа, за секоја друга Страна, амандманите влегуваат во сила на деведесттиот ден од денот на којшто таа Страна ќе ги депонира сопствените инструменти на ратификација, прифаќање или одобрување на амандманите.

4. За амандмани на Анекс I:

(а) Страните ќе ги вложат сите напори да постигнат согласност со консензус. Во случај да се исцрпат сите вакви напори, а да не се постигне согласност, амандманите, како последен чекор, се усвојуваат со девет-десетинско мнозинство од гласовите на присутните Страни на состанокот што гласале. Во случај да бидат усвоени од Конференцијата на Страните, амандманите се доставуваат до Страните и се препорачува да бидат одобрени;

(б) По истекот на 12 месеци од денот на нивното доставување од страна на Извршниот секретар на Економската комисија за Европа, амандманите на Анекс I ќе влезат во сила за оние Страни на оваа Конвенција што не доставиле известување во согласност со одредбите на став 4, подстав (в) на овој член, под услов вакво известување да не доставиле најмалку шеснаесет Страни;

(в) Секоја Страна што не е во можност да одобри амандман на Анекс I кон оваа Конвенција, за тоа ќе го извести Извршниот секретар на Економската комисија за Европа, во писмена форма и во рок од 12 месеци од денот на известувањето за усвојувањето. Извршниот секретар без одлагање ги известува сите Страни за сите вакви примени известувања. Секоја Страна може во било кој момент со прифаќање да го замени своето претходно известување, со што амандманот на Анекс I ќе влезе во сила за таа Страна.

(г) За целите на овој став, „присутните Страни што гласале" значи Страните што биле присутни и што гласале „за" или „против".

Член 27

Потпишување

Оваа Конвенција ќе биде отворена за потпишување во Хелсинки, од 17 до 18 март 1992 година, вклучувајќи го 18 март, а потоа во седиштето на Обединетите нации во Њујорк, до 18 септември 1992 година, од страна на земјите-членки на Економската комисија за Европа, како и земјите што имаат консултативен статус во Економската комисија за Европа според став 8 на резолуцијата број 36 (IV) на Економско-социјалниот совет од 28 март 1947 година, и од страна на организациите на регионалана економска интеграција формирани од суверени земји-членки на Економската комисија

за Европа на коишто нивните земји-членки ја пренеле надлежноста во однос на прашањата опфатени со оваа Конвенција, вклучувајќи ја и надлежноста за склучување договори во однос на овие прашања.

Член 28

Депозитар

Генералниот секретар на Обединетите нации има функција на Депозитар на оваа Конвенција.

Член 29

Ратификација, прифаќање, одобрување и пристапување

1. Оваа Конвенција подлежи на ратификација, прифаќање или одобрување од страна на земјите-потписнички и организациите на регионалната економска интеграција од член 27.

2. Оваа Конвенција ќе биде отворена за пристапување од страна на земјите и организациите од член 27.

3. Организација од член 27 што ќе стане Страна на оваа Конвенција, без нејзините зеји-членки да се Страни кон истата ќе биде обврзана со сите обврски предвидени со оваа Конвенција. Во случај една или повеќе земји-членки на вакви организации да се Страни на оваа Конвенција, организацијата и нејзините земји-членки ќе одлучат за своите одговорности за исполнување на обврските во рамките на оваа Конвенција. Во вакви случаи, организацијата и нејзините земји-членки нема да го имаат правото истовремено да ги користат своите права во согласност со оваа Конвенција.

4. Во своите инструменти на ратификација, прифаќање, одобрување или пристапување, организациите на регионалана економска интеграција од член 27 се должни да го наведат степенот на нивната надлежност во однос на работите што се регулираат со оваа Конвенција. Овие организации, исто така, се должни да го информираат Депозитарот за сите позначајни измени во степенот на нивната надлежност.

Член 30

Влегување во сила

1. Оваа Конвенција ќе влезе во сила на деведесттиот ден од денот на депонирањето на шеесеттиот инструмент на ратификација, прифаќање, одобрување или пристапување.

2. За целите на став 1 на овој член, инструмент депониран од страна на организација од член 27, нема да се смета како дополнителен кон инструментите депонирани од страна на земјите-членки на оваа организација.

3. За секоја земја или организација од член 27 што ќе ја ратификува, прифати или одобри оваа Конвенција или што ќе пристапи кон истата по депонирање на шеесеттиот инструмент на ратификација, прифаќање, одобрување или пристапување – оваа Конвенција влегува во сила на деведесттиот ден од денот на депонирањето од страна на оваа држава или организација, на нејзиниот инструмент на ратификација, прифаќање, одобрување или пристапување.

Член 31

Повлекување

1. Во кој било момент по истекот на три години од датумот на којшто оваа Конвенција влегла во сила за Страна, таа Страна може да се повлече од оваа Конвенција со писмено известување до депозитарот. Вакво повлекување влегува во сила на деведесттиот ден од денот на приемот на известувањето од страна на Депозитарот.

2. Кое било повлекување нема да влијае врз примената на член 4, став 1, за активност во однос на којашто било доставено известување според член 4 став 1 или за барање за дискусии доставено во согласност со член 4, став 2.

Член 32

Автентични текстови

Оргиналот на оваа Конвенција, во подеднакво автентични текстови на англиски, француски и руски јазик, се депонира кај Генералниот секретар на Обединетите нации.

Долупотпишаните, прописно овластени, лично ја потпишаа оваа Конвенција.

Во Хелсинки, на седумнаесетти март, илјада деветстотини деведесет и втора година.

Анекс I

Опасни супстанции за целите на дефинирање на опасни активности[1]

Количествата дефинирани во натамошниот текст се однесуваат на секоја активност или група активности. Кога во Дел I е даден опсег на количества, граничните количества се максималните количества дадени во секој опсег. По пет години од денот на влегување во сила на оваа Конвенција, најниското количество дадено во секој опсег ќе стане гранично количество, доколку не се измени.

Кога супстанција или препарат именувани во Делот II исто така спаѓа во категорија во Дел I, ќе се применува грничното количество дефинирано во Дел II.

За идентификација на опасните активности, Страните ја земаат предвид предвидливата можност од зголемување на опасностите поврзани со истите и количествата на опасни супстанции и нивната близина, без разлика дали истите се наоѓаат во надлежност на еден или повеќе оператори.

ДЕЛ I. Категории на супстанции и препарати што не се посебно именувани во Дел II	
Категорија	*Гранично количество (во метрички тони)*
1. Запаливи [2], вклучувајќи LPG	50,000
2а. Високо запаливи [3 (а) и (б)]	200
2б. Високо запаливи [3 (в)]	50,000
3. Екстремно запаливи[4]	50
4. Токсични [5]	200
5. Многу токсични [6]	20
6. Оксидирачки [7]	200
7а. Експлозивни, кога супстанцијата, препаратот или производот подлежи на Оддел 1.4 на критериумите за ГХС[8]	200
7б. Експлозивни, кога супстанцијата, препаратот или производот подлежи на Оддел 1.1, 1.2, 1.3, 1.5 или 1.6 на критериумите за ГХС[8]	50
8а. Опасни за животна средина - „Токсични за водните организми“[9]	500
8б. Опасни за животна средина - „Многу токсични за водните организми“[10]	200

ДЕЛ II: Именувани супстанции	
Супстанција	*Гранично количество (во метрички тони)*
1а. Амониум нитрат[11]	10,000
1б. Амониум нитрат[12]	5,000
1в. Амониум нитрат[13]	2,500
1г. Амониум нитрат[14]	50
2а. Калиум нитрат[15]	10,000
2б. Калиум нитрат[16]	5,000
3. Хлор	25
4. Етилен оксид	50
5. Водород	50
6. Толуен диизоцијанат	100
7. Сулфур троксид	75
8. Олово алкили	50
9. Фосген	0,75
10. Метил-изоцијанат	0,15
12. Телни екстремно запаливи гасови (вклучувајќи LPG) и природен гас	200
13. Нафтени производи: бензини и нафти (вклучувајќи горива за млазни авиони); гасовити масла (вклучувајќи дизел горива, масла за греење на домаќинства и комбинирани текови на нафтени масла)	25,000

ЗАБЕЛЕШКИ

1. Индикативни критериуми. Во отсуство на други соодветни критериуми, Страните можат да ги применуваат следниве критериуми при класифицирањето на супстанции или препарати за целите на Дел I од овој Анекс. Мешавините и препаратите се третираат на ист начин како и чистите супстанции, освен ако веќе не покажуваат еквивалентни својства и не можат да доведат до прекугранични ефекти.

2. **ЗАПАЛИВИ ТЕЧНОСТИ:** супстанции и препарати што имаат температура на палење еднаква на или поголема од 21 °C и помала од или еднаква на 55°C за поддршка на согорувањето;

3. **ВИСОКО ЗАПАЛИВИ ТЕЧНОСТИ**

(а) супстанции и препарати што може да станат врели и конечно да се запалат во допир со воздух на надворешна температура без довод на енергија (спонтано се палат во воздухот);

(б) супстанции и препарати со точка на палење помала од 55°C и остануваат во течна состојба под притисок, при што во посебни услови на обработка, како што се висок притисок или висока температура, може да создадат опасност од поголема несреќа;

и

(в) супстанции и препарати со точка на палење помала од 21°C и не се екстремно запаливи.

4. ЕКСТРЕМНО ЗАПАЛИВИ ГАСОВИ И ТЕЧНОСТИ:

(а) Течни супстанции и препарати што имаат точка на палење пониска од 0°C и чијашто точка на вриење (или, во случај на опсега на вриење. почетната точка на вриење) при нормален притисок е помала од или еднаква на 35°C

(б) Случаи кои се запаливи во допир со воздух на надворешен притисок и надворешна температура, а кои се во гасовита или надкритична состојба; и

(в) Запаливи и високо запаливи течни супстанции и препарати кои се оджуваат на температура над нивната точка на вриење.

5 **ТОКСИЧНИ**: супстанции со својства што соодветствуваат со својствата од Табела 1 или ТАБЕЛА 2 и со физички и хемиски својства што се во состојба да создадат опасности од индустриски несреќи (LD = смртоносна доза; LC = смртоносна концентрација).

ТАБЕЛА 1		
LD_{50} (орално) (1) mg/kg телесна тежина $25< LD_{50} \leq 200$	LD_{50} (дермално) (2) mg/kg телесна тежина $50<LD_{50} \leq 400$	LC_{50} (3) mg/l (инхалација) $0,5< LC_{50} \leq 2$
(1) LD_{50} = орално кај стаорци		
(2) LD_{50} = дермално кај стаорци или зајаци		
(3) LC_{50} = преку инхалација (четири часа) кај стаорци		

ТАБЕЛА 2
Селективна доза mg/kg телесна тежина = 5
каде што акутната орална токсичност на супстанцијата кај животните е определена со примена на постапката на фиксна доза.

6. **МНОГУ ТОКСИЧНИ:** супстанции со својства што одговараат на оние од табела 3 или табела 4 и коишто, поради своите физички и хемиски својства, се во состојба да создадат опасности од индустриски несреќи (LD = смртоносна доза; LC = смртоносна концентрација).

ТАБЕЛА 3

LD_{50} (орално) (1) mg/kg телесна тежина $LD_{50} \leq 25$	LD_{50} (дермално) (2) mg/kg телесна тежина $LD_{50} \leq 50$	LC_{50} (3) mg/l (инхалација) $LC_{50} \leq 0,5$
(1) LD_{50} = орално кај стаорци		
(2) LD_{50} = дермално кај стаорци или зајаци		
(3) LC_{50} = преку инхалација (четири часа) кај стаорци		

ТАБЕЛА 4

Селективна доза mg/kg телесна тежина < 5

каде што акутната орална токсичност на супстанцијата кај животните е определена со примена на постапката на фиксна доза.

7. **ОКСИДИРАЧКИ:** супстанции што предизвикуваат високо егзотермичка реакција кога ќе дојдат во контакт со други супстанции, особено со запаливите супстанции.

8. **ЕКСПЛОЗИВНИ**

(а) супстанции или препарати што создаваат ризик од експлозија под влијание на удар, триење, оган или други извори на палење;

(б) супстанции или препарати што создаваат екстремен ризик од експлозија под влијание на удар, триење, оган или други извори на палење; или

(в) супстанции, препарати или предмети опфатени во Класа 1 на Европскиот договор за меѓународен превоз на опасни стоки во патниот сообраќај (ОН/АДР), склучен на 30 септември 1957 година, со измените.

Оддел 1.1: „Супстанции и предмети коишто имаат опасност од масовна експлозија (масовна експлозија е експлозија што го загрозува речиси целиот товар моментално).“

Оддел 1.2: „Супстанции и предмети коишто имаат опасност од пробивање, но не и опасност од масовна експлозија.“

Оддел 1.3: „Супстанции и предмети коишто имаат опасност од пожар и опасност од помала експлозија или опасност од помало пробивање или и двете, но не и опасност од масовна експлозија:

(i) Чиешто согорување предизвикува значителна радијациска топлина; или

(ii) Коишто горат едно по друго, доведувајќи до помала експлозија или ефекти на пробивање или и двете."

Оддел 1.4: „Супстанции и предмети коишто претставуваат мал ризик во случај на палење или активирање во текот на превозот. Ефектите во голема мерка се поврзани со пакувањето и може да се очекува пробивање на фракции со значителна големина или опсег. Надворешен пожар не смее да предизвика моментална експлозија на целокупната содржина на пакувањето."

Оддел 1.5: „Многу интензивни супстанции коишто имаат опасност од масовна експлозија коишто се толку интензивни што постои сосема мала веројатност за активирање или премин од горење во детонација под нормални услови на превоз. Ризикот е ограничен на експлозија на еден предмет."

Оддел 1.6: „Екстремно интензивни предмети коишто немаат опасност од масовна експлозија. Предметите содржат само екстремно интензивни детонирачки супстанции и демонстрираат пренебрегliва веројатност од случајно палење или ширење. Ризикот е ограничен на експлозија на еден предмет."

Исто така, во оваа дефиниција се вклучени експлозивните или пиротехничките супстанции или препарати содржани во предмети. Во случајот на предмети кои содржат експлозивни или пиротехнички супстанции, ако количеството на содржаната супстанција или содржаниот препарат е познато, тоа количество се зема предвид за целите нас оваа Конвенција. Ако количеството не е познато, за целите на оваа Конвенција, целиот предмет се третира како експлозивен.

9 **ОПАСНИ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА:** (LC = смртоносна концентрација; EC - ефективна концентрација; IC - инхибирачка концентрација) - токсични за водените организми со долгорочни негативни ефекти во водена средина со:

(а) Акутна токсичност:

1) LC_{50} кај риби (96 часови)	1 mg/l < LC_{50} ≤ 10 mg/l, или
2) EC_{50} кај здравец (48 часови)	1 mg/l < EC_{50} ≤ 10 mg/l, или
3) IC_{50} кај алгите (72 часови)	1 mg/l < IC ≤ 10 mg/l и

(б) Разградливост: супстанцијата не е директно разградлива или log Pow (log коефициент на сооднос октанол/вода) ≥ 3,0 (освен доколку

експериментално утврдената вредност на факторот на биоконцентрација BCF≤100).

10. **ОПАСНИ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА:** (LC = смртоносна концентрација; EC - ефективна концентрација; IC - инхибирачка концентрација) - многу токсични за водените организми:

(а) Супстанции многу токсични за водените организми, со акутна токсичност:

1) LC_{50} кај риби (96 часови)	≤ 1 mg/l, или
2) EC_{50} кај здравец (48 часови)	≤1 mg/l, или
3) IC_{50} кај алгите (72 часови)	≤ 1 mg/l и

(б) Супстанции многу токсични за водените организми со долгорочни негативни ефекти во водена средина со

Разградливост: супстанцијата не е директно разградлива или log Pow (log коефициент на сооднос октанол/вода) ≥ 3,0 (освен доколку експериментално утврдената вредност на факторот на биоконцентрација BCF≤100).

(1) Акутна токсичност

1) LC_{50} кај риби (96 часови)	≤ 1 mg/l, или
2) EC_{50} кај здравец (48 часови)	≤1 mg/l, или
3) IC_{50} кај алгите (72 часови)	≤ 1 mg/l и

(2) Разградливост: супстанцијата не е директно разградлива или log Pow (log коефициент на сооднос октанол/вода) ≥ 3,0 (освен доколку експериментално утврдената вредност на факторот на биоконцентрација BCF≤100).

11. АМОНИУМ НИТРАТ (10,000): ѓубрива способни за самоодржливо распаѓање.

Ова важи за ѓубрива произведени од соединенија/мешавини на амониум-нитрат (ѓубрива од соединенија/мешавини коишто содржат амониум нитрат со фосфат и/или поташ) кај коишто содржината на азот како резултат на амониум нитратот е:

(а) меѓу 15,75% и 24,5% по тежина (15,75% и 24,5% содржина на азот по тежина како резултат на фактот што амониум нитратот соодветствува на

45% односно 70% амониум нитрат), а кои содржат најмногу 0,4% вкупно согорливи/органски материјали и ги исполнуваат барањата на соодветен тест на отпорност на детонација (пр.: тест со челична цевка од 4 инчи).

(б) 15,75% по тежина или помалку и неограничено количество согорливи материјали;

а кои се способни за самоодржливо разградување според тестот со цевка на ОН (види Обединети нации, Препораки за транспорт на опасни стоки: Прирачник за тестови и критериуми, Дел III, поддел 38.2).

12. АМОНИУМ НИТРАТ (5,000): степен на ѓубриво.

Ова важи за ѓубрива произведени директно од амониум-нитрат и за ѓубривата произведени од соединенија/мешавини на амониум-нитрат кај коишто содржината на азот како резултат на амониум нитратот е:

(а) над 24,5% по тежина, освен за мешавините на амониум-нитратот со доломит, варовник и/или калциум карбонат со чистота од најмалку 90%.

(б) над 15,75% по тежина за мешавините на амониум-нитрат и амониум сулфат;

(в) над 28% (28% содржина на азот по тежина како резултат на фактот што амониум нитратот соодветствува на 80% амониум нитрат) за мешавините на амониум-нитратот со доломит, варовник и/или калциум карбонат со чистота од најмалку 90%;

а кои ги исполнуваат барањата на соодветен тест на отпорност на детонација (пр.: тест со челична цевка од 4 инчи).

13. АМОНИУМ НИТРАТ (2,500): технички степен.

Ова важи за:

(а) Амониум-нитрат и препарати од амониум-нитрат кај коишто содржината на азот како резултат на амониум нитратот е:

(1) меѓу 24,5% и 28% по тежина и кои содржат најмногу 0,4 согорливи супстанции;

(2) над 28% по тежина и кои содржат најмногу 0,2 согорливи супстанции;

(б) водни раствори на амониум-нитрат кај кои концентрацијата на амониум-нитрат е над 80% по тежина.

14. АМОНИУМ НИТРАТ (50): ѓубрива кои не ги исполнуваат барањата на соодветен тест на отпорност на детонација (пр.: тест со челична цевка од 4 инчи).

Ова важи за:

(а) Материјал отфрлен во текот на производниот процес и за амониум-нитрат и препарати од амониум-нитрат, ѓубрива произведени директно од амониум-нитрат и за ѓубривата произведени од соединенија/мешавини на амониум-нитрат наведени во забелешките 12 и 13 кои се враќаат или се вратени од крајниот корисник на производителот, времето складирање или на постројка за преработка за преработување, рециклирање или третман за безбедно користење бидејќи истите веќе не се во согласност со спецификациите на забелешките 12 и 13;

(б) Ѓубривата наведени во забелешка 11(а) и забелешка 12 кои не ги исполнуваат барањата на соодветен тест на отпорност на детонација (пр.: тест со челична цевка од 4 инчи).

15. КАЛИУМ НИТРАТ (10,000): комбинирани ѓубрива произведени од калиум нитрат составени од калиум нитрат во дробена/зрнеста форма.

16. КАЛИУМ НИТРАТ (5,000): комбинирани ѓубрива произведени од калиум нитрат во кристална форма.

Анекс II

ПОСТАПКАТА НА ИСПИТНАТА КОМИСИЈА СОГЛАСНО СО ЧЛЕНОВИТЕ 4 и 5

1. Страната или Страните што поднесуваат барање ќе го известат секретаријатот дека доставуваат прашања до испитната комисија формирана во согласност со одредбите на овој Анекс. Во известувањето ќе биде наведен предметот на прашањето. Секретаријатот веднаш ќе ги информира Страните на оваа Конвенција за содржината на оваа достава.

2. Испитната комисија се состои од три члена. Страната што поднела барање, како и другата Страна во постапката на одговарање, ќе назначат по еден научен или технички експерт, а потоа двата експерти именувани на овој начин, со заедничка согласност ќе именуваат трет експерт, којшто ќе биде претседател на испитната комисија. Третиот експерт не смее да биде државјанин на која било од страните на постапката, ниту пак неговото место на вообичаен престој да се наоѓа на територијата на која било од страните, ниту пак да биде вработен од која било од страните во постапката, ниту пак да се занимава со случајот во кое и да е друго својство.

3. Во случај претседателот на испитната комисија да не се именува во рок од два месеца по именувањето на вториот експерт, на барање на која било страна, Извршниот секретар на Економската комисија за Европа ќе именува претседател во рок од натамошни два месеца.

4. Во случај едната од страните во постапката да не именува експерт во рок од еден месец по приемот на известувањето од страна на секретаријатот, другата страна може да го информира Извршниот секретар на Економската комисија за Европа, којшто во рок од натамошни два месеца ќе именува претседател на испитната комисија. По именувањето, претседателот на испитната комисија ќе побара од страната која што не именувала експерт тоа да го стори во рок од еден месец. Во случај Страната тоа да не го стори во тој период, претседателот за ова ќе го информира Извршниот секретар на Економската комисија за Европа, кој што ова именување ќе го изврши во рок од натамошни два месеца.

5. Испитната комисија ќе усвои сопствениот деловодник за работа.

6. Испитната комосија може да ги преземе сите соодветни мерки за потребите на реализација на своите функции

7. Страните во постапката за испитување се должни да ја овозможат и олеснат работата на испитната комисија и особено, со примена на сите средсва што им се на располагање:

(а) На испитната комисија ги доставуваат сите релевантни документи, списи и информации;

(б) По потреба, на испитната комисија ќе и овозможат да повикува сведоци или експерти и да ги прима нивните докази.

8. Страните и експертите се должни да ја заштитуваат доверливоста на сите информации што ги добиваат во доверливост, во текот на работата на испитната комисија.

9. Во случај едната од страните во испитната постапка да не се појави пред испитната комисија или да не го презентира својот случај, другата страна може од испитната комисија да побара да продолжи со постапката и да ја заврши својата работа. Отсуството на Страна или непрезентирањето од една Страна на нејзиниот случај, нема да претставуваат пречка за продолжувањето и завршувањето на работата на испитната комисија.

10. Освен доколку испитната комисија не реши поинаку поради посебните околности, трошоците на испитната комисија, вклучувајќи го и надоместокот за нејзините членови, ги сносат подеднакво од страните во истражната постапка. Испитната комисија води евиденција за сите свои трошоци и за истите доставува завршен извештај до страните.

11. Која било Страна што има интерес од фактичка природа во предметот на испитната постапка и може да биде засегната од мислење во постапка, може да интервенира во постапката со согласност од страна на испитната комисија.

12. Одлуките на испитната комисија за работите поврзани со процедурата се донесуваат со мнозинство гласови на нејзините членови. Конечното мислење на испитната комисија претставува одраз на ставот на мнозинството на нејзините членови и ги вклучува и сите спротивни мислења.

13. Испитната комисија ќе го презентира своето конечно мислење во рок од два месеца по датумот на којшто таа била формирана, освен доколку таа не заклучи дека е неопходно овој временски рок да се продолжи за период што нема да биде подолг од два месеца.

14. Конечнато мислење на испитната комисија ќе се темели врз прифатени научни принципи. Конечното мислење испитната комисија ќе им го достави на страните во испитната постапка и на секретаријатот.

Анекс III

ПОСТАПКА ВО СОГЛАСНОСТ СО ЧЛЕН 4

1. Страна на потекло може да побара консултации со друга Страна во согласност со ставовите од 2 до 5 на овој Анекс, за да се утврди дали таа Страна е засегната Страна.

2. За предложена или постојна опасна активност, за целите на обезбедување соодветни и ефективни консултации, Страната на потекло е должна да обезбеди известување на соодветни нивоа на Страна за којашто смета дека може да биде засегната Страна колку што е можно порано, а не подоцна одткако ќе ја информира сопствената јавност во врска со предложената или постојната активност. За постојните опасни активности, ваквото известување се организира најдоцна во рок од две години по влегувањето во сила на оваа Конвенција за Страна на потекло.

3. Помеѓу останатото, известувањето содржи:

(а) Информации за опасната активност, вклучувајќи ги сите достапни информации или извештаи, како што се информациите обезбедени во согласност со член 6 за нејзините потенцијални прекугранични ефекти во случај на индустриска несреќа;

(б) Наведување на разумен рок во којшто се бара одговор во согласност со став 4 на овој Анекс, имајќи ја предвид природата на активноста;

а може да ги опфати и информациите утврдени во став 6 на овој Анекс.

4. Известените Страни се должни да и одговорат на Страната на потекло во рокот наведен во известувањето, потврдувајќи го приемот на известувањето и наведувајќи дали имаат намера да учествуваат во консултацијата.

5. Во случај известената Страна да наведе дека нема намера да учествува во консултацијата, или доколку таа не одговори во рокот наведен во известувањето, се применуваат одредбите дефинирани во наредните ставови на овој Анекс. Во вакви околности не се доведува во прашање правото на Страната на потекло да одлучи дали ќе спроведе оценка и анализа врз основа на националното право и практика.

6. По приемот на одговор од известената Страна со наведена намера од нејзина страна да учествува во консултацијата, Страната на потекло и го доставува следново на известената Страна, доколку тоа веќе не го сторила:

(а) Релевантните информации во врска со динамиката на анализата, вклучувајќи го и наведувањето на динамиката за доставување забелешки:

(б) Релевантните информации за опасната активност и за нејзините прекугранични ефекти во случај на индустриска несреќа;

(в) Можноста за учество во оценката на информациите или на извештаите во кои се прикажани можните прекугранични ефекти.

7. На барање на Страната на потекло, засегнатата Страна е должна да и достави реално достапни информации за областа под надлежност на засегнатата Страна за која што постои можност да биде засегната, кога ваквите информации се неопходни за подготвување на соодветна оценка, анализа и мерки. Информациите се доставуваат веднаш и доколку е можно преку заедничко тело кога такви постои.

8. Страната на потекло до засегнатата Страна ја доставува документацијата од анализите и оценките од Анекс V, став 1 и 2, тоа непосредно или преку заедничко тело, доколку такво постои.

9. Заинтересираните Страни ја информираат јавноста во областите за кои што реално може да се очекува дека ќе бидат засегнати од опасната активност и да се погрижат на јавноста и на органите во релевантните области да им се достави документација од анализите и оценките. Страните се должни да го обезбедат за нив правото на доставување забелешки или приговори во однос на самата опасна активност и да се погрижат нивните ставови да бидат доставени до надлежниот орган на Страната на потекло непосредно до тој орган или доколку е можно, преку Страната на потекло во разумен временски период.

10. По завршувањето на документацијата од анализите и оценките, Страната на потекло без одлагање започнува консултации со засегнатата Страна, во врска со, меѓу останатото, прекуграничните ефекти од опасната активност во случај на индустриска несреќа и мерките за намалување или елиминирање на овие ефекти. Консултациите може да се однесуваат на следново:

(а) Можните алтернативи за опасната активност, вклучувајќи ја алтернативата „без никакви активности" и можните мерки за ублажување на прекуграничните ефекти на трошок на Страната на потекло;

(б) Останатите форми на можна взаемна помош за намалување на прекуграничните ефекти;

(в) Сите други соодветни прашања.

На почетокот на ваквите консултации, заинтересираните страни се согласуваат за разумен период на времетраење на консултациите. Сите вакви консултации може да се спроведат преку соодветно заедничко тело, кога такво тело постои.

11. Заинтересираните страни ќе се погрижат должно внимание да им се посвети на анализата и на оценките, како и на забелешките примени во согласност со став 9 на овој Анекс, како и на резултатот од консултациите од став 10 на овој Анекс.

12. Страната на потекло е должна да ги извести засегнатите Страни за сите одлуки во врска со активноста, како и за причините и основите на кои се засноваат истите.

13. Во случај дополнителните и релевантните информации во врска со прекуграничните ефекти на опасна активност коишто не биле достапни во моментот кога во врска со таа активност се одржувале консултации, по консултациите, таа Страна веднаш ќе ја информира другата заинтересирана Страна или страни. Доколку заинтересирана страна тоа го побара, ќе се одржат повторни консултации.

Анекс IV

ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ ВО СОГЛАСНОСТ СО ЧЛЕН 6

Следниве мерки ќе може да се реализираат, зависно од националните закони и практики, од страна на Страните, надлежните органи, операторите или со заеднички напори.

1.Утврдување на општи или конкретни безбедносни цели;

2. Усвојување законски одредби или насоки во врска со безбедносните мерки и безбедносните стандарди;

3. Идентификација на опасни активности за коишто се потребни посебни превентивни мерки, што може да вклучуваат системот за издавање лиценци или овластувања;

4. Оценка на анализите на ризиците или на студиите за безбедност во однос на опасните активности и акциониот план за имплементација на неопходните мерки;

5. Доставување до надлежните органи на информациите потребни за проценка на ризиците;

6. Примена на најсоодветната технологија за спречување на индустриските несреќи и за заштита на луѓето и на животната средина;

7. За целите на спречувањето на индустриските несреќи, спроведување на соодветно образование и стручно оспособување за сите лица ангажирани во индустриските активности на терен во нормални, како и во абнормални услови;

8. Формирање на интерни раководни структури и практики наменети за примена и ефективно одржување на прописите за безбедност;

9. Мониторинг и ревизија на опасните активности и вршење на инспекции.

Анекс V

АНАЛИЗА И РЕВИЗИЈА

1. Анализата и ревизијата на опасната активност треба да се изведуваат со опфат и деталност во зависност од намената на истите.

2. За целите на соодветните членови, табелата во наредниот текст ги илустрира прашањата што треба да се разгледуваат при анализата и ревизијата, за наведените цели:

Цел на анализата	Прашања што треба да се разгледуваат:
Планирање за вонредна состојба од член 8	(1) Количества и својства на опасните супстанции на локацијата; (2) Куси описни сценарија за репрезентативен примерок на индустриски несреќи што може да произлезат од опасната активност, вклучувајќи посочување на веројатноста на секое од нив; (3) За секое сценарио : (а) Приближното ослободено колочество (б) Степенот и сериозноста на последиците што би резултирале за луѓето и за животната средина во поволни и неповолни услови, вклучувајќи го опсегот на опасните зони што би резултирале; (в) Динамиката со која индустриската несреќа би можела да се развие од почетниот настан; (г) Сите активности што би можеле да се преземат за да се сведе на минимум веројатноста од ескалација; (4) Големината и распоредот на населението во непосредната околина, вклучувајќи можна голема потенцијална концентрација на луѓе во опасната зона; (5) Возраста, подвижноста и подложноста на ризици на тоа население.
Одлучување во врска со лоцирањето од член 7	Покрај ставовите од (1) до (5) погоре: (6) Сериозноста на штетата нанесена на луѓето и на животната средина, зависно од природата и околностите на испуштањето; (7) Одалеченоста помеѓу локацијата на опасната активност, на која што може да се очекува да дојде до штетни последици за луѓето и животната средина во случај на индустриска несреќа; (8) Истите информации, не само за тековната ситуација, туку и за планираните или реално

	предвидливи идни настани
Информирање на јавноста, од член 9	Покрај ставовите од (1) до (4) погоре: (9) Луѓето што можат да бидат засегнати од индустриска несреќа.
Превентивни мерки, од Член 6	Покрај ставовите од (4) до (9) погоре, за превентивните мерки ќе бидат потребни подетални верзии на описите и оценките пропишани во ставовите од (1) до (3) погоре Покрај тие описи и оценки, треба да се опфатат и следниве аспекти: (10) Условите под кои што се ракува со опасните материјали, и нивни количества; (11) Листа на сценарија за видовите индустриски несреќи со сериозни ефекти,која ќе вклучува примери на целиот опсег на големина на појавата и можноста за ефекти од соседните активности; (12) За секое сценарио, опис на настаните што би можеле да иницираат индустриска несреќа и на чекорите преку кои што истата би можела да ескалира; (13) Оценка, барем општа, за веројатноста на секој настанат чекор, имајќи ги предвид мерките од (14); (14) Опис на превентивните мерки од аспект на опрема и постапки за сведување на минимум на веројатноста за секој можен чекор; (15) Оценка на ефектите што би можеле да ги имаат отстапувањата од нормалните услови на работа и соодветни мерки за безбедно затворање на опасната активност или на нејзин дел во вонредна состојба и на потребата за стручно оспособување на кадар за да се обезбеди навремено препознавање на потенцијално сериозните отстапувања и преземање соодветни активности; 16) Оценка на степенот до којшто измените, поправките и одржувањето кај опасната активност би можеле да ги узложат на ризик мерките на контрола, и соодветни мерки за гарантирање на одржувањето на таа контрола

Анекс VI

ОДЛУЧУВАЊЕТО ВО ВРСКА СО ЛОЦИРАЊЕТО ОД ЧЛЕН 7

Во наредниов текст се илустрирани прашањата што би можеле да се разгледуваат и имаат предвид согласно со член 7:

1. Резултатите од анализата и оценката на ризиците, вклучувајќи ја и оценката согласно со Анекс V на физичките карактеристики на областа во која што се планира опасната актиност;

2. Резултатите од консултациите и од процесите на учество на јавноста;

3. Анализата на зголемувањето или опаѓањето на ризикот, како последица од нов настан на територијата на засегнатата Страна, во однос на постојната опасна активност на територијата на Страната на потекло;

4. Оценката на ризиците за животната средина, вклучувајќи ги прекуграничните ефекти;

5. Оценката на новите опасни активности што би можеле да претставуваат извор на ризик;

6. Разгледување на лоцирањето нови опасни активности и позначајните измени на постојните опасни активности на безбедна оддалеченост од постојните населени центри, како и воспоставувањето на безбедносна област околу опасните активности; во рамките на овие области, треба внимателно да се испитаат новите настани што би можеле да го зголемат бројот на население изложено на ризик, или на друг начин да ја зголемат сериозноста на ризикот.

Анекс VII

МЕРКИ ЗА ПОДГОТВЕНОСТ ЗА ВОНРЕДНИ СОСТОЈБИ ВО СОГЛАСНОСТ СО ЧЛЕН 8

1. Сите планови за непредвидени ситуации на локацијата и надвор од неа треба да се координираат за да се обезбеди сеопфатна и ефикасна реакција на индустриски несреќи.

2. Плановите за непредвидени ситуации ќе треба да ги содржат активностите неопходни за локализирање на вонредните состојби и за спречување или сведување на минимумна нивните прекугранични ефекти. Овие планови, исто така, треба да содржат и мерки за евакуација, други акции за заштита и спасување и здраствени услуги.

3. Плановите за непредвидени ситуации треба на персоналот на локацијата, на луѓето што би можеле да бидат засегнати надвор од локацијата и на спасувачките сили да им дадат детали за техничките и организационите постапки што се соодветни за реакција во случај на индустриска несреќа што би можела да има прекугранични ефекти и да ги спречат и да ги сведат на минимум ефектите врз луѓето и животната средина, на локацијата и надвор од неа.

4. Плановите за непредвидени ситуации на локацијата би можеле да го содржат и следново:

(а) Организационите улоги и одговорностите на локацијата за справување со вонредната состојба;

(б) Опис на активностите што би можеле да се преземат во случај на индустриска несреќа за да се контролира условот или настанот, или пак детали за тоа каде може да се најде ваков опис;

(в) Опис на достапната опрема и ресурси;

(г) Мерки за обезбедување навремено предупредување за индустриските несреќи до јавниот орган надлежен за реагирање при вонредни состојби надвор од локацијата, вклучувајќи го и видот на информации што би можеле да бидат вклучени во првичното предупредување и мерките за обезбедување подетални информации кога истите ќе станат достапни;

(д) Мерки за стручно оспособување на кадарот за должностите што од нив се очекува да ги исполнуваат.

5. Плановите за непредвидени ситуации надвор од локацијата би можеле да го содржат и следново:

(а) Организациони улоги и задолженија надвор од локацијата за справување со вонредна состојба, вклучувајќи го и начинот на којшто треба да се оствари интегрирањето со плановите за локацијата;

(б) Методи и постапки што треба да ги почитува персоналот ангажиран на итни и медицински задачи;

(в) Методи за брзо управување со засегнатата област;

(г) Мерки за да се обезбеди засегнатите или потенцијално засегнатите Страни да бидат брзо известени за индустриската несреќа и таа врска да се одржува и понатаму;

(д) Идентификација на ресурсите неопходни за имплементација на планот и мерките за координација;

(ѓ) Мерките за обезбедување информации до јавноста, вклучувајќи ги по потреба и мерките за интензивирање и повторување на информирањето за јавноста, во согласност со член 9;

(е) Мерки за стручно оспособување и вежби.

6. Плановите за непредвидени ситуации би можеле да содржат и мерки за: третирање, прибирање, расчистување, складирање; отстранување и безбедно депонирање на опасни супстанции и контаминиран материјал, и за реставрација.

Анекс VIII
ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА ВО СОГЛАСНОСТ СО ЧЛЕН 9

1. Името на компанијата, адресата на опасната активност и идентификација на функцијата што ја има лицето што ги дава информациите;

2. Едноставно објаснување на опасната активност, вклучувајќи ги и ризиците;

3. Најчестите називи или генеричките називи или општата класификација по опасност на супстанциите и препаратите што се инволвирани во опасната активност, со наведување на нивните основни опасни карактеристики;

4. Општите информации што се резултат на оценката на влијанието врз животната средина, доколку ваквите информации се достапни и релевантни;

5. Општите информации во врска со природата на индустриската несреќа што би можела да настане во текот на индустриската активност, вклучувајќи ги и нејзините потенцијални ефекти врз населението и животната средина.

6. Соодветни информации за начинот на којшто засегнатото население ќе биде предупредено и постојано информирано во случај на индустриска несреќа.

7. Соодветни информации за активностите што би требало да ги преземе засегнатото население и за начинот на којшто тие ќе треба да се однесуваат во случај на индустриска несреќа;

8. Соодветни информации за реализираните мерки во врска со опасната активност, вклучувајќи ги и прекуграничните ефекти од индустриската несреќа.

9. Општите информации за планот за непредвидени ситуации на службите за вонредни состојби, за локацијата и надвор од неа, за целите на справување со последиците надвор од локацијата, вклучувајќи ги прекуграничните ефекти од индустриската несреќа;

10. Општите информации за посебните услови на кои што подлежи опасната активност според релевантните национални одредби, вклучувајќи ги и системите за издавање дозволи или овластувања.

11. Детали за тоа каде можат да се добијат дополнителни релевантни информации.

Анекс IX

СИСТЕМИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ИНДУСТРИСКИ НЕСРЕЌИ ВО СОГЛАСНОСТ СО ЧЛЕН 10

1. Со системите за известување за индустриски несреќи се овозможува најбрзиот можен пренос на податоци и прогнози според претходно утврдените шифри со примена на компатибилни системи за пренос и обработка на податоците за целите на предупредување и реакција во вонредни состојби, а претставуваат и основа за мерките за сведување на минимум и ублажување на прекуграничните ефекти, имајќи ги предвид различните потреби на различни нивоа.

2. Известувањето за индустриски несреќи содржи:

(а) Видот и обемот на индустриската активност, инволвираните опасни супстанции (доколку се познати) и сериозноста на можните ефекти од несреќата;

(б) Времето на појавување и прецизната локација на несреќата;

(в) Сите други информации што се [illegible] за ефикасна реакција на индустриската несрека.

3. Известувањето за индустриската несрека се дополнува (на соодветни интервали или секогаш кога за тоа ќе има потреба) со натамошни релевантни информации за развојот на ситуацијата во врска со прекуграничните ефекти.

4. Ќе бидат преземени редовни тестови и прегледи на ефективноста на системите за известувањето за индустриски несреќи, вклучувајќи ги редовните обуки на инволвираниот персонал. Кога тоа е соодветно, ваквите тестови, прегледи и обуки ќе се изведуваат заеднички.

Анекс X

ВЗАЕМНА ПОМОШ
ВО СОГЛАСНОСТ СО ЧЛЕН 12

1. Општото управување, контролирање, координирање и надзорот на помошта претставува одговорност на Страната што бара помош. Персоналот инволвиран во операцијата на давање помош е должен да постапува согласно со релевантните закони на Страната што бара помош. Соодветните надлежни органи на Страната што бара помош се должни да соработуваат со надлежниот орган назначен од Страната што ја дава помошта во согласност со член 17, како овластена за непосреден оперативен надзор врз персоналот и опремата што ги обезбедува Страната што ја дава помошта.

2. Страната што бара помош во рамките на своите можности обезбедува локални капацитети и услуги за соодветно и ефикасно доставување на помошта и се погрижи за заштита на персоналот, опремата и материјалите што за таа цел ќе се внесат на нејзина територија од страна или од име на Страната што ја дава помошта.

3. Освен доколку не се постигне поинаква согласност помеѓу заинтересираните Страни, помошта се обезбедува на трошок на Страната што бара помош. Страната што дава помош може во кое било време делумно или целосно да се откаже од надоместувањето на трошоците.

4. Страната што бара помош е должна да стори сé што е во нејзина моќ на Страната што ја дава помошта и на лицата што делуваат од нејзино име да им ги обезбеди привилегиите, имунитетите или капацитетите што се неоходни за ефикасно извршување на нивните функции поврзани со помошта. Од Страната што бара помош нема да се бара да ја применува оваа одредба за своите државјани или за лицата што имаат постојано место на престој во нејзината земја или да им ги доделува гореспоменатите привелегии и имунитети.

5. На барање на Страната што бара или дава помош, секоја Страна настојува да го овозможи транзитот низ нејзината територија, на прописно известениот персонал, опремата и имот инволвирани во помошта до и од Страната што бара помош.

6. Страната што бара помош е должна да го олесни влегувањето и престојот на нејзината територија и заминувањето од истата за прописно известениот персонал и на опремата и имотот инволвирани во помошта.

7. Во однос на активноста што непосредно резултираат од обезбедената помош, а во случај на смрт или повреда на лица, оштетување или загуба на имот, или штета нанесена на животната средина во рамките на нејзината територија во текот на обезбедувањето на бараната помош, Страната што бара помош е должна да ја заштитува и обесштети Страната што дава помош или лицата што делуваат од нејзино име и да им компензира за смртта или повредата на лицата што делуваат од нејзиното име и за загубата или оштетувањето на опремата или на друг имот инволвирани во помошта. Страната што бара помош е одговорна за решавање на жалбите од трети страни во однос на Страната што ја дава помошта или во однос на лицата што делуваат од нејзино име.

8. Заинтересираните Страни се должни тесно да соработуваат за да го олеснат решавањето на правни спорови и жалби што би можеле да резултираат од операциите на давање помош.

9 Која било Страна може да побара помош во врска со лекувањето или времето сместување на лицата инволвирани во индустриска несреќа, на територијата на друга Страна.

10. Засегнатата Страна или Страната што бара помош може во секој момент, по соодветни консултации и известување, да побара прекинување на помошта примена или обезбедена согласно со оваа Конвенција. Откако ќе се поднесе вакво барање, заинтересираните Страни меѓусебно се консултираат со цел да се реализираат соодветни мерки за прописно прекинување на помошта.

Анекс XI

РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ ВО СОГЛАСНОСТ СО ЧЛЕН 15

Информациите ги содржат следниве елементи, што исто така можат да претставуваат предмет на мултилатерална и билатерална соработка:

(а) Законодавни и административни мерки, политики, цели и приоритети за спречување, подготвеност и реакција, научни активности и технички мерки за намалување на ризикот од индустриски несреќи од опасни активности, вклучувајќи го и ублажувањето на прекуграничните ефекти;

(б) Мерки и планови за непредвидени ситуации на соодветно ниво што ги засегаат останатите Страни;

(в) Програми за мониторинг, планирање, истражување и развој, вклучувајќи ги и нивнита имплементација и надзор;

(г) Преземени мерки во врска со спречувањето на индустриските несреќи, подготвувањето за нив и реакцијата на истите;

(д) Искуства со индустриски несреќи и соработка како одговор на индустриските несреќи со прекугранични ефекти;

(ѓ) Развивањето и примената на најдобрите можни технологии за подобра заштита на животната средина и безбедност;

(е) Подготвеност за вонредни состојби о реакција на истите;

(ж) Методи што се применуваат за предвидување на ризиците, вклучувајќи ги и критериумите за следење на прекуграничните ефекти.

Анекс XII

ЗАДАЧИ ЗА ВЗАЕМНА ПОМОШ ВО СОГЛАСНОСТ СО ЧЛЕН 18, СТАВ 4

1. Собирање и објавување на информации и податоци

(а) Воспоставување и работа на систем за известување за индустриски несреќи што може да обезбеди информации за индустриски несреќи и за експертите на ова поле, за експертите да можат да се ангажираат што е можно побргу во обезбедувањето на помошта;

(б) Воспоставување и работа на банка на податоци за прием, обработка и дистрибуција на неопходните информации за индустриските несреќи, вклучувајќи ги и ефектите од истите, како и за применуваните мерки и нивната ефективност;

(в) Изготвување и редовно ажурирање листа на опасни супстанции (заедно со нивните релевантни карактеристики) и на информациите за начинот за ракување со истите во случај на индустриска несреќа;

(г) Воспоставување и редовно ажурирање на регистар на експерти што можат да обезбедат консултативна и друга помош во однос на мерките за спречување, подготвување и реакција на индустриските несреќи, вклучувајќи ги и мерките за обнова;

(д) Редовно ажуриање на листата на опасни активности;

(ѓ) Изготвување и редовно ажурирање на листата на опасни супстанции утврдени со одредбите од Анекс I, Дел I.

2. Истражувања, стручно оспособување и методологии

(а) Изготвување и обезбедување модели врз основа на искуствата од индустриски несреќи и сценарија за мерките на спречување, подготвеност за индустриските несреќи и реакцијата на нив;

(б) Унапредување на образованието и стручното оспособување, организирање меѓународни симпозиуми и унапредување на соработката на полето на истражувањата и развојот.

3. Техничка помош

(а) Извршување советодавни функции наменети за зголемување на способноста за примена на мерките за спречување на индустриските несреќи, подготвеност за нив и реакцијата на истите;

(б) На барање на Страна, преземање на инспекции за нејзините опасни активности и давање помош во организирањето на нејзините национални инспекции согласно со условите на оваа Конвенција.

4. Помош во случај на вонредна состојба

На барање на Страна, обезбедување помош по пат на, меѓу останатото, испраќање експерти на терен, на местото на индустриската несреќа, за обезбедување консултативна и друга помош како одговор на индустриска несреќа.

Анекс XIII

АРБИТРАЖА

1. Страната или Страните што поднесуваат жалба се должни да го известат секретаријатот дека Страните се договориле да го достават спорот за арбитража во согласност со член 21, став 2 на оваа Конвенција. Во известувањето се наведува предметот на арбитража и посебните членови на оваа Конвенција чиешто толкување или примена се спорни. Секретаријатот добиените информации ги проследува до сите Страни на оваа Конвенција.

2. Арбитражниот трибунал се состои од три члена. Страната или Страните што поднесуваат жалба и другата Страна именуваат по еден арбитар, по што двата арбитри назначени на овој начин, со заедничка согласност именуваат трет арбитар, кој ќе биде претседател на арбитражниот трибунал. Третиот арбитар не смее да биде државјанин на која било од страните во спорот, ниту да има место на постојан престој на територијата на која било од страните во спорот, ниту да биде вработен од која било од страните во спорот, ниту смее да има претходна врска со случајот, во какво било својство

3. Во случај претседателот на арбитражниот трибунал да не биде назначен во рок од два месеца по именувањето на вториот арбитар, а на барање на страна во спорот, Извршниот секретар на Економската комисија за Европа ќе го именува претседателот во период од дополнителни два месеца.

4. Доколку една од страните во спорот не назначи арбитар во рок од два месеца по приемот на барањето, другата страна во спорот може за тоа да го информира Извршниот секретар на Економската комисија за Европа, кој што ќе го именува претседателот на арбитражниот трибунал во рок од дополнителни два месеца. По именувањето, претседателот на арбитражниот трибунал ќе побара од страната што нема именувано свој арбитар, тоа да го стори во рок од два месеца. Во случај тоа да не биде сторено во рок од два месеца, претседателот е должен да го информира Извршниот секретар на Економската комисија за Европа, којшто ова именување ќе го реализира во рок од дополнителни два месеца.

5. Арбитражниот суд својата одлука ја донесува во согласност со меѓународното право и со одредбите на оваа Конвенција.

6. Секој арбитражен трибунал конституиран во согласност со одредбите на оваа Конвенција е должен да изготви свој деловник за работа.

7. Одлуките на арбитражниот трибунал за постапката, како и за суштината, се донесуваат со мнозинство гласови на неговите членови.

8. Трибуналот може да ги преземе сите соодветни мерки за утврдување на фактите.

9. Страните во спорот се должни да ја овозможат работата на арбитражниот трибунал; посебно, со примена на сите средства што им се на располагање, тие:

(а) на трибуналот ќе му ги обезбедат сите релевантни документи, капацитети и информации;

(б) по потреба, на трибуналот ќе му овозможат да поканува сведоци или експерти и да ги прима нивните докази.

10. Страните во спорот и арбитрите се должни да ја штитат доверливоста на сите информации што ќе ги примат како доверливи во текот на постапките на арбитражниот трибунал.

11. На барање на една од страните во спорот, арбитражниот суд може да препорача времени мерки за заштита.

12. Во случај една од страните во спорот да не се појави пред арбитражниот трибунал или не го одбрани својот случај, другата страна во спорот може да побара трибуналот да продолжи со постапката и да ја донесе својата конечна одлука. Отсуството на една страна во спорот или небранењето од една страна во спорот на својот случај, нема да претставува пречка за постапката.

13. Арбитражниот трибунал може да ги сослуша и да одлучи за противничките побарувања што ќе произлезат од предметот на спорот.

14. Освен доколку арбитражниот трибунал не одлучи поинаку поради конкретните околности на случајот, трошоците на трибуналот, вклучувајќи го и плаќањето на неговите членови, ги сносат подеднакво страните во спорот. Трибуналот води евиденција за сите свои трошоци и до страните во спорот доставува финална пресметка) за сите трошоци.

15. Страна на оваа Конвенција што има интерес од правна природа во предметот на спорот и што би можела да биде засегната со одлуката во случајот, може да интервенира во постапката со согласност од страна на трибуналот.

16. Арбитражниот трибунал својата пресуда ќе ја донесе во рок од пет месеца од датумот на кој е формиран, освен доколку не заклучи дека е

неопходно овој временски рок да се продолжи за период што не треба да биде подолг од пет месеци.

17. Пресудата на арбитражниот трибунал ќе биде придружена со изјава за причините. Таа е конечна и обврзувачка за сите страни во спорот. Пресудата секретаријатот ќе им ја достави на сите страни во спорот и на сите Страни на оваа Конвенција.

18. Спор што може да произлезе помеѓу Страните во врска со толкувањето или спроведувањето на пресудата, може да се достави од која било страна до арбитражниот трибунал што ја донел таа пресуда или, доколку тоа не е остварливо, арбитражен трибунал формиран за оваа цел на ист начин како и првиот арбитражен трибунал.

Член 3

Министерството за животна средина и просторно планирање се определува како надлежен орган на државната управа што ќе се грижи за извршување на овој закон.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

_____

L I G J
PËR RATIFIKIMIN E KONVENTËS PËR PASOJAT JASHTËKUFITARE NGA FATKEQËSITË INDUSTRIALE

Neni 1

Ratifikohet Konventa për pasojat jashtëkufitare nga fatkeqësitë industriale, e miratuar në Helsinki më 17 mars 1992, e cila është në fuqi nga 19 prilli 2000.

Neni 2

Konventa në origjinal në gjuhën angleze me përkthim në gjuhën maqedonase, është si vijon:

Neni 3

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor përcaktohet si organ kompetent i administratës shtetërore, që do të kujdeset për zbatimin e këtij ligji.

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-55 12 400.
Телефакс: +389-2-55 12 401.
Претплатата за 2010 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2010019